**МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО**

**Академик Владо Камбовски**
**Проф. д-р Гордана Лажетиќ**
**Проф. д-р Лазар Нанев**
**Проф. д-р Александра Груевска-Дракулевски**
**Д-р Крсте Маљановски**
**Д-р Елена Мујоска Трпевска**

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО УСТАНОВИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ ДЕЦА ВО РИЗИК И ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, 2018 година**

**Издавач**
МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје

**Автори**
Академик Владо Камбовски
Проф. д-р Гордана Лажетиќ
Проф. д-р Лазар Нанев
Проф. д-р Александра Груевска-Дракулевски
Д-р Крсте Маљановски
Д-р Елена Мујоска Трпевска

**Уредници**
Академик Владо Камбовски
Проф. д-р Љупчо Арнаудовски
Проф. д-р Гордана Лажетиќ

**Лектура**
Весна Костоска

**Дизајн на корица и техичка подготовка**
Костадин Батев

**Печати:**
СТОБИ ТРЕЈД дооел

**Тираж:** 200

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот: *Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија*, финансирана од Цивика Мобилитас – проект на Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СПУ.

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

**СОДРЖИНА:**

**I. ВОВЕД……………………………………………………….......11**

**ПРВ ДЕЛ..…………………………………………………….........17**

**I. АНАЛИЗА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ**

**1. Значењето на меѓународните норми и стандарди за заштита на децата………………………………..………………....17**

**2. Документи на ООН……………………………………………....19**

**3. Документи на СЕ…………………………………………….…...28**

**4. Правата на децата во ЕУ регулативата…………………....32**

**II. КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД – САНКЦИИТЕ СПРЕМА ДЕЦА И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ…...34**

**1. БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА……………………….........34**

**1.1. Законска рамка и терминолошко определување**

**1.2. Видови мерки спрема малолетниците**

**1.3. Извршување на воспитните мерки**

**1.4. Видови установи за малолетници**

**2. СРБИЈА…………………………………………………...48**

**2.1. Законска рамка**

**2.2. Видови воспитни мерки и начин на нивно извршување**

**2.3. Установи за социјална заштита и за извршување кривични санкции спрема малолетници**

**3. ХРВАТСКА………………………..…………………...53**

**3.1. Законска рамка**

**3.2. Видови воспитни мерки**

**3.3. Видови установи за згрижување деца (деца со социјални проблеми и воспитни мерки спрема малолетници)**

**4. ЦРНА ГОРА……………………..………………………64**

**4.1. Законска рамка**

**4.2. Извршување на воспитните мерки**

**4.3. Видови установи за деца и малолетници**

**ВТОР ДЕЛ…………………………………………………………………....71**

**I. САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА И УСТАНОВИ ЗА НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1. Правна рамка………………………………………………………...71**
**2. Терминолошко определување на категориите деца и други лица……………………………………………………………....73**
**3. Видови мерки и санкции спрема деца…………………….....79**
**4. Облици на грижа и заштита на децата……………………......93**
**4.1. Институционален третман**
**4.1.1. Основни карактеристики на институционалниот третман**
**4.1.2. Облици на институционални санкции спрема децата**
**4.1.2.1. КПУ Затвор Охрид**
**4.1.2.2. ВПД Тетово**
**4.1.2.3. ЈУ за деца со воспитно-социјални проблеми и со нарушено поведение**
**4.2. Малите групни домови како облик на социјална заштита**
**4.3. Деинституционален третман**
**4.3.1. Карактеристики и цели на деинституционализацијата**
**4.3.2. Згрижувачките семејства како облик на деинституционален третман на деца**

**ТРЕТ ДЕЛ……………………………………………………………......125**
**I. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ**
**1. Методолошка рамка на истражувањето…………………...125**
**2. Резултати од анкета……………………………………….......127**
**2.1. КПУ Затвор Охрид**
**2.2. ВПД Тетово**
**3. Резултати од анкетирањето на психолозите……………......134**

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ……………………………………......137**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА……………………………………....143**

**АНЕКС 1 – Прашалник 1………………………………………........147**

**АНЕКС 2 – Прашалник 2…………………………………….............151**

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ВПД** | Воспитно-поправен дом |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човековите права |
| **ЗИС** | Закон за извршување на санкциите |
| **ЗПД** | Закон за правда за децата |
| **ЗПСЗСН** | Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство |
| **КЗ** | Кривичен законик на РМ |
| **КПД** | Конвенција за правата на детето |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НПМ** | Национален превентивен механизам |
| **ООН** | Организација на Обединетите нации |
| **РМ** | Република Македонија |
| **СЕ** | Совет на Европа |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |

**ПРЕДГОВОР**

Потребата од научна анализа на различните аспекти на институционалниот и вонинституционалниот третман на децата во ризик и децата во судир со законот, како и односот на македонското општество кон нив, произлезе од повеќе причини. Прво, сеопсежните опсервации доведуваат до заклучок дека оваа тематика беше сериозно занемарувана во респективните кругови во текот на еден подолг временски период. Второ, речиси и да не постои потреба да се елаборира колку условите во пенитенцијарните установи воопшто, па така и во затворите за деца, се незавидни. Станува збор за констатација која се темели не само на сведоштвата на осудениците туку и на бројните извештаи на меѓународните организации, Народниот правобранител на Република Македонија, но и бројни други релевантни домашни фактори. Трето и можеби најпоразително, критичкото проучување на законските и подзаконските норми, но и малубројните напори на државата (независно дали се говори за законодавната или извршната власт) доведе до заклучок дека постои суштествен недостаток на системски пристап во решавањето на низата проблеми во оваа сфера. Поинаку речено, надежите за подобрување на состојбите беа (и понатаму се) речиси непостоечки.

Проектот *„Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија"* се појавува токму како резултат на реченото. Спроведен од Македонското пенолошко друштво со финансиска поддршка од Цивика Мобилитас – проект на Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СПУ, тој е замислен како првична база на информации која понатаму треба да биде искористена при третирањето на поразителните состојби во македонскиот систем за правда на децата. Со други зборови, неговата аналитичка улога доведе до расветлување на околностите од една страна, како и трасирање на идните напори од друга.

Се разбира, целта на проектот е рефлектирана и на содржината на оваа публикација. Низ нејзиниот текст читателот најнапред ќе се доближи до најзначајните меѓународни документи и компаративни решенија за правда на детето, по што ќе има прилика да се запознае и со македонската правна рамка, а самиот крај е проследен со емпириско истражување и анкета. Со тоа, се надеваме, публикацијата добива свое место меѓу пресудните истражувања во адекватната област, односно ќе предизвика интерес во пошироките кругови на јавноста.

Изразуваме благодарност до Управата за извршување санкции, КПУ Затвор Охрид и ВПД Тетово, без чија готовност за соработка не би можеле успешно да ги спроведеме проектните активности.

Скопје 2018 година

**Елена Мујоска Трпевска**

Претседател на МПД

# I. ВОВЕД

Научната анализа на различните аспекти на институционалниот или вонинституционалниот третман на децата во ризик и децата во судир со законот и односот на македонското општество кон потребите за нивна заштита, грижа, помош и развој се соочува со сложен предмет на посматрање, кој сублимира неколку базични постулати.

Првиот се однесува на концептуалната рамка на барањето за создавање такви социјални, семејни, воспитни, образовни и други претпоставки за развој, грижа и заштита на децата, кои кореспондираат со општите услови за обезбедување хуман и одржлив развој на македонското општество воопшто. Општеството се возобновува и го продолжува својот развој, во прв ред, низ грижата, развојот и заштитата на децата. Како највисок и неспорен општествен интерес, заштитата и развојот на децата, младите и семејството се кренати на рамништето на основни уставно загарантирани права (УРМ, чл. 40-42). Уставните одредби го декларираат како основно човеково право правото на секое дете на обезбедување општествени услови за негов сестран развој, воспитување и образование во здрава семејна и поширока средина, што имплицира должност на државата да создаде претпоставки за остварување на тоа право.

Вториот постулат ја одредува позицијата на државата во остварувањето на нејзината должност за подигањето, грижата и развојот на младото поколение, како нејзина природна и главна функција. Таа е поврзана со самото одредување на поимот на државата, која во својата дефиниција го вклучува населението како елементарен услов за нејзиното постоење („постојано население“, уште од Конвенцијата за правата и должностите на државата од Монтевидео од 1933 година, чл. 1). Современата држава ја инкорпорира таквата социјална компонента во своите основни цели

поради предодреденоста на нејзината природа со природните и вродени права на поединецот и граѓанскиот суверенитет како извор на власта (УРМ, чл. 2: „Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните“). Врз тие основи, Република Македонија е дефинирана како социјална држава (УРМ, чл. 1). Со истакнувањето на социјалната функција на државата, покрај нејзиниот демократски карактер, Уставот ги одредува основните начела на македонската држава како модерна држава врз постулатите на хуман и инклузивен општествен развој, во кој грижата за ранливите социјални категории, меѓу нив и децата во ризик, е израз на општествената солидарност и истовремено поттик за нејзино јакнење. Солидарноста кон децата и нивните проблеми како општа грижа на општеството во целина е Диркемовата клучна претпоставка за јакнење на социјалната кохезија. Традиционалните форми на солидарност, главно семејна, се менуваат брзо со социјалните промени поттикнати од глобализацијата и се заменуваат со хумана солидарност (Habermas), која се потпира врз продлабочувањето на демократската партиципација и артикулација на етичките обврски на различни начини. Диркем зборува за органска солидарност како облик на социјална интеракција при модерната поделба на работата (Wilde, (2007), 171); Crow (2002), 23).

Третиот елемент се детските права како специјални основни човекови слободи и права. Сѐ пообемната меѓународна регулатива за правата на детето, започнувајќи од Конвенцијата за правата на детето на ОН од 1989 година, поддржана со „сет“ меѓународни стандарди, е резултат на неколку специфичности на статусот на детските права. Од една страна, потребата од нагласување на нивната заштита произлегува од сознанието дека детството и младата доба се периоди во човековиот живот во кои тој е изложен на различни загрозувања врз неговата личност и врз неговиот развој, од кои не може самиот да се заштити. Од друга страна, голем број слободи и права, покрај нивното постоење во објективна смисла, претпоставуваат и субјективна свест или чувство за сопствените вредности, што во детската доба не е развиена во потребата мера.

Субјективизирањето одделни слободи и права, особено оние што влегуваат во делот на „релативните“ или „дерогабилните“, налага претпоставен авторитет што од името на детето ќе ги застапува нив во нивното целосно значење. Таквата „објективизација“ на сите слободи и права на децата ги крева на рамништето на претпоставена категорија: за да се почитува слободата и правото на детето, не се бара тоа и да биде свесно дека ги има, туку се претпоставува дека секогаш ги има. Од претпоставката за нивното постоење во секој конкретен случај кога постојат околности што укажуваат на тоа дека им се заканува опасност од загрозување или повреда, произлегува и претпоставената должност на државата да ги заштитува во сите можни ситуации и во сите сфери на општествениот живот. Консеквенција на објективната природа на детските права е отфрлањето какво било дејство на согласноста на детето тие да бидат ограничени или повредени.

Четвртиот постулат ги опфаќа меѓународните и европските стандарди за правата на детето, кои се комплементарен дел на системот на правда за децата, заедно со меѓународните правни норми предвидени во меѓународни конвенции. Подрачјето на детската заштита е подрачје на кое се брише стриктната подвоеност меѓу правните норми и стандардите, кои како општи принципи на правото имаат правно-обврзувачко дејство. Константното унапредување на нормите и стандардите во областа на детските права и нивната заштита е најексплицитен израз на определбата на меѓународната заедница за создавање нов меѓународен правен поредок, кој, како универзална перспектива на современото општество, е фокусиран на нејзините идни креатори. Тие се средиште на новата култура на човекови слободи и права и хуман развој на општеството.

Петтиот елемент се однесува на националната политика во областа на детските права и детската заштита. Наспроти дефинирањето на политиката, воопшто како „вештина на можното“ или активност на донесување одлуки во полето на „неограничени можности“, што имплицира широка слобода на политичка активност и одлучување, политиките во однос на развојот, воспитувањето,

образованието, слободите и правата, социјалната заштита и другите аспекти на подигањето на младата генерација во општеството се предодредени со фактори што ја ограничуваат слободата на нивното креирање и донесување одлуки. Такви се, во прв ред, факторите наметнати со општите развојни политики на општеството во целина, кои имаат цел обезбедување стабилни услови за константен хуман и одржлив општествен развој (национална, економска, демографска, популациона, образовна, научнотехнолошка итн.). Сите основни развојни политики во општеството се резимирани низ заедничкиот фактор што се однесува на човечките ресурси, актуелни и перспективни, како главен развоен чинител. Социјалната политика, која ги опфаќа и сите аспекти на детската заштита, е нужен комплементарен дел на развојните политики, кои може да дадат вкупни позитивни афекти ако се следени со соодветна политика во однос на подигањето на децата, проширувањето на просторот на нивните права и нивната заштита. Оттука, државната политика во областа на детскиот развој и заштита е директно детерминирана со корпусот на универзалните норми и стандарди за правата на детето.

Шестиот е концептот на правдата за деца, како правен концепт што е во фаза на еволуција започната по донесувањето на Законот за малолетничка правда во 2007 година. На денешната фаза од неговиот развој, содржана во Законот за правда за децата од 2013 година, е постигнат одреден, сѐ уште незадоволителен напредок во инаугурирањето радикално нов пристап на општеството кон проблемите на децата во ризик и децата

во судир со законот, нивниот развој и заштитата на нивните слободи и права. Законот за правда за деца го напушта ригидниот правен пристап на третирањето на овие категории деца како категорија што треба да биде подложена на мерки на неутрализација или маргинализација со цел заштита на општеството. Неговата водечка идеја е токму спротивната идеја – дека таквите деца треба да се заштитат од негативните влијанија на општеството и неговите противречности врз нивното воспитување и правилниот развој. Поради тоа, Законот за правда за деца го преобратува односот на општеството кон децата поставувајќи цврста правна рамка на

гаранциите за нивните права, исполнета со мерки на помош, поддршка и заштита што одговараат на највисоките стандарди на социјалните, образовните и други политики. Наспроти неговата идеја водилка, целосно ориентирана кон „детската одбрана“ од негативните социјални влијанија како приоритет, во практичната примена на Законот сè уште превладува определбата за „одбрана на општеството“ од „проблематичните“ деца.

Седмиот елемент е институционалната рамка што ги вклучува и институциите во областа на правата на детето и нивната заштита, во времето кога Република Македонија поминува низ тешка политичка и државна криза. Во нејзиното средиште е кризата на институциите, чиишто причини се идентификувани и покриваат релативно широко подрачје на остварување на функциите на државата, политичкиот, економскиот и правниот систем: стагнација на економскиот раст, погрешна дистрибуција на општествените богатства и погрешни политики во трошењето на буџетските средства, системска корупција и организиран криминал, што како последица ги имаат слабеењето на вредностите и губењето на интегритетот на институциите, непочитување на начелото на владеење на правото, сеопшта незаконитост, неотчетност и неодговорност за остварувањето на државните функции и работите од јавен интерес итн. Институционалната криза се одразува најдиректно врз состојбите во институциите на правдата за деца – центрите за социјална работа, судовите за деца, институциите во кои се извршуваат мерките спрема децата, постоењето алтернативни институции итн. Маргинализацијата на институциите на детската правда се изразува низ недоволна финансиска поддршка, непополнетост и несоодветност на кадарот што работи во нив, непостоење надзор и координација, и неотчетност, неодговорност и дезавуирање на законските норми и меѓународните стандарди на правдата за децата.

Осмиот елемент е унапредувањето на современиот концепт на правда на децата со зајакнување на трендот на деинституционализација. Во својата суштина, ставањето на акцентот на вонинституционалниот третман на децата во ризик и

децата во судир со законот, наспроти институционалниот, значи прифаќање на тезата дека надминувањето на проблемите на децата треба да стане преокупација на општеството во целина. Тоа не ја намалува клучната должност и одговорност на државата и нејзините институции да го осмисли, да го поддржува, да го организира и да го контролира системот на мерки на поддршка, помош и заштита на децата надвор од институционалниот третман, кој по својата природа е поврзан со депривации од различен вид и, поради тоа, е несообразен со барањето за социјална инклузивност на децата. Таму каде што за одредени категории деца (со душевни пречки, сторители на дела со закон предвидени како тешки казнени дела итн.) останува потребата од институционален третман, тој треба да функционира врз неколку основни начела: да претставува само последно средство, кога се исцрпени сите можности за вонинституционален третман; да биде организиран како третман со доминантно превентивни компоненти и со евентуални мерки на депривација сведени на најмала нужна мера; да „имитира“ третман на слобода и да биде сообразен со највисоките универзални норми и стандарди на институционален третман.

Овие постулати ја поставуваат рамката на оваа анализа: нејзината цел, методологија и финални резултати во вид на предлози и препораки адресирани, во прв ред, до државата и до нејзините институции во областа на детската заштита.

# ПРВ ДЕЛ

## АНАЛИЗА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ

### 1. Значењето на меѓународните норми и стандарди за заштита на децата

Меѓународните документи и стандарди се есенцијална поткрепа на правците кон кои треба да се движат, целите кон кои треба да се стремат и основите врз кои треба да почиваат правната рамка и политиките во однос на изградбата на инклузивно и хумано општество што им дава втора шанса на децата со воспитни проблеми и со нарушено поведение. Само со ваквиот приод ќе се остварат правата на детето и неговите интереси, но ќе се осознаат модусите за релевантна помош и поддршка како на децата, така и на семејствата, но и на институциите. Сето ова е во контекст на приоритетната општествена цел за правилен раст и развој на децата, нивно воспитување, грижа и заштита.

Современиот концепт за правата на детето и неговата заштита е резултат на долга еволуција, предизвикана со брзите општествени промени во последните два века, што денес добиваат незамислива акцелерација. Индустријализацијата, миграциите и урбанизацијата го најавиле потиснувањето на традиционалниот модел на семејството и на воспитувањето на децата. Наместо домашното образование и воспитување, на сцената стапиле училиштата како облици на масовно образование. Исто така, развојот на науките, особено на медицината, психологијата и на психијатријата, довел до отворање нов приод кон решавањето на социјалните проблеми и конфликтните однесувања на децата. Со тоа биле создадени претпоставки за формулирање нова доктрина за социјалната држава како „parens patriae“: државата треба да преземе голем дел од товарот на грижата за развојот на децата и да развие

едукативни и други мерки на воспитување, чија цел е превенција на девијантни однесувања, грижа и заштита. Врз тие нови пристапи кон детската делинквенција, во САД се појавиле посебни судови за деца, најпрвин во Чикаго во 1899 година, а потоа и во другите американски држави (во 1910 година, такви судови, некаде како судови за деца, семејни судови итн., постоеле во триесет и пет американски држави, в. Rubin, 46). Тие и денес се институционална основа на системот на правда за деца во Северноамериканскиот континент и во Велика Британија.

Создавањето посебен систем на правда за децата во текот на XX век станува едно од најдинамичните подрачја на реформи во казненото право, образованието, социјалната заштита и другите области, со усвојување посебни закони за деца фокусирани на нивните права и посебен третман во случај на ризик или судир со законот.

Сумирањето на достигнатиот развој на правдата за децата во современите законодавства, посебно на нивниот институционален третман, е основа за неколку општи констатации (спореди Cavadino/Dignan, 248). Прво, наследството на концепцијата за децата делинквенти како „криминалци во мало“ и натаму е надвиснато како сенка над новите легислативни модели, колку и тие да настојуваат да се одлепат од таквиот пристап. Во повеќето законодавства е прифатено средно решение, кое главно се сведува на порадикална реформа на санкциите што му се изрекуваат на детето, поткрепени врз идејата за превенција, помош и заштита. Второ, независно од тоа дали системот на правда за деца е оформен како самостоен легислативен модел, тој и натаму е оптоварен со внатрешната спротивставеност на идејата за превенција, заштита и поправање и на идејата за ретрибуција и праведно возвраќање: потврда за тоа е решението (прифатено и во македонскиот Закон за правда за децата), според кое основи на третманот на децата во конфликт со законот се воспитните мерки, но не се исклучени и класични казни за децата на повисока возраст за потешки дела. Трето, не е надминат внатрешниот судир помеѓу моделот на „благосостојба“ (теоријата на „parens patriae“), кој влијае врз колку

што е можно поголема институционална и формална интервенција на судот и другите институции (центри за социјална работа, јавно обвинителство итн.) во решавањето на проблемите на децата, и моделот на заштита на правата на детето, кој води кон рестриктивна интервенција на државата и нејзините служби. Концептот на правда за децата, во таа смисла, е ставен на крстопат: да продолжи да се развива во правец на сè посилна „заштитничка“ улога на институциите (државата), или да оди во тој правец без да го загрози интегритетот на детето како личност што има неприкосновени слободи и права како и секој возрасен субјект на тие вредности. Оваа дилема се надминува со комплементарен пристап, кој, од една страна, ги задоволува постулатите на правдата и гаранциите за слободите и правата на детето, а од друга страна, и начелото на заштита, помош и третман (Newman, во: Juvenile Delinquency, 47). Постоењето „двоен колосек“ се надминува низ оптимален интегративен пристап што ги поврзува во единство правната основа и помошта и заштитата на детето (в. H. Kaufmann, 898). Таков е моделот на „четири Д“ (*diversion, dejuridisation, deinstitutionalization, due process*): алтернативи на формалната судска постапка, вонсудско порамнување, спогодување и помирување, избегнување институционален третман и процесни гаранции за правична постапка.

## 2. Документи на ООН

Меѓународните норми и стандарди за детската правда на најдобар начин ја сублимираат новата ориентација на методите и средствата за решавање на проблемите на децата. Корпусот на универзално признатите човекови слободи вклучува и „специјални“ права на децата, изразувајќи ја со тоа определбата за нивна посебна, засилена заштита и развој со елиминирање или потиснување на сите ризични фактори на тој развој. Фактот дека тие, од ден на ден, се намножуваат и дека различните појави, како што се наркоманијата, трговијата со деца, порнографијата, експлоатацијата или семејното и друго насилство врз децата, добиваат планетарни димензии, го

зголемува притисокот за подигнување на нивото на меѓународна регулатива и за осмислување ефикасни инструменти за нејзината примена.

Од многубројните конвенции, основно значење за системот на правда за децата има Конвенцијата за правата на детето, усвоена од Генералното собрание на ООН во 1989 година. Конвенцијата го истакнува интересот на детето како примарен во сите активности што ги преземаат јавните или приватните институции, судови или други органи; обврската на државата е заштита и грижа за детето, кои се нужни за неговиот развој, уважувајќи ги правата и должностите на родителите и другите лица што се правно одговорни за него. Државите потписнички се должни да ги почитуваат и да ги обезбедуваат правата содржани во конвенцијата на секое дете под нивна јурисдикција, без никаква дискриминација (чл. 2). Во преземањето на сите активности што се однесуваат на децата, од примарно значење се интересите на детето (чл. 3), кои се главна детерминанта во одредувањето на методите и средствата на постапување со него, инспирирани исклучително со потребата од помош и негова заштита. Во светлината на начелото на приоритет на интересот на детето, значајна е и одредбата на Конвенцијата за моделот на мерки и санкции (чл. 40): за да се обезбеди постапување со децата на начин што е во нивен интерес и што е соодветен на околностите и на стореното дело, во националните законодавства треба да се предвидат разновидни можности, како што се грижата, советувањето, надзорот, условното казнување, образованието и програмите за стручно насочување и други можности на институционална грижа.

За социјалната политика, политиката на детската заштита и правдата за децата, особено е релевантен „сетот“ меѓународни насоки, стандарди и препораки содржани во голем број меѓународни документи на ОН и други меѓународни организации. Во форма на „правила“, „принципи“ и „насоки“, тие немаат непосредно обврзувачко дејство. Нивната природа не се состои толку во поставувањето стриктни императивни или прохибитивни норми, колку што се состои во дефинирањето определени цели и

минимални стандарди за нивното остварување, со кои се влијае врз политиката на детската заштита на државата и врз изборот на најсоодветните правни решенија што се најблиску до целите што се прокламирани во нив. Како акти на Генералното собрание на ООН или на другите органи (Советот за безбедност, ЕКОСОК итн.), тие имаат претежно општо политичко значење во определувањето на универзалната правно-институционална рамка на заштитата на детските права. Степенот на нивната примена е основа за оценувањето на односот на државите кон универзалниот корпус на човековите права и кон нивните меѓународни обврски, наметнати со членството во ООН. Во последнава декада доаѓа до зголемување на значењето на овие инструменти и до промена на нивната природа: тие сè повеќе еволуираат од политички во правни документи што содржат стриктни правила во вид на императивни или прохибитивни норми (на пример, „Минималните правила за постапување со затворениците“ на ОН итн.). Поставувањето меѓународни стандарди за правда за децата има цел да ги приближи, ако не и да ги елиминира сè уште постојните разлики во националните законодавства, како и колизијата помеѓу двете начелни стојалишта за положбата на детето („parens patriae“ и моделот на правда; в. и Dünkel, 347). Во последниве декади, поточно, по усвојувањето на Конвенцијата за правата на детето, се појавува тенденцијата за поголемо почитување на правата и процесните гаранции на децата.

Најопшта основа за политиката на државата во сферата на детските права и нивната заштита претставуваат Стандардните минимални правила на ООН за правда за децата (Пекиншки правила), усвоени од Генералното собрание на ОН во 1985 година. Тие се фокусирани, во прв ред, на децата и на помладите полнолетни лица во судир со законот и се застапуваат за унифициран пристап кон одредувањето на поимите на детската делинквенција, старосните граници во одредувањето на детството и постапувањето со децата во судскиот систем. Правилата што се однесуваат на системот мерки и санкции (правило 5-9) како приоритет ги одредуваат благосостојбата на детето и принципот на

пропорционалност, според кои секогаш треба со сигурност да се утврди дека преземената мерка кон детето во судир со законот ќе биде во сооднос со околностите во кои е сторено казненото дело и состојбата на сторителот. Како главни цели на системот мерки и санкции се истакнати индивидуализацијата, социјализацијата и реинтеграцијата на детето, како и забраната за престроги мерки инспирирани со други цели (генерална превенција итн.). Принципот на пропорционалитет, за разлика од возрасните, не подразбира заслужена казна што одговара на тежината на извршеното дело, туку индивидуализирана мерка за која тежината на делото има функција на горна граница што не може да се пречекори, а под која прашањето на изборот на мерката зависи исклучиво од состојбата на личноста на детето. Од друга страна, ова правило има значење на мошне важен раководен принцип за постапката спрема деца, чијашто цел не е само утврдувањето постоење на казненото дело, туку и утврдувањето на сите околности релевантни за состојбата на личноста и за изборот на најсоодветната мерка. Тоа натаму подразбира поголеми дискрециони овластувања на судот и на другите учесници во сите фази на постапката, што истовремено претпоставува нивна специјална стручна подготовка и едукација, како и контрола врз вршењето на дискреционите овластувања со цел спречување евентуална злоупотреба (правило 6). Ваквиот карактер на постапката спрема децата уште повеќе го апострофира значењето на нивните права (правило 7). Ниеден аспект содржан во овие правила не смее да се толкува како елиминирање на примената на пропишаните стандарди за човековите права што се признати од меѓународната заедница, а се во врска со грижата и заштитата на младите (правило 9). Како ориентација за нашиот систем на правда за децата и неговиот натамошен развој, особено се значајни правилата што се однесуваат на „свртување“ на судската постапка во друга постапка (правило 11): онаму каде што дозволуваат околностите, со детето што е во судир со законот треба да се постапува без да се прибегнува кон формален судски процес. Мошне рестриктивни правила се поставени во однос на притворот во очекување на судењето, кој се применува како крајна мерка и со

најкус можен временски рок, со уважување на стандардите и гаранциите на ООН за постапување со затвореници и притворени лица и со посебно згрижување, заштита и специфична помош (социјална, образовна, стручна, психолошка, медицинска и физичка). Децата треба да се држат во притвор одделени од возрасните. Таму каде што е можно, притворот треба да се замени со алтернативни мерки, како што се строг надзор, интензивна нега или сместување во семејство или образовна институција, односно дом (правило 13). Со овие правила се определени основите на системот на санкции: покрај исклучувањето на смртната казна и физичкото казнување, определен е мошне важен критериум за примена на казната лишување од слобода. Оваа казна може да се применува во следниве случаи: ако се работи за тешко дело на насилство, за поврат, или ако кај детето нема знаци за подобрување, т.е. како казна по претходна примена на други мерки. Покрај тоа, содржината на системот на санкции за деца е определена со јасен приоритет на ресоцијализацијата и индивидуалната превенција, наспроти ретрибуцијата и генералната превенција, што имплицира барање (содржано во правилото 18) на судот да му бидат ставени на располагање голем број разновидни мерки со флексибилна примена, со цел што повеќе да се избегнува сместувањето во институција. Такви мерки се: згрижување, советување и надзор; условна казна; наредба за општокорисна работа; парични казни, компензација и надоместок на штетата; посредно рехабилитирање и слични мерки; наредби за учество во групни психолошки советувања и слични активности; наредби за сместување во семејство, домови и други образовни центри; други соодветни наредби. Основно начело во примената на ваквите алтернативни, вонинституционални мерки, е барањето детето да не се разделува од родителите, делумно или целосно, освен ако околностите на случајот не го налагаат спротивното. Наспроти приоритетната примена на вонинституционалните мерки, примената на сместување во институција е сведена на второстепена мерка, која треба да се применува во исклучителни случаи, како крајно средство и со најкус временски рок на примена (правило 19). Правилата за

ресоцијализација низ вонинституционалниот третман (правило 23-25) ги уредуваат прашањата за контролата над примената на вонинституционалните мерки и за измена на одлуките за такви мерки, како и за обезбедувањето потребна помош во сместувањето, образованието или професионалната обука, вработувањето и други видови практична помош, со цел да се олесни процесот на реинтеграција. Особено е потенцирана улогата на волонтерите, доброволните организации, локалните центри и другите служби во заедницата, кои треба да дејствуваат колку што е можно повеќе во рамките на семејството.

Во однос на институционалниот третман (правило 26-29), определени се, најпрвин, целите на ресоцијализација во институцијата: да се обезбеди згрижување, заштита, образование и стручно оспособување за да им се помогне на децата во сите области (општествената, образовната, стручната, психолошката, медицинската и физичката), со оглед на нивната возраст, полот, личноста и заради нивниот правилен психички и физички развој. Децата треба да бидат одделени од возрасните во институции наменети за деца или, пак, во посебен дел на институција за возрасни и заслужуваат посебно внимание во однос на нивните потреби и проблеми. Во интерес на нивната состојба во институцијата, родителите или старателите треба да имаат право на контакт. На децата во институциите треба да им се обезбеди соодветно академско или стручно образование (правило 26). На институционалниот третман се применуваат сите основни пропишани правила за постапувањето со затвореници, усвоени од ООН (правило 27). За условното ослободување се предвидени полиберални услови, а децата што се ослободени условно, треба да добијат помош, да бидат надгледувани од страна на надлежниот орган и да имаат целосна поддршка од заедницата (правило 28). Исто така, се препорачува примена и на други полуинституционални програми, како што се, на пример, дневни поправни домови, образовни центри и други програми од тој вид што ќе им помогнат во реинтеграцијата во општеството (правило 29).

Сумарната анализа на имплементацијата на Пекиншките правила во македонскиот систем на правда за децата упатува на две основни точки во кои тој систем е под рамништето на меѓународните стандарди: можностите на „свртување“ на судската постапка во друга, неформална постапка и системот на санкции. Овие две подрачја треба да претставуваат средишни теми на натамошниот развој на концептот на правда за децата.

На институционалниот третман на децата во судир со законот се посветени и Правилата за заштита на децата што се лишени од слобода, усвоени од Генералното собрание на ОН во 1990 година (Хавански правила), кои поаѓаат од начелото на исклучителна и ограничена примена на притворот и на казните што се состојат во лишување од слобода. Во случаите на лишување дете од слобода, исто така, начелно, се применуваат нормите и стандардите на ООН за постапување со лица лишени од слобода. Но, овие правила содржат и посебни, повисоки стандарди, што треба да бидат разработени со националните прописи за извршување на санкциите. Како домен на примена на посебните прописи е определен третманот на децата во притвор, кој може да се применува како последно средство, ако нема простор за примена на алтернативни мерки. Доколку се примени мерката притвор, судовите за деца и истражните органи ќе обезбедат најголем приоритет за колку што е можно побрза постапка за да се обезбеди најкус временски рок на притворање. Исто така, доколку е можно тоа, на децата им се обезбедува правото на работа со соодветен надоместок, продолжување на образованието или обуката, кои не може да бидат причина за продолжување на притворот. Децата имаат право да поседуваат средства за слободни активности и за рекреација. Посебни правила се пропишани за управувањето со установите за деца. Сите известувања, вклучувајќи ги законските забелешки, медицинските забелешки и забелешките за дисциплинските мерки, и сите други документи во врска со формата, содржината и деталите на третманот, се ставаат во доверливо индивидуално досие, кое се води и е достапно само за компетентни лица. По ослободувањето, досието на детето се запечатува и по одредено време се уништува.

Дете може да биде примено во установа за притвор само со валидна судска, административна или друга одлука за притворање. Деталите на оваа одлука треба веднаш да се внесат во регистарот. Ниту едно дете не смее да се задржи во која било установа без таков регистар. По приемот, треба да се води комплетна и доверлива забелешка на сите информации, како што е идентитетот на детето, причините за притворање итн. Информациите за прифаќање, за трансфер или за ослободување треба да бидат достапни без одложување на родителите и старателите или на најблиските роднини. Децата не можат да бидат самоволно преместувани од една установа во друга. Минуциозно се разработени и правилата за класификација и за третман. Така, во најкус можен рок по прифаќањето, детето се интервјуира и се подготвува психолошки и социјален извештај со кој ќе се идентификуваат релевантните фактори за одредување на специјалниот вид и степенот на грижа, како и соодветната програма, а доколку тоа го дозволува времетраењето на престојот во установата, стручниот персонал во установата подготвува писмен индивидуален план за третман. Основниот критериум за класификација е изборот на третман што најмногу одговара на особените потреби на индивидуите и заштита на нивниот физички, ментален и морален интегритет и благосостојба. Децата треба да бидат одделени од возрасните, освен ако не се работи за членови на исто семејство. Во контролирани услови, тие може да се приклучат во друштво на одбрани возрасни лица, како дел од специјална програма што е корисна за нив. Треба да се основаат отворени установи за деца, со минимални или без мерки за безбедност, наменети за помалобројна популација. Бројот на деца во затворени установи за притвор треба да биде помал за да се овозможи индивидуален третман. Установите за притвор треба да бидат децентрализирани и со големина што ќе овозможи пристап и контакт помеѓу децата и нивните семејства. Прецизирани се и условите на сместувањето. Децата што се лишени од слобода имаат право на сместување во установи и услуги што ќе ги поседуваат сите потреби за здравствена заштита и човечко достоинство. Дизајнот на установите и физичката околина треба да бидат во

согласност со ресоцијализирачката цел на третманот, со настојување да се обезбеди приватност, можност за дружење со врсници и учество во спортови, физички и слободни активности. Установите не смеат да бидат лоцирани во области каде што постојат позната здравствена или друга опасност и ризик. До рамништето на технички стандарди определени се и условите за просториите за спиење, санитарните простории, облеката, храната итн.

Посебно внимание правилата им посветуваат на образованието, стручното оспособување и работата. Така, секое дете на возраст на која му следува задолжително образование има право на тоа во согласност со неговите потреби и можности, надвор од установата, односно во училиштата, доколку е можно тоа, или, пак, во самата установа од страна на квалификувани наставници преку програми интегрирани во образовниот систем. На децата што се неписмени или имаат когнитивни проблеми или тешкотии при учењето треба да им се обезбеди правото на специјално образование. На децата што се над возраста на која има следува задолжително образование, а кои сакаат да го продолжат образованието, треба да им се дозволи да го сторат тоа и истовремено да се охрабрат во тоа, но и да се направат напори да им се обезбеди пристап до соодветните образовни програми. Дипломите или образовните сертификати доделени за време на нивниот институционален третман не смеат да содржат информации за таквиот третман. Детето има право на стручно оспособување за професии што ќе го подготват за идно вработување и треба да му се овозможи да го избере видот на работата што сака да ја извршува, по можност, работа со надоместок во локалната заедница. Интересите на децата и нивното стручно оспособување нема да бидат насочени кон создавање профит на установата или на трето лице. Дел од заработувачката на детето треба да се остави како заштеда што ќе му се предаде по ослободувањето и тоа има право на користење на таа заштеда за купување предмети за лична употреба или за обесштетување на жртвата. Со правилата се уредени и: рекреацијата, задоволувањето на религиозните потреби, медицинската грижа, известувањето во случај на болест, повреда и

смрт, контактите со пошироката заедница, физичките ограничувања и употребата на сила, дисциплинската постапка, инспекцијата и жалбите, враќањето во заедницата и персоналот на установата.

Постапувањето со деца во ризик е предмет на Правилата на ОН за превенција на малолетничката делинквенција (Ријадски правила), усвоени од Генералното собрание на ОН во 1990 година. Тие ја покриваат „претконфликтната“ фаза и содржат стандарди и мерки за заштита на деца во ситуација на „социјален ризик“, кои се состојат во различни модалитети на рана превентивна и заштитна интервенција, насочена кон семејството, образованието, заедницата и средствата за јавно информирање. Правилата содржат стандарди за спречување на детската делинквенција, кои имаат функција на помош на земјите членки во формулацијата и примената на специјализирани програми и политики, со особен акцент на помош, грижа и вклучување на заедницата. Потенцирана е, исто така, потребата од развивање национални, регионални и меѓународни приоди и стратегии за превенција. Како посебно подрачје што треба да ја активира законодавната дејност е посочено подрачјето на казненоправната заштита и на превентивни мерки во однос на децата што се напуштени, запоставени, малтретирани, изложени на злоупотреба на дрога, маргинализирани и соочени со ризик за судир со законот. Во таа смисла, тие претставуваат органска целина со Пекиншките и Хаванските правила и треба да бидат земени во сериозна опсервација на едно широко подрачје – од усвојувањето закони за заштита на децата, до организацијата на социјалните и другите служби за грижа и нивна заштита.

### 3. Документи на СЕ

Во истата насока на дефинирање нова политика на третман и заштита на правата на детето се и голем број документи на Советот на Европа, од кои најзначајни се: Општествена реакција на детската делинквенција од 1987 година (СЕ Р(87)20); Општествена реакција на детската делинквенција на млади лица од семејства на мигранти од 1989 година (СЕ Р (88)6); и Европските правила за санкции и

мерки во заедницата од 1992 година (CE P(92)16). Овие документи претставуваат натамошна разработка на нормите и стандардите содржани во конвенциите и правилата на ОН, и нивно приспособување кон специфичните состојби на државите членки на СЕ и ЕУ во смисла на поставување повисоки стандарди во однос на моделирањето и хармонизирањето на европските системи на правда за децата.

За македонскиот систем на мерки и санкции за деца, особено е релевантна резолутната дикција на Препораката Р(87)20 за социјалната реакција на детската делинквенција на Комитетот на министрите на СЕ. Поаѓајќи од определбата за посебен законски третман на децата, Препораката ги нагласува следниве барања: сите мерки спрема нив треба да имаат едукативен карактер, бидејќи се работи за лица во развој; социјалната реакција на нивната делинквенција треба да ги земе предвид личноста и специфичните потреби на детето, а специјализираниот третман треба стриктно да се заснова врз Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни документи; казнениот систем треба да биде инспириран со едукацијата и социјалната интеграција како главна цел, и колку што е можно повеќе да се откаже од мерки што се состојат во лишување од слобода; мерките спрема деца треба да се применуваат во нивната природна средина и треба да ја инволвираат и заедницата, особено на локално рамниште; на децата во конфликт со законот мора да им се обезбедат истите процесни гаранции како на возрасните. Во делот на превенцијата, Препораката содржи насоки за развивање целосна политика што ја промовира социјалната интеграција на младите, за развивање специјализирани програми на експериментална основа во школите и спортските организации за подобра интеграција на деца што имаат тешкотии на тој план и за преземање технички и други мерки за редуцирање на можностите за вршење казнени дела. Како главен правец на пробив на новите тенденции во системот на правда за децата се препорачува прифаќање на „свртувањето" на формалната судска постапка во друга, неформална, и на посредувањето (медијацијата). Таквите овластувања треба да бидат ставени во надлежност на јавниот

обвинител, со цел спречување на влегувањето на децата во системот на казнена правда, а во нив треба да бидат вклучени посебните тела за заштита на младите. Алтернативите на судската постапка претпоставуваат согласност на детето и соработка на семејството, како и уважување на правата на детето и на жртвата.

Институционалниот третман треба да биде со колку што е можно помалку ограничувања и да биде лоциран блиску до семејството. Секогаш кога е можно тоа, тој треба да се замени со алтернативни мерки од типот: пробациски надзор и помош, интензивна едукативна акција, репарација на штетата на делото и општокорисна работа. За случаите кога мора да се изрече казна лишување од слобода, се преферира системот на полуслобода и условен отпуст; судијата треба да ги образложи причините за изрекување на казната затвор; во текот на издржувањето на казната, децата мора да бидат издвоени од возрасните, програмата на ресоцијализација да се заснова врз едукативен и професионален тренинг, а да се создадат и услови за едукативна помош по ослободувањето и помош за реинтеграција на детето.

Во 2003 година, Комитетот на министрите на Советот на Европа усвои нова Препорака за новите патишта во третирањето на детската делинквенција (Rec(2003)23; в. поопширно Van Der Laan, 8), која ги изразува новите криминално-политички определби во потрагата по одговор на проблемите на нејзиниот брз пораст воопшто, а особено порастот на нејзините насилнички облици. Препораката, надоврзувајќи се на погоре изложената, дефинира неколку нови начела: одговорот на детската делинквенција треба да биде брз и конзистентен; одговорноста за делинквентното однесување треба да се прошири и на родителите на малолетникот; секогаш кога е можно, треба да се примени мерка на репарација на жртвите; мерките треба да бидат насочени кон делинквентното однесување и нивната ефикасност да биде научно утврдена. Препораката содржи и „сет„ стандарди за политиката, законодавството и практиката на правдата за децата, која треба да го уважува сознанието дека клучни институции во социјализацијата на детето се: семејството, училиштето, работното место и локалната

заедница. Како посебни категории се издвоени: повратниците, уживателите на дрога и алкохол и припадниците на малцински етнички групи, организираните групи и децата под четиринаесетгодишна возраст. Новите одговори на детската делинквенција се поставени во широк спектар мерки и активности, кои вклучуваат: алтернативи на формалното обвинение, развивање санкции во заедницата, пробација и слични мерки за тешките облици на делинквенција, пропорционалност и постапност на мерките во зависност од развојната фаза и индивидуалната одговорност на детето, инволвирање на родителите во извршувањето на мерките на надзор, примена на воспитни мерки на помлади полнолетни лица, отстранување на пречките за рехабилитација на помладите полнолетни лица и бришење на податоците за казнувањето од казнената евиденција, поставување стриктни рокови за траење на одделните фази на постапката, ограничување на притворот до шест месеци пред судењето, подготовка за реинтеграција уште со првиот ден на затворање на детето и постапност во реинтеграцијата (отворени институции, условен отпуст итн.).

Во 2008 година, Комитетот на министри на СЕ усвои Препорака CM/Rec(2008)11 за Европските правила за деца престапници, субјекти на санкции или мерки, во која се мошне подробно развиени правилата за: основните начела на системот на санкции и мерки; алтернативните санкции и мерки во заедницата; лишувањето од слобода; полицискиот притвор, апсење и процесни мерки на лишување од слобода; правната помош и процедури на поплаки, инспектирање и мониторинг над нивното извршување.

Значаен документ на СЕ за развојот на системот на правда за деца се Насоките усвоени од Комитетот на министри на СЕ за „пријателска правда за детето“ во 2010 година. Со овој документ, државите членки на СЕ се поттикнуваат доследно да ги применат сите меѓународни конвенции и други документи за правата на децата, како и насоките и препораките на ОН и другите меѓународни организации за системот на правда за децата во судир со законот, во ризик и децата жртви на казнени дела. Поимот на „пријателска

правда за детето“ се однесува на системите на правда што гарантираат почитување и ефективна примена на сите детски права на највисок можен степен, имајќи ги предвид општоприфатените начела и уважувајќи го степенот на зрелост на детето и неговото разбирање на околностите на случајот. Тоа е правда што е достижна, приспособена на возраста, брза, внимателна, приспособена и фокусирана на потребите и правата на детето, со уважување на неговите права, вклучувајќи го и правото на правична постапка, на учество и разбирање на постапката, почит кон приватниот и семејниот живот и интегритетот и достоинството на детето. Како основни начела, Насоките ги одредуваат: активното учество во постапката, најдобриот интерес на детето, почитувањето на неговото достоинство, заштитата од дискриминација и владеењето на правото. Овие начела се развиени низ поблиско истакнување на нивните елементи пред, за време на, и по судската постапка (алтернативи на судската постапка, ограничување на лишувањето од слобода, правото на одбрана, правото на детето да биде сослушано и да го изнесува своето мислење итн.).

## 2. Правата на децата во ЕУ регулативата

Во правото на ЕУ, особено по Лисабонскиот (реформски) договор, започнуваат да се појавуваат голем број унифицирани решенија што ги засегаат националните системи на правда за децата. Така, на пример, во Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2012 година за минималните стандарди за правата, помошта и заштитата на жртвите на криминал, посебни одредби (чл. 24) се посветени на положбата и заштитата на децата жртви во казнената постапка.

Непосредно на процесните гаранции за децата обвинети во рамките на системот на казнената правда се однесува Директивата (ЕС) 2016/800 на Европскиот парламент и Советот од 2016 година. Директивата има цел да се обезбедат процесни гаранции за децата до 18 години во постапката да имаат право на правична постапка, за да се спречи рецидивизмот и за да им се помогне во социјалната

реинтеграција. Директивата подробно ги развива основните процесни гаранции предвидени и во ЕКЧП и другите меѓународни документи за правата на човекот. Значењето на директивата како правен акт, кој налага хармонизација на националните законодавства на државите членки на ЕУ, е во тоа што низ тој процес директно влијае врз подигање на стандардите за процесните права на децата на повисоко рамниште во споредба со општите стандарди на единственото подрачје на „слобода, безбедност и правда“ на ЕУ.

# II. КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД – САНКЦИИТЕ СПРЕМА ДЕЦА И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ

Во рамките на прегледот ќе бидат опфатени дел од државите во регионот (претставени по азбучен ред) со оглед на истата правна традиција и систем на правда за децата што потекнува од исти корени и дозволува споредливост.

Предмет на анализа, согласно предметот на истражувањето, ќе бидат само воспитните мерки што значат престој во определена установа.

Со цел да се добие целосна слика за состојбата во државите, елаборацијата започнува со законската рамка, претставени се видовите воспитни мерки, начинот на нивното извршување и видовите установи што постојат во различните држави за извршување на воспитните мерки, но и установи за деца што се сместуваат со решение од ЦСР или од органот за старателство.

## 1. БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

### 1.1. Законска рамка и терминолошко определување

Материјата во однос на воспитните мерки е предмет на регулирање посебен закон за заштита и постапување со деца и малолетници во кривичната постапка што првин е донесен во Република Српска во 2010 година,[1] потоа во Дистриктот Брчко во 2011 година,[2] и на крајот во Федерацијата на Босна и Херцеговина во 2014 година.[3]

---

[1] Zakon o zaštiti i postupanju sa djecom i maloljetnicima u krivičnom postupku („Službeni glasnik Republike Srpske”, broj 13/10).

[2] Zakon o zaštiti i postupanju sa djecom i maloljetnicima u krivičnom postupku („Službeni glasnik Brčko Distrikta Bosne i Hercegovine”, broj 44/11).

[3] Zakon o zaštiti i postupanju sa djecom i maloljetnicima u krivičnom postupku („Službeni glasnik Federacije Bosne i Hercegovine”, broj 7/14).

На федеративно ниво, материјата во однос на малолетниците, освен со овој посебен закон, е регулирана и со следниве закони: Кривичен закон на Федерацијата Босна и Херцеговина,[4] ЗКП на Федерацијата Босна и Херцеговина,[5] Закон за извршување на санкциите на Федерацијата Босна и Херцеговина,[6] Уредба за примена на воспитни препораки спрема малолетниците,[7] Правилник за дисциплинска одговорност на малолетниците што се наоѓаат на извршување заводски воспитни мерки или издржување казна малолетнички затвор,[8] и Правилник за примената на воспитните мерки со посебни обврски спрема малолетните сторители на кривични дела.[9]

Ист легислативен приод законодавецот имал и во Република Српска и во Дистриктот Брчко.

Одредбите од Кривичниот законик на Федерацијата Босна и Херцеговина од Поглавје X, кое се однесува на Правилата за воспитни препораки, воспитни мерки и казнување на малолетници[10], се применуваат само ако со овој посебен закон не е поинаку определено.

Посебниот закон содржи одредби од материјалното казнено право, процесното казнено право и извршното казнено право, кои се однесуваат на малолетниците, и претставува своевиден кодекс на законски норми во однос на постапувањето со децата и малолетниците, како и децата жртви на кривичните дела.

Со Законот за заштита и постапување со деца и малолетници во кривичната постапка се пропишуваат посебни правила за постапување спрема деца во судир со законот, помлади полнолетни лица и деца што се жртви или сведоци, а спрема кои постапуваат

4 „Službene novine Federacije BiH", br. 36/03, 37/03, 21/04, 69/04, 18/05, 42/10, 42/11, 59/14 i 76/14.
5 „Službene novine Federacije BiH", br. 35/03, 37/03, 56/03, 78/04, 28/05, 55/06, 27/07, 53/07, 9/09, 12/10, 8/13, 59/14.
6 „Službene novine Federacije BiH", br. 44/98, 42/99, 12/09 i 42/11.
7 „Službene novine Federacije Bosne i Hercegovine", broj 11/15.
8 „Službene novine Federacije Bosne i Hercegovine", broj 11/15.
9 „Službene novine Federacije Bosne i Hercegovine", broj 11/15.
10 Krivični zakon Bosne I Hercegovine, Službeni glasnik Bosne i Hercegovine, br. 3/03, 32/03, 37/03, 54/04, 61/04, 30/05, 53/06, 55/06, 32/07, 8/10, 47/14.

судовите, обвинителството, вклучувајќи и овластени службени лица, органите на старателство, семејството, училиштето, институциите на сите нивоа на општествената заедница и други учесници. Сите тие се должни да постапуваат на начин на кој без дискриминација ќе се унапреди чувството на достоинство и лична вредност на детето, ќе се земе предвид возраста на детето, неговиот најдобар интерес, неговото право на живот, опстанокот и развојот и ќе му се овозможи согласно неговата возраст и зрелост да го изрази своето мислење за сите прашања што се однесуваат на него, а сите залагања треба да водат кон негова ресоцијализација и преземање конструктивна улога во заедницата.

Овој закон содржи повеќе дефиниции во однос на различните категории лица спрема кои се применуваат одредбите содржани во него, и тоа:

- дете е секоја личност што нема наполнето 18 години. Спрема дете што во време на извршување на кривичното дело не навршило 14 години не може да се изречат кривични санкции ниту да се применуваат какви било други мерки;
- дете во судир со законот е термин што покажува дека детето е во контакт со кривичноправниот систем во својство на осомничен, обвинет или осуден за кривично дело;
- помлад малолетник е малолетник што во време на извршување на кривичното дело имал навршено 14, а не навршил 16 години;
- постар малолетник е дете што во време на извршување на кривичното дело навршило 16, а не навршило 18-годишна возраст и спрема него може да се изрекуваат санкции и други мерки;
- помлад полнолетник е лице што навршило 18, а не навршило 21 година;
- млади во судир со законот се однесува на помлади полнолетници што се во својство на осомничени, обвинети или осудени.

Законот содржи и дефиниција за чувствителна група деца, односно ризична група деца, како деца на кои им се потребни посебен третман, активности и мерки на заштита, а во која спаѓаат децата во судир со законот, децата бездомници, децата без родители, деца со посебни потреби, како и децата на малцинствата, на мигрантите и сл.

Посебно е регулирано начелото на сразмерност, а имено, нагласувајќи ја благосостојбата на малолетникот што се наоѓа во судир со законот, при изборот и примената на пропишаните санкции и мерки, потребно е тие да се приспособат кон личните карактеристики, средината и околностите во кои живее малолетникот, а сразмерно со околностите и тежината на стореното кривично дело и уважувајќи ги правата на оштетениот.

Материјата поврзана со извршувањето на санкциите на ниво на федерација целосно е регулирана со Законот за извршување на санкциите, притворот и другите мерки (во натамошниот текст: ЗИСПМ).[11] Овој закон се применува за извршување и на санкциите изречени за кривични дела од Кривичниот закон на федерацијата БиХ. Одговорни органи за извршување на санкциите се Заводите за извршување на санкциите, притворот и другите мерки.

### 1.2. Видови мерки спрема малолетниците

Тие, по правило, се изрекуваат на малолетник што во времето на извршување на кривичното дело имал четиринаесет, но немал 16 години (помлад малолетник), односно на малолетник што во времето на извршувањето на кривичното дело имал навршено шеснаесет, но не навршил осумнаесет години (постар малолетник). Воспитните мерки се во три облици: дисциплински мерки; мерки на засилен надзор; и заводски мерки. При изборот на воспитна мерка, судот ќе ги земе предвид годините на животот на малолетникот, степенот на неговиот ментален развој, психолошките карактеристики, неговите преференции, мотивите за стореното

[11] Zakon Bosne i Hercegovine o izvršenju krivičnih sankcija, pritvora i drugih mjera, Službeni glasnik BiH, broj 22/2016.

кривично дело, претходното образование, животната средина и можностите во кои живеел, тежината на делото и дали претходно веќе му била изречена воспитна мерка или казна и други околности што може да влијаат врз изрекувањето воспитна мерка.

За потребите на ова истражување, предмет на интерес се воспитната мерка упатување во воспитен центар и видовите заводски мерки, и тоа како во однос на условите за нивно изрекување, така и во однос на начинот на нивно извршување.

***Упатување во воспитен центар*** спаѓа во мерките на предупредување и насочување, како облик на воспитна мерка. Тие може да се изречат кога не е потребно изрекување потрајни воспитни мерки за превоспитување, туку кога ќе се утврди дека постои потреба за примена на соодветни краткотрајни мерки со кои ќе се влијае врз личноста и врз однесувањето на малолетниот сторител на кривично дело. Малолетникот може да се упати во воспитен центар:

- на определен број часови во текот на денот, во траење од најмалку 14 до најмногу 30 дена;
- непрекинат престој во времетраење од 15 дена, а не повеќе од три месеци.

Малолетникот може да биде упатен во воспитниот центар на непрекинат престој во траење од најдолго еден месец само ако тој неоправдано одбива или на друг начин го попречува извршувањето на изречените посебни обврски или воспитни мерки на засилен надзор.

При изрекување на оваа воспитна мерка се внимава малолетникот да не изостане од редовната настава или работа. Престојот во воспитниот центар на малолетникот му е исполнет со активности што одговараат на неговите особини по пат на учење, корисна работа што одговара на неговите способности и интереси или други воспитни содржини насочени кон развивање на чувството на одговорност.

При изрекувањето на оваа воспитна мерка, судот може да изрече и некоја од воспитните мерки на засилен надзор.

**Заводските мерки** се изрекуваат во случај кога ќе се оцени дека на малолетникот треба да му се наметнат повеќе трајни мерки за воспитување или третман со целосно отстранување од околината во која тој се наоѓа. Овие мерки не може да траат подолго од пет години.

Постојат три вида заводски мерки:

- ***упатување во воспитна установа*** – се изрекува со цел да се обезбеди континуиран надзор од страна на професионални едукатори во установа за воспитување малолетници, и тоа најмалку шест месеци, а најмногу две години, при што судот при изрекувањето не го утврдува нејзиното траење, туку тоа зависи од ефектите што ќе се постигнат со оваа мерка, а судот на секои шест месеци е должен да проверува дали има основи да се прекине натамошното извршување на оваа мерка или таа да се замени со некоја друга;

- ***упатување во воспитно-поправен дом*** – во случај кога кон малолетникот треба да се применуваат засилени мерки за воспитување, при што судот особено ги зема предвид поранешниот живот на малолетникот, тежината и природата на кривичното дело и околноста за тоа дали на малолетникот претходно му биле изрекувани воспитни мерки или казна малолетнички затвор. Во воспитно-поправниот дом малолетникот останува во период од најмалку една до најдолго пет години, при што судот при изрекувањето не го утврдува нејзиното траење, туку тоа зависи од ефектите што ќе се постигнат со оваа мерка, а судот на секои шест месеци е должен да проверува дали има основи да се прекине натамошното извршување на оваа мерка или таа да се замени со некоја друга;

- ***упатување во установа за лекување и оспособување*** – се упатува малолетник со нарушен психички или физички

развој и во оваа установа малолетникот останува додека е тоа потребно за негово лекување и чување или оспособување, но не подолго од три години, а судот на секои три месеци испитува дали постојат основи за престанок на мерката или нејзина замена со друга мерка. Ако во текот на извршување на мерката, лицето стане полнолетно, повторно се испитува потребата за неговото натамошно задржување во оваа установа, а кога ќе наврши 23 години, извршувањето на мерката се продолжува во установа каде што се извршуваат мерките на безбедност.

Воспитните мерки може да им се изречат и на *помлади полнолетници* што делото го сториле како малолетни, а во времето на судењето не навршиле 21 година. Спрема овие лица судот може да наметне соодветна институционална воспитна мерка ако, со оглед на личноста и околностите под кои е сторено делото, може да се очекува дека воспитната мерка ќе ја постигне целта поради која е изречена. Изречената воспитна мерка може да трае сè додека сторителот не наврши 23 години.

### 1.3. Извршување на воспитните мерки

Во однос на малолетниците и помладите полнолетни лица, Законот за извршување на санкциите, притворот и другите мерки го регулира извршувањето на воспитните мерки спрема малолетниците (чл. 250-254).

Во однос на извршувањето на воспитните мерки, ЗИСПМ пропишува дека целта на воспитните мерки е преку давање заштита, помош и надзор над малолетните сторители на кривичните во најголема можна мера треба да се обезбеди нивно воспитание, превоспитание и правилен развој, а кога е потребно тоа, да се спречат во вршењето кривични дела. Постапувањето мора да се приспособи на возраста на малолетникот и на личните својства, а се применуваат педагошки, андрогошки и психолошки принципи во

текот на извршувањето на воспитните мерки. Надзор над извршувањето на мерките врши Министерството за правда.

Детални одредби во однос на извршувањето на воспитните мерки се содржани во Законот за заштита и постапување со деца и малолетници во кривичната постапка.

*Упатување во воспитен центар* – се извршува во воспитен центар, во местото на живеалиште или престојувалиште на малолетникот во времето кога станала извршна одлуката со која е изречена мерката. Во случај кога со воспитната мерка упатување во воспитен центар судот изрекол и некоја мерка на засилен надзор или ако малолетникот е упатен во воспитниот центар на непрекинат престој, оваа воспитна мерка се извршува во соработка со органот за старателство што го следи извршувањето на воспитната мерка на засилен надзор, односно мерките на посебни обврски.

Кога малолетникот е упатен во воспитниот центар на определен број часови во текот на денот, мерката се извршува во периодот меѓу 8 и 20 часот во слободното време на малолетникот, усогласено со училишните, односно работните обврски.

Кога малолетникот е упатен во воспитниот центар на непрекинат престој во времетраење од 15 дена, а не повеќе од три месеци, му се обезбедува сместување и храна.

Секогаш кога малолетникот го попречува извршувањето на оваа мерка, центарот е должен во рок од 76 часа да го извести надлежниот суд со цел преземање потребни мерки.

***Упатувањето во воспитна установа*** се извршува во установи што овозможуваат сместување и остварување воспитни, здравствени, образовни, спортски и други развојни потреби на малолетникот. Кога мерката упатување во воспитна установа е изречена на малолетник од машки пол, таа се извршува во воспитна установа наменета за машки лица, а за малолетниците од женски пол, мерката се извршува во воспитна установа за малолетници или во одвоено женско одделение во рамките на воспитната установа. Малолетникот на кого му е изречена оваа воспитна мерка во установата ги има истите права и обврски како и другите

малолетници, само што му се посветува посебно внимание со оглед на проблемите во воспитанието и однесувањето. При доаѓањето на малолетникот во установата, прво се утврдува неговиот идентитет, па се врши лекарски преглед, па потоа се испитува личноста на малолетникот во посебно одделение на установата со цел определување на програмата за постапување. Ваквото испитување може да трае најдолго 30 дена. Потоа малолетникот се распоредува во група во зависност од возраста, зрелоста и другите лични карактеристики на малолетникот. Во иста група се распоредуваат малолетниците кон кои треба да се применат исти воспитни постапки и влијанија. Една група не може да има повеќе од десетмина малолетници.

***Упатување во воспитно-поправен дом*** е заводска мерка што, кога е изречена на малолетник од машки пол, се извршува во ВПД наменет за машки лица, а за малолетниците од женски пол, мерката се извршува во ВПД за малолетници или во одвоено женско одделение на ВПД. За извршување на мерката надлежна е службата за малолетници во органот за старателство за малолетници, а непосреден надзор и контрола над извршувањето вршат судијата и обвинителот еднаш годишно. Додека се извршуваат овие мерки, судијата и обвинителот најмалку двапати годишно го посетуваат малолетникот, при што остваруваат непосреден контакт со малолетникот и со стручните лица што се грижат за извршување на мерката, вршат увид во документацијата со цел утврдување законитост и правилност во постапувањето, а истовремено го оценуваат и напредокот што се постигнал во процесот на воспитувањето.

***Упатување во посебна установа за малолетници*** во случај на психофизичка попреченост на малолетникот се извршува во посебни установи наменети за вакви малолетници. Малолетникот на кого му е изречена оваа воспитна мерка таму ги има истите права и должности како и другите малолетници. Установата изработува посебни извештаи до судот во однос на извршување на мерката, а

ако малолетникот стане полнолетен, посебно се известуваат судијата и обвинителот за здравствената состојба на малолетникот со цел донесување соодветна одлука за натамошен третман на лицето.

### 1.4. Видови установи за малолетници

На територија на Федерацијата БиХ и Република Српска постојат следниве установи за извршување институционални санкции спрема малолетниците:[12]

- Малолетнички затвор Источно Сараево;
- Одделение за малолетнички затвор при КПД Зеница;
- ВПД при КПД Бања Лука;
- ВПД при КПД Тузла;
- ЈУ Завод за воспитување машки деца и млади Сараево;
- Кантонална ЈУ Дисциплински центар за малолетници Сараево;
- Воспитен центар на кантонот Тузла;
- Притворска единица на КПД Сараево; и
- ВПД Орашје.

**Прифатилиште за деца или малолетници,** согласно Законот за заштита и постапување со деца и малолетници во кривичната постапка, е установа за социјална заштита или организациска единица на установа за социјална заштита, чијашто задача е прифаќање, привремено сместување и опсервација на малолетници сторители на кривични дела, каде што тие може да бидат сместени со одлука на судот, наместо нивно притворање.

**Воспитен центар**, согласно Законот за заштита и постапување со деца и малолетници во кривичната постапка, е

[12] Податоци преземени од: A.M. Diklić/A. Hasečić/I. Salčin/I. Džidić/N. Dorontić, Analiza stanja u ustanovama u kojima su smješteni maloljetnici u sukobu sa zakonom u Bosni i Hercegovini, Institucija ombudsmena/ombudsmanaza ljudska prava Bosne i Hercegovine, Sarajevo, 2016.

установа што се основа на ниво на кантон во кој се спроведува воспитната мерка упатување во дисциплински центар за малолетници. Во овој центар се врши дијагностика и опсервација на малолетните сторители на кривични дела во текот на судската постапка, според наредба на обвинителството или на судот, и овозможува прифаќање и привремено сместување на малолетните сторители на кривични дела во текот на подготвителната постапка.

**Дисциплински центар за малолетници Сараево**[13] е кантонална јавна установа од областа на социјалната заштита во која се извршува воспитна мерка упатување во воспитен центар. Центарот организира дијагностичко-опсервациона дејност со цел идентификација, утврдување и процена на етиологијата и степенот и интензитетот на присутните нарушувања во однесувањето на децата од двата пола, кои на дијагностичка обработка ги упатиле судот, обвинителството или надлежната служба за социјална заштита. Во центарот, со наредба на судот, може да се сместуваат и деца додека трае подготвителната постапка. Од 2013 година, во рамките на овој центар е формирана Служба за превенција, прифаќање и заштита на деца во ризик, која е физички одвоена од другите организациски единици на центарот. Нејзината задача е да згрижува деца до 18-годишна возраст што се во ризик. Во службата за извршување на судските мерки се вработени 10 лица – социјални работници, педагози, психолози и социолози, а во Службата за превенција, прифаќање и заштита на децата во ризик се вработени 5 лица. Од 2012 година, трајно е решено прашањето за сместување на центарот во нов објект во кој има простории за дневен престој и за работно-окупациска терапија, училница, простории за индивидуална и групна работа, како и за спортски активности. Со оглед на малиот број малолетници, целите на престој во установата се остваруваат преку индивидуална работа, при што планот содржи мерки и активности за постапување и третман. Се работи со мултимодална

[13] Неговата надлежност е пропишана со Zakon o socijalnoj zaštiti, zaštiti civilnih žrtava rata i zaštiti porodice sa djecom, „Službene novine Kantona Sarajevo”, broj 38/14 (prečišćeni tekst).

програма што опфаќа дејствување на индивидуално, семејно, образовно ниво и на ниво на врсниците.

**Воспитен центар на Тузланскиот кантон**[14] – основан е како Дисциплински центар за малолетници во 2009 година, а во 2015 година називот му се менува во ЈУ Воспитен центар на Тузланскиот кантон. Во него се извршува воспитната мерка упатување во воспитен центар во кој се врши дијагностика и опсервација на малолетните сторители на кривичните дела во текот на кривичната постапка, по наредба на судот или на обвинителството, но се врши и прифаќање и привремено сместување на малолетните сторители на кривичните дела во текот на подготвителната постапка. Во работењето се вклучени социјален работник, психолог, социјален педагог и тројца педагози-психолози. Локацијата е сосема несоодветна бидејќи се наоѓа на третиот кат во зграда, нема сопствен влез, нема доволно простор и услови за подготвување храна, па храната ја обезбедува ЈУ Домот за деца без родителска грижа во Тузла. Во однос на третманот, во центарот се врши дијагностика и се проценуваат етиологијата и интензитетот на нарушувањето во однесувањето на малолетникот со цел да се определи натамошниот третман за малолетникот. Се работи со малолетникот на односот кон себе, кон другите, кон образованието, кон родителите, кон стореното кривично дело и сл., а со цел да се сменат навиките, интересите и активностите.

**ЈУ Завод за воспитување машки деца и млади Сараево** претставува воспитна установа во која, освен малолетници сместени по основ на социјална заштита, се сместуваат и малолетници на кои судот им изрекол воспитна мерка упатување во воспитна установа. Оваа установа треба да им овозможи ресоцијализација на малолетните лица со социјални и лични проблеми и сторители на кривични дела и прекршоци. Со подзаконски акт детално се регулирани заедничките минимални стандарди што се однесуваат на

[14] „Zakona o osnivanju Javne ustanove Disciplinski centar za maloljetnike Tuzlanskog kantona, Službene novine Tuzlanskog kantona", broj 5/09, 15/13 i 08/15.

локацијата, градежниот објект, просториите, опремата, капацитетот, дневна и ноќна смена, куќниот ред, одржување на хигиената, исхраната, ангажирање стручни и други работници и сл.[15] Заради подигнување на степенот на сигурноста, во Заводот има ангажирана агенција за обезбедување, врати со метал-детектор, видеонадзор и сл. По приемот, малолетникот прво останува во приемното одделение во рок не подолг од 30 дена. Воспитната работа се одвива преку индивидуален и групен третман. Образованието и стручното оспособување не се на задоволително ниво, особено поради различните потреби на малолетниците. Бидејќи се работи за установа со режим од отворен тип, малолетниците преку ден одат на училиште или се ангажирани во други работни ангажмани. Нема ограничувања во однос на комуникацијата со членовите на семејството. Сите здравствени услуги се даваат надвор од установата.

**ВПД Орашје** – казнено-поправниот завод од полуотворен тип Орашје со одделение на ВПД претставува посебна федерална управна организација надлежна за извршување казна затвор, извршување на мерката притвор и на заводските мерки упатување во воспитно-поправен дом.[16] ВПД Орашје функционира од 2016 година. Има капацитет за 70 лица, а наменет е за машки и женски малолетници на кои им е изречена воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом. Во него има просторија за верски обреди, книжарница, училница и ресторан.

**ВПД при КПД Бања Лука** – Одделението на ВПД при КПД Бања Лука започнало да работи во 2006 година и претставува единствена установа од ваков вид во Република Српска, со капацитет од 16 малолетници и 4 малолетници во приемното одделение. Просторните услови не ги задоволуваат потребите поради недоволен простор и инфраструктурна дотраеност. Основен

[15] Pravilnik o standardima za rad i pružanje usluga u ustanovama socijalne zaštite u Federaciji Bosne i Hercegovine („Službene novine Federacije BiH", broj 15/13).
[16] http://kpzptor.gov.ba/home.

проблем е што ВПД е сместен во КПД за возрасни. Малолетниците со нивните права и обврски се запознаваат при приемот во установата. Правилниците се достапни во просториите за дневен престој, а куќниот ред е истакнат на ѕидовите. Се запознаваат и со одредбите за дисциплинската одговорност. Со малолетниците работат психолог, социјален работник, двајца воспитувачи (социјален педагог и психолог), референт за вонаставни активности и спорт и референт за наставни активности. За секој малолетник се изготвува индивидуална програма за постапување и превоспитување, која содржи: воспитна работа, прифаќање работни навики, образование и стручно оспособување, културно-спортски и наставни активности, советување и работа поврзана со семејните односи. Програмата се остварува низ индивидуална и групна работа. Во рамките на вонаставните активности, малолетниците посетуваат театар и кино, одат на еднодневни излети и сл. Малолетниците се ангажирани во различни секции. Практичната работа се смета како работен ангажман и малолетниците се мотивирани да работат во кујна. Малолетниците можат да завршат основно и средно образование вонредно и да се оспособат за занает во согласност со можностите што ги нуди установата. Малолетниците примаат посети од членовите на семејството еднаш неделно, а може со нив да комуницираат трипати неделно. Обезбедена им е и здравствена заштита, и тоа здравствен преглед во рок од 24 часа по приемот и систематски прегледи двапати годишно. Во установата им се нуди примарна здравствена заштита, а специјалистички услуги добиваат во Клиничкиот центар во Бања Лука.

**ВПД при КПД Тузла** е посебно одделение при КПД од полуотворен вид во Тузла. Во рамките на кадровската структура, во одделението има помошник-директор за третман, помошник-директор за осигурување, помошник-директор за здравствена заштита, воспитувач, психолог, работен инструктор и референт за вработување и образување на лицата. Капацитетот е наменет за 15 малолетници. Просторните услови не се задоволувачки во однос на големината, неможноста да се организираат работни активности,

незадоволителна хигиена и сл. Со малолетниците се работи на повеќе видови третмани од социјална, емоционална, морална и работна област, надминување на траумите, теми поврзани со болестите на зависност, свест за стореното кривично дело и сл. Проблем е што при изработката на индивидуалните планови не се вклучени ниту малолетникот ниту неговото семејство. Малолетниците се распоредуваат во неколку групи: П – почетна група што трае првите три месеци и подразбира интензивна опсервација и процена на личноста; Д – група без можности за користење какви било вонзаводски погодности; Ц – можност за минимално користење вонзаводски погодности во придружба на служба за обезбедување; Б – можност за малку почесто користење вонзаводски погодности; и А – можност за често користење на вонзаводските погодности. Процесот на образование не е на задоволително ниво. Контактите со надворешниот свет им се ограничени, а воопшто немаат излети или други активности надвор од установата. Во домот има примарна здравствена заштита, иако не е на задоволително ниво, а специјалистичките прегледи се одвиваат во Здравствениот дом при Универзитетскиот клинички центар во Тузла.

## 2. СРБИЈА

### 2.1. Законска рамка

Прашањата поврзани со малолетниците како сторители на кривичните дела се регулирани со посебен Закон за малолетните сторители на кривични дела и кривичноправна заштита на малолетните лица.[17] Во него се опфатени одредби од материјалното кривично право, одредби во однос на кривичната постапка и извршувањето на кривичните санкции, како и одредби за органите што го применуваат овој закон.

[17] Zakon o maloletnim učiniocima krivičnih dela I krivičnopravnoj zaštiti maloletnij lca, Sl.glasnik RS, br. 85/2005.

Материјата поврзана со извршувањето на санкциите спрема малолетниците е регулирана со Законот за извршување на кривичните санкции.[18]

Во однос на установите за извршување некои воспитни мерки (на пример, упатување во воспитна установа), првин биле релевантни одредбите од Законот за социјална заштита и обезбедување социјална сигурност на граѓаните,[19] кој престанал да важи во 2011 година, со донесувањето на Законот за социјална заштита.[20]

## 2.2.Видови воспитни мерки и начин на нивно извршување

Во Законот за малолетните сторители на кривични дела и кривичноправна заштита на малолетните лица, пропишани се три воспитни мерки: мерки на предупредување и насочување, мерки на засилен надзор и заводски мерки.

За потребите на оваа кратка компаративна студија, предмет на интерес се мерките засилен надзор со дневен престој во соодветна установа за воспитување и образование на малолетникот и заводските мерки: упатување во воспитна установа, упатување во воспитно-поправен дом и упатување во посебна установа за лекување и оспособување.

***Засилен надзор со дневен престој во соодветна установа за воспитување и образование*** – судот ја изрекува ако покрај некоја од мерките на засилен надзор е потребно и ангажирање стручни лица во посебна установа што се занимава со воспитување и образование на малолетниците. Оваа мерка може да трае најмалку 6 месеци, а најдолго 2 години. Додека трае оваа мерка, малолетникот продолжува да живее со своите родители или со другите лица што се грижат за него, во текот на денот определен период минува во установата, при што се води сметка престојот во установата да не

[18] Zakon o izvršenju krivičnih sankcija, Sl.glasnik RS, br. 55/2014.
[19] Zakon o socijalnoj zaštiti i obezbeđivanju socijalne sigurnosti građana, "Službeni glasnik RS", br. 36/91, 79/91 - dr. zakon, 33/93 - dr. zakon, 53/93 - dr. zakon, 67/93, 67/93 - dr. zakon, 46/94, 48/94 - dr. zakon, 52/96, 29/01, 84/04, 101/05 - dr. zakon i 115/05
[20] Zakon o socijalnoj zaštiti, Sl.glasnik RS, br. 24/2011.

пречи на неговото образование или работење. Во установата се организираат такви содржини со кои се влијае врз идниот живот и врз однесувањето на малолетникот како во потесната, така и во поширокатa општествена заедница. За извршување на мерката се грижи органот за старателство.

***Упатување во воспитна установа*** – судот ќе ја изрече кога ќе оцени дека малолетникот мора да се издвои од средината и мора да му се обезбеди помош и постојан надзор од страна на стручни лица. Во воспитната установа, малолетникот останува најмалку 6 месеци, а најдолго 2 години, при што на секои 6 месеци се преиспитува дали сѐ уште постојат основи за запирање на мерката или нејзина замена со друга мерка.

***Упатување во ВПД*** – судот му ја изрекува мерката на малолетникот спрема кој, освен издвојување од средината, потребни му се засилени мерки на надзор и посебни стручни програми за воспитување. При одлучување дали да ја изрече оваа мерка, судот особено го зема предвид поранешниот живот на малолетникот, степенот на нарушено однесување, тежината и природата на стореното кривично дело и околноста дали спрема малолетникот била изречена некоја кривична или прекршочна санкција. Во ВПД, малолетникот останува најмалку 6 месеци, а најдолго 4 години, при што судот на секои шест месеци преиспитува дали постојат основи за запирање на мерката или нејзина замена со друга воспитна мерка.

***Упатување во посебна установа за лекување и оспособување*** – се применува спрема малолетник со пречки во психофизичкиот развој, наместо да се изрекува упатување во воспитна установа или упатување во ВПД, или наместо изрекување мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, во случај кога во посебната установа може да се обезбеди чување и лекување на малолетникот, и на тој начин да се остварат целите на мерката за безбедност. Малолетникот во посебната установа може да остане најдолго 3 години, а на секои 6 месеци судот преиспитува дали постојат основи за запирање на мерката или нејзина замена со друга мерка. Кога оваа мерка е изречена наместо мерка на безбедност, малолетникот во

установата останува додека има потреба, а кога ќе наврши 21 година, извршувањето на мерката продолжува во установа во која се извршува мерката на безбедност задолжително лекување и чување во здравствена установа.

## 2.3.Установи за социјална заштита и за извршување кривични санкции спрема малолетници

Основањето и работата на установите за социјална заштита е регулирано со Законот за социјалната заштита. Установа за воспитување деца и млади може да основа само Република Србија или автономна покраина. Во овие установи се извршуваат воспитните мерки со одлука на суд и со решение на органот за старателство. Овие установи овозможуваат згрижување, воспитување, образование, професионално оспособување и здравствена заштита на деца и млади со нарушување во однесувањето и се преземаат мерки за спречување натамошно нарушување на општествените норми и вршење кривични дела.

Во Србија постојат три вакви установи:

- Завод за воспитување деца и млади Белград,[21]
- Завод за воспитување деца и млади Књажевац,[22]
- Завод за воспитување деца и млади Ниш.[23]

**Завод за воспитување деца и млади Белград** претставува воспитна установа, која во рамките на своите активности згрижува, воспитува, образува, професионално оспособува и нуди здравствена заштита на деца и млади во судир со законот и нарушување во однесувањето. Во оваа установа се врши воспитната мерка упатување во воспитна установа. Има три работни целини во заводот: центар за сместување деца со изречени воспитни мерки; центар за сместување малолетници странци; и прифатилиште (за жртви на трговија со луѓе – малолетни и полнолетни, домашни и странски државјани). Капацитетот изнесува вкупно 64 корисници,

---

[21] http://www.zvdob.rs/.
[22] http://firme.trzistesrbije.com/vaspitanje-mladezi/delatnost.php.
[23] http://www.zzvon.rs/.

од кои 36 во центарот за извршување воспитни мерки. Во центарот за сместување деца со изречени воспитни мерки се сместуваат млади од двата пола, на возраст од 14 до 18 години на кои им е изречена воспитна мерка упатување во воспитна установа. Младите се распоредуваат во четири образовни групи: две воспитни групи за машки малолетници, воспитна група за малолетници од женски пол; и група во која се спроведува посебна Програма за интензивен третман. Стручните лица работат во три смени, а секоја група има по двајца матични воспитувачи (специјален педагог). Во установата, посебно внимание се посветува и на организирањето слободно време и слободни активности. Корисниците имаат на располагање фискултурна сала, интернет-клуб, работилници, спортски терени и клуб за престој.

**Завод за воспитување деца и млади Ниш** претставува воспитна установа, која е основана во 1961 година. Се сместуваат деца на возраст од 14 до 18 години, а има капацитет од 26 корисници. Работата е организирана во три објекти: завод; прифатилиште и центар за сместување малолетници странци. Малолетниците во Заводот се поделени во четири воспитни групи. Во воспитно-поправната работа се вклучени стручни лица: психолози, социјални работници и педагози. Се применуваат психосоцијална и работно-ангажирачка терапија.

**ВПД во Крушевац** е единствена установа од ваков вид во Србија. Основана е уште во 1947 година.[24] Има капацитет за прием и сместување 400 малолетници. Просечната бројна состојба на малолетници изнесува 105. Има површина од над 350.000 $м^2$, каде што се распоредени 35 објекти со различна намена. Во неа се сместуваат малолетници што сториле кривични дела со навршени 14 години, а воспитната мерка во оваа установа може да се извршува до навршени 23 години. Институцијата, според организацијата и архитектонскиот план, се приближува до концептот на

[24] http://www.uiks.mpravde.gov.rs/cr/articles/ustanove-za-izvrsenje-krivicnih-sankcija/vaspitno-popravni-dom/.

прогресивниот систем, со доследна интерна класификација на малолетниците и индивидуален третман според потребите, па има неколку целини – затворено, полуотворено и отворено одделение. Третманот во затвореното одделение е приспособен за малолетниците со нарушено однесување. Третманот во полуотвореното и отвореното одделение овозможува подготвување на малолетникот за живот во отворена општествена заедница. Таа има пет интерни служби: воспитно-корективна; за медицински и психолошки третман; систем на образование; професионално и стручно оспособување; соработка со родителите, центрите за социјална работа, судовите и сл.; учество во културни и спортски манифестации. Во установата постои посебна стопанска единица, регистрирана за металска и дрвопреработувачка дејност и други занаетчиски дејности.

# 3. ХРВАТСКА

## 3.1. Законска рамка

Во Република Хрватска, материјата поврзана со малолетниците претставува заокружена издвоена целина во однос на законодавството поврзано со полнолетните лица, со оглед на фактот што санкциите спрема деца се регулирани во Законот за судовите за млади,[25] а извршувањето на санкциите е издвоено во посебен Закон за извршување санкции изречени спрема малолетниците за кривични дела и прекршоци.[26] Со овој закон се уредува извршувањето на изречените санкции спрема малолетниците и помладите полнолетни лица во кривичната постапка.

За кривични дела, нив може да им се изречат следниве мерки: воспитни мерки, малолетнички затвор и мерки на безбедност. На малолетниците за сторен прекршок може да им се изречат: воспитни мерки, малолетнички затвор и заштитни мерки.

---

[25] Zakon o sudovima za mladež, NN 84/11, 143/12, 148/13, 56/15.

[26] Zakon o izvršavanju sankcija izrečenih maloljetnicima za kaznena djela I prekršaje, Narodne novine 133-2823/2012 од 03.12.2012, во сила од 01.01.2013 год.

Во делот на извршувањето се применуваат одредби од Законот за судовите за млади, Законот за социјална заштита,[27] Законот за извршување на казната затвор,[28] Законот за пробација[29] и Законот за заштита на лица со ментални нарушувања.[30]

Извршувањето на воспитните мерки поблиску се уредува со правилници, и тоа: Правилник за начинот на вршење воспитни мерки – посебни обврски, упатување во дисциплински центар, зголемена грижа и надзор, зголемена грижа и надзор над дневната соба во образовната институција, упатување во образовна институција и упатување во посебна образовна институција[31] и Правилник за извршување на воспитната мерка упатување во воспитен завод.[32]

Надлежноста за извршување на санкциите во зависност од нивната природа е поделена помеѓу Министерството одговорно за социјални работи и Министерството одговорно за правосудството. Во рамките на надлежноста на Министерството одговорно за социјални работи спаѓа извршувањето на воспитните мерки – посебни обврски, упатување во дисциплински центар, засилена грижа и надзор, засилена грижа и надзор со дневен престој во воспитна установа, упатување во воспитна установа и упатување во посебна воспитна установа. Министерството одговорно за правосудството е надлежно за извршување на воспитните мерки – упатување во воспитен завод и за казната малолетнички затвор.

---

[27] Zakon o socijalnoj skrbi, NN 157/13, 152/14, 99/15, 52/16, 16/17, 130/17.

[28] Zakon o izvršavanju kazne zatvora, NN 128/99, 55/00, 59/00, 129/00, 59/01, 67/01, 11/02, 190/03, 76/07, 27/08, 83/09, 18/11, 48/11,125/11, 56/13, 150/13.

[29] Zakon o probaciji, NN 143/12.

[30] Zakon od zaštiti osoba s duševnim smetnjama, NN 76/14.

[31] Pravilnik o načinu izvršavanja odgojnih mjera - posebne obveze, upućivanje u disciplinski centar, pojačana briga i nadzor, pojačana briga i nadzor uz dnevni boravak u odgojnoj ustanovi, upućivanje u odgojnu ustanovu i upućivanje u posebnu odgojnu ustanovu, Ministarstvo zdravstva i socijalne skrbi, NN br. 141/2011, 07.12.2011.

[32] Pravilnik o načinu izvršavanja odgojne mjere upućivanja u odgojni zavod, NN br. 22/2013.

## 3.2. Видови воспитни мерки

Со Законот за судовите за млади се пропишани видовите воспитни мерки и условите кога може да се изрече секоја од нив. Согласно законот, постојат следниве воспитни мерки:

- судски укор;
- посебни обврски;
- мерки на засилен надзор: засилена грижа и надзор и засилена грижа и надзор со дневен престој во воспитна установа;
- упатување во дисциплински центар;
- заводски мерки: упатување во воспитна установа, упатување во воспитен завод и упатување во посебна воспитна установа.

При изборот на воспитната мерка, судот ги зема предвид следниве околности: возраста на малолетникот, психофизичката развиеност и особини, тежината и природата на стореното кривично дело, мотивите за негово сторување, однесувањето на малолетникот по стореното кривично дело, а особено дали, ако тоа било можно, се обидел да го спречи настапувањето на штетните последици или настојувал да ја поправи причинетата штета, односот спрема оштетениот и жртвата, неговите лични и семејни околности, дали претходно сторил кривично дело или веќе му била изречена малолетничка санкција, како и други околности што во конкретниот случај се од значење за избор на мерка со која ќе се остварат целите за нејзиното изрекување.

Во Правилникот за извршување на воспитните мерки е пропишано дека согласно начелата за индивидуализација и изработка на програма за извршување на санкциите, се применуваат различни облици на стручна помош во кои влегуваат: советување, учење комуникациски, социјални и животни вештини, помош во организација и начин на учење, поттикнување одговорно и прифатливо однесување во користењето на слободното време, усвојување на општествените норми, превенција и сузбивање зависности, како и други облици на стручна помош. Стручните работи ги вршат социјален педагог, социјален работник и психолог, а по потреба се вклучува и едукациски рехабилитатор.

За потребите на ова истражување, предмет на поблиска анализа ќе бидат мерката на засилена грижа и надзор со дневен престој во воспитна установа, упатувањето во дисциплински центар и заводските мерки.

***Засилена грижа и надзор со дневен престој во воспитна установ*а се** изрекува кога за воспитание и развој на малолетникот е потребно да се преземат подолготрајни мерки со соодветен стручен надзор и помош без издвојување на малолетникот од неговата животна средина. Оваа мерка се извршува во дом за воспитување деца и млади или во посебен оддел на центарот за социјални работи под раководство на т.н. водител – лице на кое му е доверено извршувањето на мерката. Мерката се извршува во соработка со родителите или старателот на тој начин што малолетникот се подготвува за самостоен и одговорен живот користејќи методи и постапки за социјално-педагошка работа приспособени спрема возраста и психофизичките способности на малолетникот и спрема можностите на локалната заедница. Додека се извршува оваа мерка, на малолетникот му се овозможува да го посетува училиштето, да следи стручна наобразба, структурирано да го користи слободното време како и пред започнување со извршување на оваа мерка.

***Упатување во дисциплински центар*** се изрекува спрема малолетник што треба за краток временски период да се издвои од неговата животна средина со цел да се влијае врз неговата личност и врз однесувањето со краткотраен но интензивен воспитен третман насочен кон развивање одговорност кон себе и кон другите, односно, кога е потребно, да се создаде основа за примена на мерките на засилен надзор. Оваа мерка се извршува во дом за воспитување деца и млади или во посебен оддел во центрите за социјални грижи наменет за оваа цел. Упатувањето во дисциплинскиот центар може да има повеќе варијанти во зависност од потребите на малолетникот, и тоа:

- *шестчасовен престој во текот на сабота и недела* – малолетникот се упатува да остане во центарот шест часа дневно во сабота и во недела, во времетраење од најмалку три до најдолго осум недели по ред, во периодот помеѓу 8:00

и 20:00 часот. Мерката се извршува во слободното време на малолетникот;

- *дневен престој во дисциплински центар* – малолетникот се упатува во дисциплинскиот центар на определен број часови во текот на денот, од најмалку 14 до најдолго 30 дена, воспитната мерка ја извршува во своето слободно време, најдолго четири часа дневно помеѓу 8:00 и 20:00 часот;
- *непрекинат престој во текот на сабота и недела* – кога малолетникот е упатен на непрекинат престој во дисциплинскиот центар во текот на викенд, во траење од 3 до 8 последователни викенди, мерката ја извршува од 8:00 часот во сабота до 18:00 часот во недела;
- *непрекинат престој во дисциплински центар од 15 до 90 дена* – кога малолетникот е упатен на непрекинат престој во дисциплинскиот центар во траење од 15 до 90 дена, се извршува со непрекинато траење според индивидуална програма за постапување и програма за работа на установата.

Во текот на упатување во дисциплинскиот центар, малолетникот продолжува да го посетува училиштето, продолжува да оди на работното место, а може да оди и на други структурирани активности во слободното време, по добиено одобрение од воспитувачот или од директорот на установата.

***Упатување во воспитна установа*** – **м**алолетникот ќе се упати во воспитна установа кога судот ќе оцени дека за него треба да бидат преземени потрајни и поинтензивни воспитни мерки или мерки на лекување со издвојување од неговата животна средина. Траењето на мерката мора да се приспособи спрема целите поради кои е изречена таа, и тоа од најмалку 6 месеци до најдолго 2 години. Оваа воспитна мерка се извршува во дом за социјална грижа што е основан за ваква намена. За различните групи малолетници, во домот се организираат третмански програми со степенуван интензитет на надзор, грижа и заштита во зависност од воспитните цели што е планирано да се постигнат со оваа мерка, а приспособени на потребите на малолетникот. На малолетникот, кој има потреба од интензивна поддршка и помош во социјалното учење и

психотерапијата, ќе му се обезбеди различна тераписки и третманска содржина според неговите потреби. Во текот на извршувањето на оваа воспитна мерка, во зависност од потребите на малолетникот, неговите родители или старатели може да се вклучат во семејната терапија. Малолетникот што ја загрозува сигурноста на другите лица или сопствената сигурност, може да биде издвоен од другите малолетници и да се смести во соодветна просторија заради давање психолошка или друга стручна помош. Установата е должна за секоја промена во душевното или физичкото здравје на малолетникот да ги извести родителите, старателите, судот за младеж и центарот за социјална грижа, а на секои три месеци е должна да ги известува наведените органи и јавниот обвинител за ефектите од извршувањето на мерката.

***Упатување во посебна воспитна установа*** – се изрекува кога малолетникот има психофизички оштетувања (нарушувања), а во зависност од индивидуалните потреби на малолетникот. Се извршува во дом за социјална грижа основан за таква намена и се применуваат сите одредби според кои се извршува воспитната мерка упатување во воспитна установа. Оваа воспитна мерка може да се изрече и наместо мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување.

***Упатување во воспитен завод*** – се изрекува кога малолетникот нужно мора да се издвои од неговата животна средина и спрема него мора да се применат засилени воспитни мерки со оглед на изразените нарушувања во однесувањето и недоволната подготвеност да прифати воспитни влијанија. Засилените воспитни мерки опфаќаат: социјално-педагошки, психолошки и медицински постапки, како и мерки на надзор и безбедност преку кои воспитувачите систематски и согласно изработени програми влијаат врз личноста на малолетникот, неговото однесување, правилниот телесен и душевен развој, особено во однос на стекнувањето образование, позитивни животни навики и работно оспособување. Оваа мерка трае помеѓу шест месеци и три години, а за текот на извршување на мерката, заводот го известува судот на секои три

месеци. Во текот на извршувањето на мерката, малолетниците се групираат согласно потребите и целите што треба да се постигнат.

Согласно Правилникот за извршување на оваа мерка, се изработува индивидуална програма за постапување во приемното одделение на установата што се извршува преку индивидуална работа или преку работа во мали групи во согласност со возраста и специфичните потреби на малолетникот.

Малолетниците се распоредуваат во три групи:

- *позитивно стимулирачка воспитна група во отворени услови* – се распоредуваат малолетниците што успешно извршуваат одделна програма во полуотворени услови и на кои им се одобрени погодности за натамошно поттикнување развој на личноста, личната одговорност и подготовки за живот надвор од установата;
- *група за воспитување во полуотворени услови*;
- *група за воспитување со зголемена грижа и надзор во затворени услови* – се сместуваат малолетниците кај кои се потребни засилени мерки на грижа, надзор, заштита или подучување поради стручно влијание врз нивното растење, развивање на личноста, личната одговорност и сигурност, бидејќи покажуваат изразени тешкотии во приспособувањето и отежнато ги прифаќаат воспитните влијанија и мерки утврдени со индивидуалната програма за постапување.

Малолетникот што ја загрозува сигурноста на другите лица или сопствената сигурност, може да биде издвоен од другите малолетници и да се смести во соодветна просторија заради давање психолошка или друга стручна помош.

Во оваа установа може да се применат средства на присилба само за да се спречи бегство од установата, за да се спречи напад врз службено или друго лице, намерно нанесување поголема материјална штета или за совладување на пасивниот или активниот отпор на малолетникот.

**Условен отпуст од заводски воспитни мерки.** Дозволен е условен отпуст од заводските воспитни мерки откако мерката претходно се извршувала шест месеци. Судот ќе дозволи условен

отпуст само ако врз основа на постигнатиот успех во воспитувањето може оправдано да се очекува дека малолетникот добро ќе се однесува во средината во која ќе живее, ќе продолжи со образованието или со работата и дека нема да врши кривични дела. Надзор над малолетникот на условен отпуст, според одлуката на судот, врши центарот за социјални грижи според местото на живеалиште или престојувалиште на малолетникот. За вршењето на надзорот, центарот е должен на секои три месеци да го известува судот за текот на условниот отпуст. Условниот отпуст ќе биде отповикан ако малолетникот стори ново кривично дело, одбегнува да оди на училиште, не се придржува кон изречените обврски во рамките на засилениот надзор, лошо се однесува во средината во која живее, па нема оправдани причини тој да остане надвор од воспитниот завод.

## а. Видови установи за згрижување деца (деца со социјални проблеми и воспитни мерки спрема малолетници)

Воспитните мерки се извршуваат во заводи и во домови за социјална грижа, а може да се извршуваат и во здруженија на граѓани и други правни лица што се регистрирани и што ги исполнуваат пропишаните услови за остварување на дејноста на социјална грижа во делот на воспитанието и работа со младите.

Постојат неколку установи како домови за социјална заштита, во кои се извршуваат воспитните мерки спрема деца и млади на кои мерките им се изречени со решение од центрите за социјална работа или со решение на судот.

Согласно Правилникот за видовите домови за деца во однос на просторот, кадарот и потребната опрема,[33] домовите за деца со нарушено однесување може да се основаат како: домови за воспитување деца; домови за воспитување млади; воспитни домови;

[33] Pravilnik o vrsti doma za djecu i doma za odrasle osobe i njihovoj djelatnosti, te uvjetima glede prostora, opreme i potrebnih stručnih i drugih djelatnika doma socijalne skrbi, NN br. 101/1999.

посебна воспитна установа; прифатна станица. Во домовите за деца и млади се сместуваат лица до 14 години, односно лица од 14 до 21 година, на кои им се потребни засилена грижа и надзор, кои се остваруваат преку постојано или неделно сместување, згрижување, воспитание, образование и давање стручна помош. Во воспитните домови се извршува судската воспитна мерка упатување во воспитна установа и мерката сместување во воспитен дом, со одлука на центарот за социјална грижа. Посебната воспитна установа е наменета за малолетници и помлади полнолетници со нарушување во однесувањето, како и со телесни и ментални оштетувања, и во неа се извршува судската мерка упатување во посебна воспитна установа. Прифатната станица е наменета за деца и млади затечени во скитништво, како и за оние на кои им е неопходно итно сместување, итна медицинска помош и сл. Домовите мора да имаат основен стручен тим во состав на социјален педагог, социјален работник и психолог, а, по потреба, може да вклучат и стручни работници, во зависност од интензитетот на нарушувањето.

Во Република Хрватска има повеќе установи за деца со нарушување во однесувањето:

- Воспитни домови: Бедековчина, Мали Лошињ и Иванец;
- Дом за воспитување на деца: Црес;
- Дом за воспитување на деца и млади: Карловац, Осиек, Пула, Риека, Сплит, Задар и Загреб;
- Прифатна станица и дисциплински центар во Вараждин.

**Дом Дугава**[34] – познат како Дом за воспитување деца и млади Загреб – обезбедува услуги за социјална заштита вон сопственото семејство, за да се задоволат потребите за социјална заштита на децата и младите на возраст од 7 до 21 година, кои покажуваат нарушувања во однесувањето. Домот обезбедува целодневен или полудневен престој, постојано, неделно или привремено сместување или краткотраен прием, сместување или живеење, кое, во зависност од видот на третманот, вклучува храна, облека, здравствена заштита, грижа и образование и стручна помош

[34] http://www.dom-dugave.hr/web/.

во учењето, со грижа за образованието и работното оспособување. Во Домот се спроведува стационарно набљудување, полудневен престој, прием и домски третман, а во согласност со прописите од областа на извршувањето на воспитните мерки за малолетници, извршени се и воспитните мерки што ги изрекол судот, и тоа:

- упатување во дисциплински центар;
- зголемена грижа и надзор со дневен престој во образовната институција;
- како и, во исклучителни ситуации, упатување во воспитна установа, и тоа за машки деца и млади на возраст од 12 до 18 години и за корисници до 21 година.

**Дом за воспитување деца и млади Задар**[35] е институција за социјална заштита при Министерството за демографија, семејство, млади и социјална политика, која обезбедува услуги за деца и млади со проблеми во однесувањето и проблеми со менталното здравје. Во неа се остваруваат повеќе третмани, и тоа:

- *привремена услуга за сместување заради спроведување пократки рехабилитациони програми* – се сместуваат деца и младинци на возраст до 21 година со проблеми во однесувањето и проблеми со менталното здравје. Во рамките на оваа услуга, на корисниците им се обезбедуваат активности на воспитание, социјална работа, социјално-педагошка поддршка, психолошка поддршка, грижа за здравјето, нега и исхрана. Во рамките на оваа услуга, исто така, се обезбедува и спроведување воспитна мерка за упатување во воспитна установа, упатување во дисциплинскиот центар на одреден број денови, како и привремено сместување во воспитна институција до завршување на подготвителната постапка пред судот;
- *услуга за полудневен престој во домот* – на деца и млади со поблаги нарушувања во однесувањето, од семејства со понизок социоекономски статус и што ги одбегнуваат

[35] http://www.domzaodgoj-zadar.com/.

образовните обврски, па во домот им се нуди социјално-педагошка и психолошка поддршка;

- *спроведување воспитни мерки изречени со решение од суд спрема малолетниците и помладите полнолетници* – се извршуваат воспитните мерки на засилена грижа и надзор со дневен престој во воспитната установа и упатување во дисциплински центар.

Во центрите за социјална работа постојат **Оддели за третман на деца и млади луѓе со проблеми во однесувањето** во кои се интегрираат повеќе видови воспитен третман спрема децата и младите со проблеми во однесувањето или кои се во ризик од појава на проблеми во однесувањето. Сместувањето на децата и на младите во Одделот се базира врз основа на законодавството од областа на социјалната грижа што ја регулираат работата со деца и млади со проблеми во однесувањето (Законот за социјална заштита, Законот за семејство, Законот за судовите за млади, Законот за прекршоци и други закони и подзаконски прописи). Во овие оддели се извршуваат воспитните мерки што со решение на општинските и жупанските судови им се изрекуваат на деца и млади со проблеми во однесувањето, и тоа: упатување во дисциплински центар; засилена грижа и надзор со дневен престој во воспитна установа; и воспитни мерки што се изрекуваат од страна на прекршочните судови. Целта на воспитниот третман е да им се обезбеди континуирана стручна помош на корисниците што ќе доведе до зајакнување на довербата, усвојување соодветни методи на учење, подобро решавање конфликти, креативна организација на слободното време, подобро приспособување на барањата на социјалната средина и одговорно однесување. Поради потребите на децата и младите, работата во Одделот, примарно во однос на мерките изречени со судска одлука, се организира во текот на 24 часа, за што се ангажирани четворица стручни воспитувачи (двајца дефектолози – социјални педагози и двајца социјални работници) и еден професионален терапевт.

Воспитната мерка упатување во воспитен завод се извршува во две установи:

- Воспитен завод во Пожега[36] и
- Воспитен завод во Туропоље.[37]

Постојат и посебни **домови за деца зависници од droги или други опојни средства,** кои на децата уживатели и зависници, по медицинското лекување, им даваат услуги на згрижување, воспитание, психосоцијална грижа и општествена интеграција. Овие домови мора да имаат основен стручен тим составен од социјален работник, социјален педагог и психолог.

# 4. ЦРНА ГОРА

## 4.1. Преглед на релевантно законодавство

Видовите на кривичните санкции и постапувањето со малолетниците е регулирано во посебен Закон за постапување спрема малолетниците во кривичната постапка, кој започна со примена на 1.9.2012 година.[38]

Овој закон содржи одредби од материјалното, процесното и извршното кривично право, па со неговото донесување престанаа да се применуваат одредбите од КЗ,[39] ЗКП[40] и Законот за извршување на санкциите што се однесуваат на малолетниците.[41]

Основањето воспитни установи за деца со различни проблеми се врши согласно Законот за социјална и детска заштита.[42] Во рамките на целите на социјална и детска заштита, меѓу другите категории, заштита им се обезбедува и на децата и на малолетниците во судир со законот.

---

[36] https://pravosudje.gov.hr/odgojni-zavod-u-pozegi/6591.

[37] https://pravosudje.gov.hr/odgojni-zavod-u-turopolju/6592.

[38] Zakon o postupanju prema maloljetnicima u krivičnom postupku, "Službeni list CG", br. 64/2011 od 29.12.2011. godine.

[39] Krivični zakonika, "Službeni list RCG", br. 70/03, 47/06 i "Službeni list CG", br. 40/08, 25/10 i 32/11),

[40] Zakonik o krivičnom postupku, Službeni list RCG", br. 71/03 i 47/06

[41] Zakona o izvršenju krivičnih sankcija, "Službeni list RCG", br. 25/94, 69/03 i 65/04 i "Službeni list CG", broj 32/11.

[42] Zakon o socijalnoj i dječjoj zaštiti, "Službeni list CG", br. 27/2013, 1/2015, 42/2015, i 47/2015.

### 4.2. Видови воспитни мерки

Согласно одредбите на Законот за постапување, спрема малолетниците за сторено кривично дело може да се изречат: воспитни мерки, казна малолетнички затвор и мерки на безбедност.

Постојат три вида воспитни мерки: мерки за предупредување и насочување; мерки на засилен надзор и институционални мерки.

За потребите на овој краток компаративен преглед, предмет на елаборација ќе бидат мерките на засилен надзор со дневен престој во соодветната установа или организација за воспитување и образование на малолетниците; упатување во воспитна установа од незаводски тип; упатување во установа од заводски тип; упатување во специјализирана установа.

***Засилен надзор со дневен престој во соодветната установа или организација за воспитување и образование на малолетниците*** – судот ја изрекува кога ќе оцени дека покрај некоја мерка на засилен надзор, потребно е ангажирање стручни лица од установа или организација што се занимава со воспитување или образование на малолетниците. Нејзиното времетраење изнесува од 6 месеци до 2 години, а во текот на нејзиното траење, судот одлучува за нејзиното престанување. Малолетникот останува во својот дом, а определен број часови во текот на денот минува во установата. Малолетникот останува во средината во која живеел, а престојот во установата не му ги попречува редовните активности во однос на образование или работен ангажман.

***Упатување во воспитна установа од незаводски тип*** – судот ќе изрече кога е потребно малолетникот да се издвои од средината во која живее, а со цел да му се обезбедат помош и постојан надзор од страна на стручни лица. Може да трае од 6 месеци до 2 години, при што на секои 6 месеци се преиспитува потребата од нејзино прекинување или заменување со друга мерка. Лицето може да остане во установата до навршена 21 година.

***Упатување во установа од заводски тип*** – судот ја изрекува спрема малолетници на кои, покрај издвојувањето од средината, неопходни им се засилени мерки на надзор и посебни стручни програми за воспитување. При одлуката, судот посебно ги оценува

поранешниот живот на малолетникот, тежината и природата на стореното кривично дело и дали спрема него порано била изрекувана некоја кривична санкција. Оваа мерка може да трае од 6 месеци до 3 години, при што на секои 6 месеци се преиспитува потребата од нејзино прекинување или заменување со друга мерка. Лицето може да остане во установата до навршени 23 години.

***Упатување во специјализирана установа*** – малолетник со психофизички пречки во развојот се упатува во ваква установа со одлука на суд, кога наместо упатување во воспитна установа од незаводски тип, односно во установа од заводски тип, судот ќе одлучи да биде сместен во ваква установа каде што може да му се обезбеди лекување и оспособување. Мерката може да трае најдолго 3 години, при што на секои 6 месеци се преиспитува потребата од нејзино прекинување или заменување со друга мерка. Оваа воспитна мерка може да му се изрече и на малолетник што сторил противправно дело пропишано со закон, како кривично дело, наместо изрекување мерка на безбедност – задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. Штом малолетникот стане полнолетен, судот е должен да ја испита потребата до негово натамошно задржување во специјализираната установа. Во оваа установа, лицето на кое му е изречена воспитна мерка може да остане до навршена 21 година, а ако воспитната мерка е изречена наместо мерка на безбедност, лицето може да остане во установата до навршени 23 години.

### 4.3. Извршување на воспитните мерки

***Засилен надзор со дневен престој во соодветната установа или организација за воспитување и образование на малолетниците*** започнува со извршување, со определување стручно лице што ќе го следи извршувањето и ќе ѝ поднесува извештај на стручната служба на секои 2 месеци за времетраењето на воспитната мерка. Дневниот престој во установата може да изнесува најдолго 4 часа во текот на еден работен ден.

***Упатување во воспитна установа од незаводски тип*** – се извршува во установа што обезбедува сместување и задоволување на воспитните, здравствените, образовните, спортските и другите развојни потреби на малолетникот. Со оглед на фактот што оваа установа е основана според прописите на социјалната заштита, малолетникот со изречена воспитна мерка ги има истите права и обврски како и другите малолетници и не е дозволено тој да биде издвојуван од другите малолетници. За текот на извршување на мерката и постигнатите резултати, установата е должна да доставува известување до судот на секои три месеци, а органот на старателство на секои шест месеци. Согласно подзаконските акти,[43] во установата мора да се обезбеди развој на потенцијалите и зајакнување на корисниците, и тоа по пат на поддршка во психосоцијалниот развој, во остварување на контактите со семејството, рехабилитација, хабилитација и терапија во согласност со потребите. Во функција на подготвување за самостоен живот, во установата мора да се развиваат различни вештини: за препознавање и решавање на проблемите; комуникациски вештини; вештини за самозаштита и донесување одлуки и преземање лична одговорност.

***Упатување во установа од заводски тип*** – оваа институционална воспитна мерка се извршува во одделенијата за малолетници. Малолетниците се издвојуваат според полот. При приемот на малолетникот, мора да му се дадат сите потребни известувања за правилата на сместувањето и други известувања што се однесуваат на извршувањето на оваа воспитна мерка, на јазик што го разбира и на начин што е разбирлив за него. Задолжително се врши лекарски преглед. Во првите 15 дена од приемот, стручниот тим изработува извештај во кој се содржани психолошките, образовните и социјалните проблеми што ги има детето. Врз основа на ваквиот извештај се изготвува посебна индивидуализирана програма според потребите на малолетникот, со особен акцент врз образованието, личниот и социјален развој, стручното оспособување и ресоцијализација и која, меѓу другото, опфаќа работна и

[43] Pravilnik o bliţim uslovima za izvršenje institucionalne mjere upućivanje u vaspitnu ustanovu nezavodskog tipa, Ministarstvo rada i socijalnog staranja, 22.07.2015.

професионална терапија, обука за социјални вештини и способности, контрола на агресијата, лекување од зависности, индивидуална и групна терапија, програми за ресторативна правда, креативно организирање на слободното време и сл. Со цел успешно спроведување на индивидуалните програми, малолетниците се распоредуваат во групи во зависност од возраста, душевната развиеност и други лични својства. За спроведување на секоја индивидуална програма се определува одговорно лице – воспитувач. За текот на извршување на мерката и за постигнатите резултати, установата е должна да доставува известување до судот на секои три месеци, а органот на старателство на секои шест месеци.

***Упатување во специјализирана установа*** – се извршува во посебна установа, која ја определува органот на државна управа што е надлежен за областа на здравството, а во која постојат услови за лекување и чување на малолетникот. Специјализираната установа е должна за резултатите од извршувањето на институционалната мерка да доставува известување до судот на секои три месеци, а органот на старателство на секои шест месеци.

## 4.4 Видови установи за деца и малолетници

Во согласност со Законот за социјална и детска заштита, во рамките на јавните установи се формираат и установи за деца и млади, меѓу другото, заради обезбедување поинтензивна грижа, поддршка и заштита.

**ЈУ Центар за деца и млади „Љубовиќ“ – Подгорица**[44] е воспитна установа што е формирана уште во 1948 година, а од 1968 година станува установа каде што се извршуваат воспитните мерки упатување во воспитна установа во траење од 6 месеци до 3 години. Задачата на оваа установа е згрижување, воспитување, образование, професионално оспособување и обезбедување здравствена заштита на децата и младите со нарушување во општественото однесување, како и преземање соодветни мерки за спречување тие да ги нарушуваат општествено прифатените норми и да вршат кривични

44 http://centarljubovic.me/index.php?option=com_content&view=article&id=1:nama&catid=1:o-nama; http://www. medicalcg.me/izdanje-br-69/centar-za-djecu-i-mlade-ljubovic-podgorica/.

дела. Може да се сместат 30 штитеници на институционален третман на возраст помеѓу 14 и 18 години. Се сместуваат со одлука на суд поради судир со законот, но и деца што имаат социјални потреби. Во центарот работи мултидисциплинарен тим составен од различни профили: специјални педагози, социјални работници, педагози, психолози и др. Се нагласува индивидуалната работа со штитениците и се изработуваат индивидуални планови за третман приспособени спрема потребите на штитеникот.

**ЈУ Завод „Комански мост" – Подгорица**[45] е формиран во 1976 година како установа за деца и млади со умерени, потешки и тешки пречки во интелектуалниот развој. Од 2006 година прераснува во установа за сместување лица со ментална попреченост. Заводот соработува со родителите, старателите на децата, органите за старателство и со други установи за социјална и детска заштита. Родителите и роднините на корисниците имаат право да учествуваат во сите активности што се однесуваат на корисниците.

---

[45] http://juzkomanskimost.me/.

# ВТОР ДЕЛ

## I. САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА И УСТАНОВИ ЗА НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1. Правна рамка

Имплементацијата на меѓународните норми и стандарди во македонскиот систем на правда за децата и детската заштита започнува со Законот за малолетничка правда од 2007 година, со чие усвојување започнува интензивна потрага по воспоставување баланс помеѓу моделот на „parens patriae“ и моделот на правда, како две идеи што се појавуваат како основни лостови на промените во оваа област, на кои се надоврзува и третиот, „партиципативен“ модел, чијашто основа е барањето за активно учество на заедницата во заштитата на децата и нивна реинтеграција во главните социјални текови по пат на минимизирање на формалната легална интервенција (в. Soyth, 6; Walgrave/Mexlbye, 3). Низ постапна имплементација на меѓународните норми и стандарди започнува формирање конзистентен систем на институти што се насочени кон општите казненоправни решенија и треба да се систематизираат во еден закон, кој предвидува превентивно ориентиран модел на третманот не само на децата престапници, туку и на децата „во ризик“ и децата жртви на казнени дела.

Со Законот за правда за децата од 2013 година се заокружува системот на правда за децата, втемелен со претходниот Закон за малолетничка правда, унапредувајќи ги начелата врз кои беа засновани и поранешните решенија низ натамошно развивање на новите категории деца во конфликт со законот и деца во ризик согласно Ријадските правила (в. поопширно Int. Rev. of Crim. Policy 49/50, 12). Централно подрачје на кое се развива новиот концепт на

правда за децата е системот на санкции. Заедно со напуштањето на концептот на вината и на казната како справедливо возвраќање за стореното казнено дело, системот на санкции во Законот за правда за децата целосно ја инкорпорира во себе идејата на ресторативна правда (restorative justice, в. Walter, 760). Додека ретрибутивната правда се сведува на прашањето – како да се казни сторителот, ресторативната правда е окупирана со прашањето – како да се реставрира благосостојбата на детето, жртвата и заедницата. Наспроти ретрибутивната правда, која е свртена кон минатото (порамнување со извршеното дело), ресторативната правда е ориентирана кон иднината: специјална превенција и ресоцијализација на сторителот, сатисфакција на оштетениот во вид на компензација на штетата и задоволување на потребите на заедницата за спречување казнени дела. Ретрибутивната санкција не го решава основниот конфликт меѓу сторителот и оштетениот и може да биде извор и на нови конфликти, особено ако продолжи заемното непријателство меѓу нив. Наспроти тоа, ресторативната правда е ориентирана кон решавање на конфликтот, со помирување и компензација на штетата или со примена на друга санкција што е прифатлива за сите (општокорисна работа и сл.). Прифаќањето на идејата за ресторативна правда, како водечко начело на правдата за деца, се соочува со разумните предупредувања за почитување на основните државноправни гаранции (в. Jessberger/Kress, 846): системот на правда за децата треба да биде хармонизиран со начелата на правната држава, слободите и правата на децата и потребата од ефикасна заштита на општеството од криминал.

Овие начела, кои треба да претставуваат основа на новиот концепт на правда за децата и политиката на детска заштита се, сепак, нецелосно имплементирани ниту во Законот за правда за децата ниту во посебните закони во кои се предвидени мерки и санкции спрема деца во ризик и деца во судир со законот. Дури и во делот на ЗПД, кој главно се однесува (по инерција со поранешниот доминантен казненоправен третман на децата) на децата во судир со законот, останува тенденцијата целиот систем на мерки и санкции да се потпира врз институционални решенија (заводски мерки и

казна затвор за деца). Тој и не содржи поподробни одредби за мерките на засилен надзор во семејството, кое исто така треба да биде инволвирано во грижата и заштитата на децата во судир со законот, или за засилениот надзор од згрижувачко семејство, ниту за дополнителните обврски при заштитниот надзор. Исто така, целиот товар на надзор над вонинституционалните мерки е префрлен, наместо врз посебна пробациска служба за работа со деца, врз центрите за социјална работа, кои не располагаат со доволно капацитети за преземање посебни мерки на третман и надзор како поддршка на семејствата.

Институционалниот третман е уреден со ЗПД, но се однесува само на институциите за сместување деца во судир со законот. Другите институции се надвор од овој закон и со тоа, се чини, надвор од сферата на исполнување на меѓународните норми и стандарди за третманот, заштитата и правата на децата.

## 2. Терминолошко определување на категориите деца и други лица

Опфатот на оваа анализа е предодреден и со тоа ограничен на двете категории деца, дефинирани со Законот за правда за децата (ЗПД, чл. 19), кој во рамките на општиот поим „дете“, што согласно КПД се однесува на секое лице на возраст до 18 години, разликува: „дете во ризик“ и „дете во судир со законот“.

На овие два средишни категоријални поими се надоврзува одредувањето на формите и содржините на постапувањето со деца, како и надлежноста на органите, постапките и мерките на помош, грижа и заштита, воспитни и алтернативни мерки и казнување на децата и помладите полнолетни лица. Разликувањето на овие две категории деца претставува „вододелница“ на која законот надоврзува различни системски решенија во однос на нивниот третман. Во основата, „децата во ризик“ се исключуваат од формалната судска постапка и постапувањето со нив е препуштено на центрите за социјална работа и другите органи надлежни за помош, грижа, заштита и воспитување на децата. Наспроти тоа, со

„децата во судир со законот“ се постапува во формална судска постапка и се применуваат вонинституционални и институционални мерки определени со овој закон, вклучително за одредени категории и на санкции од типот казни.

**„Дете во ризик“** е секое дете што навршило седум, а не навршило 18 години, со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/-от, односно старателите/-от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е, или, пак, може да дојде во допир со законот како жртва или како сведок на дејство што со закон е предвидено како прекршок или дејство што со закон е предвидено како кривично дело.

Поимот на „дете во ризик“ (ЗПД) е проширен и на дете што сторило дејство со закон предвидено како кривично дело или прекршок, при што се разликуваат две категории: дете што во време на извршувањето на дејството со закон предвидено како кривично дело, за кое е предвидена парична казна или затвор над три години или прекршок, навршило седум, а не навршило 14 години; и дете што во времето на извршување на дејството со закон предвидено како кривично дело, за кое е предвидена парична казна или затвор до три години или дејство со закон предвидено како прекршок, навршило 14, а не навршило 18 години.

Содржината на поимот „дете во ризик“ е одредена согласно Ријадските правила врз широка психосоцијална основа и има цел издвојување и посебен третман на деца од седум до 18 години, кој се состои во мерки на рана заштита и превентивна интервенција, нужни во ситуација на загрозување на здравјето, воспитувањето, социјализацијата и правилниот развој и остварувањето на основните човекови права на детето. Опасностите за детето може да имаат ендогени (болест, заостанат душевен развој итн.) или егзогени

причини, како што се проблемите во најнепосредната средина (семејната состојба) или пошироките социо-економските услови во кои детето живее и се развива (сиромаштија, бегање од училиште, негативни влијанија на средината, питање итн.). Оваа одредба упатува на неколку околности: телесна попреченост или пречки во менталниот развој, ситуација во која детето е жртва на насилство или е воспитно и социјално запуштено, состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите, односно старателите, состојба во која детето не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, или е вовлечено во питање, скитање или проституција, употреба на дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол. Со таквата околност може да биде создадена опасност детето да дојде во судир или во допир со закон како жртва или како сведок на дејство што со закон е предвидено како прекршок или како казнено дело.

Постапувањето со „деца во ризик“ има карактер на преземање мерки од центрите за социјална работа, училиштата и другите институции мотивирани исклучиво од превентивни цели, кои не се состојат само во отстранување на негативните фактори на влијание, туку и во унапредување на правата и благосостојбата на детето. Покрај одредбите од овој закон, кои се однесуваат на постапување со дете во ризик (чл. 20-32), со законите за семејството, образованието и воспитувањето и социјалната заштита се определени општи мерки на примарна превенција што се однесуваат на грижа, заштита и развој на децата воопшто, и мерки на секундарна и терцијарна превенција. Секундарната превенција се остварува со идентификација на „децата во ризик“ од воспитните и образовните институции и центрите за социјална заштита и постапување со такви деца, која опфаќа шест фази: идентификација на проблемот (социјални работници, учители, полиција во контакти со родители итн.); лоцирање на проблемот (во средината каде што постои таква опасност); идентификација на децата (собирање информации за групи деца во ризик); поставување временска рамка за акција (координирана од повеќе структури, воспитувачи и др.);

мониторинг на програмата; и натамошно следење на ефектите на програмата. Терцијарната превенција опфаќа мерки за индивидуални случаи насочени кон дете во ризик што имаат карактер на заштита и помош или, пак, кон неговото семејство и друга средина (образовни институции).

Опасноста за детето и неговиот развој може да биде манифестирана и со извршувањето дејство со закон предвидено како казнено дело или прекршок, поради што поимот „дете во ризик" опфаќа и дете до 14-годишна возраст што сторило дејство со закон предвидено како потешко кривично дело или прекршок, или дете од 14 до 18-годишна возраст што сторило дејство предвидено со закон како полесно кривично дело или прекршок. Во првиот случај, стореното дејство упатува на воспитна запуштеност или други пречки во развојот на детето и налага преземање определени мерки на превенција и заштита. Во вториот случај, третирањето на детето како „дете во ризик" има првостепена цел, тоа да се извлече од судско постапување и формален институционален третман, кој може штетно да се одрази на неговиот развој, и спрема него да се преземат превентивни мерки на помош и заштита, освен кога се исполнети условите одредени со ЗПД (чл. 75 и 76) за водење судска постапка спрема него и примена на мерки и санкции определени со овој закон.

Во областа на социјалната заштита, поимот **„социјален ризик"** е содржан во одредбите од Законот за социјална заштита и ги опфаќа, покрај другите категории, и децата, при што нагласени се ризиците по здравјето, ризиците на еднородителските семејства, ризиците од сиромаштија и ризиците од друг вид социјална исклученост. И Законот за заштита на децата и Законот за семејството имплицитно ги диференцираат децата во ризик предвидувајќи мерки за помош и згрижување „деца на улица", деца без родители и без родителска грижа и други социјално загрозени категории. Одделни документи на Министерството за труд и социјална политика (Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2011–2021, Акциски план за деца на улица 2013–2015) предвидуваат

превентивни мерки и мерки на помош и заштита во однос на децата што користат психоактивни супстанции, кои се посебна таргет-група и на Законот за контрола на droги и психотропни супстанции. Во Националната стратегија за млади 2016–2025 година, како една од примарните цели е определена ресоцијализацијата и рехабилитација на деца во ризик, посебно на деца што страдаат од болести на зависност (Димовска (2016), 6).

ЗПД разликува и две категории опфатени со поимот на **„дете во судир со закон“**: дете што во времето на извршување на дејството со закон предвидено како кривично дело, за кое е предвидена казна затвор над три години, навршило 14, а не навршило 16 години; и дете што во времето на извршување на дејството со закон предвидено како кривично дело, за кое е предвидена казна затвор над три години, навршило 16 години, а не навршило 18 години. Законот не употребува израз „сторител на кривично дело“ или „сторител на прекршок“ за да ја нагласи разликата помеѓу законското уредување на правдата за деца и казненото и прекршочното право резервирано за полнолетни сторители на кривични дела или прекршоци, која не е само терминолошка, туку имплицира низа посебности: од начелата на постапување до мерките и санкциите, чиишто функции и цели се предодредени со интересите на детето за помош, заштита и превоспитување.

Покрај примената на институционални мерки и санкции на децата од овие категории, ЗПД предвидува можност (во чл. 70) за нивно изрекување спрема **помладо полнолетно лице на возраст до 21 година**, кое извршило дејство што со закон е предвидено како кривично дело, а во времето на пресудувањето не навршило 21 година. На сторителот, судот може да му изрече соодветна мерка на засилен надзор или заводска мерка, ако со оглед на неговата личност и околностите под кои е сторено делото може да се очекува дека и со воспитната мерка ќе се постигне целта што би се остварила со изрекувањето на казната. Изречената воспитна мерка може да трае најмногу до навршени 23 години возраст на сторителот. Покрај изречената воспитна мерка, судот, под условите предвидени со ЗПД,

може да му изрече и мерка на безбедност. Ова решение, прифатено во повеќето современи законодавства, е вградено во нашето законодавство како резултат на примената на меѓународните стандарди за детската правда засновани врз научните сознанија дека границата помеѓу детството и полнолетноста не е секогаш реска од аспект на развојот на човековата личност и потребата од превентивни мерки и мерки на помош и заштита. Иако законот не го нагласува тоа, пресудна за водење посебна судска постапка и примена на воспитни мерки резервирани за деца е оцената дека полнолетното лице, според степенот на неговата психофизичка развиеност, воспитување и степен на социјализација, е на рамништето на дете до 18-годишна возраст. На помладо полнолетно лице за сторено кривично дело може да му се изречат и институционални мерки, односно упатување во институции заедно со деца до 18-годишна возраст.

ЗПД предвидува и можност за изрекување институционални мерки за деца и на **полнолетно лице над 21-годишна возраст што сторило казнено дело како дете од над 16-годишна возраст**, за кое е предвидена казна затвор над пет години (чл. 69). Во таков случај, судот може да изрече само соодветна мерка на засилен надзор, заводска воспитна мерка, казна или алтернативна мерка, земајќи ги предвид сите околности на случајот, а особено тежината на стореното дело, времето што поминало од неговото извршување, поведението на сторителот, како и целта што треба да се постигне со овие санкции. Исто така, по исклучок, судот може, наместо затвор за деца, на полнолетното лице да му изрече затвор или условна осуда, со тоа што изречената казна затвор во однос на рехабилитацијата, бришењето на осудата и правните последици од осудата, има исто правно дејство како и казната затвор за деца.

Можноста и на полнолетни лица да им се изречат институционални мерки (заводски мерки или затвор за деца), кои се извршуваат во установи заедно со деца, ја усложнува состојбата во тие установи, пред сѐ, затоа што според општите стандарди за институционалниот третман на деца тие не смеат да се мешаат со полнолетни лица.

Концептот на правда за децата ги опфаќа и правата на **детето жртва** на казнено дело, како и мерките за спречување на нивната ревиктимизација, уредени во посебна глава на ЗПД (гл. XVI – Заштита на деца жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка, чл. 145-153). Дефиницијата на поимот на „дете жртва“ се разликува од дефиницијата на поимот „жртва на кривично дело“ (чл. 122 ст. 22 КЗ), по тоа што посебно ги истакнува, покрај правата, „и интересите“ на детето што може да бидат повредени или загрозени. Оваа дефиниција е усогласена со поимот „жртва на кривично дело“ во ЗКП (чл. 21 т. 4). Поимот „дете жртва“, ЗПД го дефинира (чл. 19) како дете на возраст до 18 години што претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејство со закон предвидено како кривично дело. Оттука, овој поим е асоциран кон поимот „дете во ризик“ и кон примената на мерки на помош и заштита предвидени за таа категорија деца.

### 3. Видови мерки и санкции спрема деца

Третманот на деца во ризик (кон кои се асоцирани и децата жртви) и деца во судир со законот (кон кои, по исклучок, се асоцирани помлади полнолетни и други полнолетни лица) може да се примени само со законски предвидени мерки и санкции. Првиот поим „мерки“ е дефиниран во широка смисла на превентивни мерки на помош и заштита определени со закон, кои не се состојат во одземање и ограничување на слободите и правата на децата.

Според ЗПД (чл. 19), под „**мерки**“ се подразбираат мерки на помош и заштита определени со закон, кои не се состојат во одземање и ограничување на слободите и правата на децата поради сторено дејство со закон предвидено како кривично дело или прекршок или состојба на ризик, кои спрема детето може да ги примени суд или други органи определени со овој закон.

ЗПД (чл. 20-23) предвидува изречна забрана за примена на санкција спрема дете што во време на извршувањето на дејството, со закон предвидено како кривично дело или прекршок, не навршило

14 години, и изрекување исклучиво со закон предвидени мерки на помош и заштита, кои се од најдобар интерес за детето и за неговото воспитување и развој. Спрема дете во ризик до 14 и над 14 години се применуваат мерки на помош и заштита само кога центарот за социјална работа ќе оцени дека состојбата на ризик се одразува врз развојот на личноста на детето и врз неговото правилно воспитување. Мерките на помош и заштита се мерки утврдени со закон во областа на образованието, во здравствената, социјалната, семејната и во други облици на заштита и може да се состојат во институционален или вонинституционален третман.

Дефиницијата на вториот поим „**санкции**" содржи четири елементи:

- тие се последици на дејство со закон предвидено како казнено дело или прекршок;
- се изрекуваат на дете во судир со законот;
- имаат специјално превентивна природа и се состојат во помош и заштита, а исклучиво во ограничување или одземање определени слободи и права на дете од 14 до 18 години;
- ги изрекува суд во постапка определена со овој закон.

Како санкции за дејства со закон инкриминирани како казнени дела, ЗПД (чл. 34) предвидува:

- воспитни мерки;
- алтернативните мерки;
- казна и
- мерки на безбедност.

Притоа, на дете од 16 до 18 години му се изрекуваат само воспитни мерки, додека, пак, на дете од 16 до 18 години можат да му се изречат воспитни мерки, а, по исклучок, казна или алтернативна мерка или, пак, да биде ослободено од казна. За дејство на дете над 14 години, во законот предвидено како казнено дело, му се изрекуваат мерки на безбедност определени со КЗ и со овој закон, а за дејства предвидени како казнени дела и прекршоци

се применуваат и посебните мерки на конфискација на имотна корист и одземање предмети согласно одредбите на КЗ. Од предвидените разновидни санкции, казната затвор за деца, паричната казна, глобата (за прекршоци), забраната на управување со моторно возило и протерувањето странец од земјата имаат и ретрибутивен карактер. Тие имаат рестриктивна и супсидијарна природа, затоа што ретрибуцијата не претставува водечко начело на правдата за деца. Поради тоа, законот предвидува строги услови за нивното изрекување, кога се појавуваат како неопходни во третманот на детето поради посебната тежина на стореното дејство и потенцирањето на неговото чувство на одговорност.

Системот на санкции за децата и нивните цели, содржини и начела и постапки на извршување се засновани врз одредбите на КПД, меѓународните насоки, начела и стандарди, пред сè, на ООН, препораките на СЕ, правото на ЕУ и компаративните системи на државите членки на ЕУ. Нивната примена е обезбедена низ поставувањето правно-институционална рамка сообразена со превентивните можности на општеството за спречување на детската делинквенција и за заштита, помош и воспитување на децата во ризик и децата во судир со законот.

Од посебно значење за дефинирањето на видовите, содржината и целите на системот на санкции се Пекиншките правила за правда за децата (правило 5-9), кои, како нејзини приоритетни цели, ги одредуваат благосостојбата и интересите на детето и начелото на пропорционалност што имплицираат барање секоја мерка и санкција спрема детето во судир со законот да соодветствува со потребите на детето за заштита, грижа и помош и со околностите во кои е сторено дејството предвидено како казнено дело. Во функција на така одредените општи цели на системот на санкции се начелата на индивидуализација, социјализација и реинтеграција на детето, како и забраната за престроги мерки инспирирани од други цели (генерална превенција итн.).

Водечка идеја на системот на санкции за деца не претставува ретрибутивната, туку ресторативната правда, како правда за општеството и јавниот интерес за спречување извршување дејства

предвидени како казнени дела, за жртвата на дејството, но и за детето во судир со законот.

Таквиот концепт на системот на санкции има две димензии:

- исклучувачка – која налага забрана на најстроги ретрибутивни казни (долготраен затвор, строга парична казна итн.) и допушта ограничена примена на казната лишување од слобода под крајно рестриктивни услови; и
- детерминирачка – одредување на содржината на системот на санкции, видовите санкции и моделот на нивната примена, со јасен приоритет на ресоцијализацијата и индивидуалната превенција, наспроти ретрибуцијата и генералната превенција.

Основни карактеристики на системот на санкции за деца во судир со законот се: неговото конципирање како монистички систем, во кој е истакната предноста на превентивните санкции, разновидност на санкциите што треба да ги покрие, разновидните потреби на детето во судир со законот за заштита, помош и воспитување, флексибилна примена на санкциите и избегнување сместување на детето во институција секогаш кога е можна примена на санкција на слобода (воспитна или алтернативна мерка), „свртување" на судската постапка во постапка на медијација со цел избегнување на санкцијата и широки судски овластувања во изборот на санкција што најмногу одговара на специјално превентивната цел.

Основна поделба на видовите санкции во монистичкиот систем е поделбата на алтернативни, вонинституционални санкции, чијашто цел е во остварувањето на посебниот третман детето да не се разделува од неговите родители или од семејството како најприродна заедница на негова поддршка, воспитување и развој, и институционални санкции што подразбираат негово сместување и третман во соодветна институција. Примената на вторите е ставена на второстепена, алтернативна позиција, така што тие треба да се изрекуваат во исклучителни случаи, како крајно средство и со најкус временски рок на примена. Во однос на институционалните

санкции, Пекиншките правила ја определуваат ресоцијализацијата како нивна цел: институционалниот третман има цел да се обезбеди згрижување, заштита, образование и стручно оспособување за да им се помогне на децата во сите области (општествената, образовната, стручната, психолошката, медицинската и физичката), со оглед на нивната возраст, полот, личноста и заради нивниот правилен психички и физички развој. Децата треба да бидат одделени од возрасните во институции наменети за деца или, пак, во посебен дел на институција за возрасни, и заслужуваат посебно внимание во однос на нивните потреби и проблеми, а со цел постигнување поголеми ефекти на третманот, треба да имаат право на контакт со нивните родители или старатели. Облиците на институционален третман подразбираат и примена на полуинституционални програми, како што се, на пример, дневни поправни домови, образовни центри и други програми од тој вид, кои ќе им помогнат во реинтеграцијата во општеството.

Системот на санкции е заснован и врз начела и стандарди што се содржани во препораките на СЕ. Така, Препораката Р(87)20 за социјалната реакција на детската делинквенција на Комитетот на министрите на СЕ ги нагласува следниве барања: сите мерки спрема нив треба да имаат едукативен карактер, бидејќи се работи за лица во развој; социјалната реакција на нивната делинквенција треба да ги земе предвид личноста и специфичните потреби на детето, а специјализираниот третман треба стриктно да се заснова врз Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни документи; системот на санкции треба да биде инспириран од едукацијата и социјалната интеграција како главна цел и, колку што е можно повеќе, да се откаже од мерки што се состојат во лишување од слобода; мерките спрема децата треба да се применуваат во нивната природна средина и треба да ја инволвираат и заедницата, особено на локално ниво. Институционалниот третман треба да има колку што е можно помалку ограничувања и да биде лоциран блиску до семејството. За случаите кога мора да се изрече казна лишување од слобода, се преферира системот на полуслобода и условен отпуст; судијата треба да ги образложи причините за

изрекување на казната затвор; во текот на издржувањето на казната, децата мора да бидат издвоени од возрасните, програмата на ресоцијализација да се заснова врз едукативен и професионален тренинг, а да се создадат и услови за едукативна помош по ослободувањето и помош за реинтеграција на детето. Секогаш кога е можно тоа, тој треба да се замени со алтернативни мерки од типот: пробациски надзор и помош, интензивна едукативна акција, репарација на штетата на делото и општокорисна работа.

Препораката за новите патишта во третирањето на детската делинквенција (Rec(2003)23) на Комитетот на министри на СЕ од 2003 година содржи нови криминално-политички определби во потрагата по одговор за проблемите на нејзиниот брз пораст воопшто, а особено за порастот на нејзините насилнички облици, од кои посебно значење има барањето за проширување на одговорноста за делинквентното однесување и на родителите на детето, како и примена на мерка на репарација на жртвите низ постапка на медијација. Препораките го ставаат во фокусот на интерес и посебниот третман на одделни категории деца во судир со законот, како што се повратници, уживатели на дрога и алкохол и припадници на организираните групи деца под четиринаесетгодишна возраст. Новите одговори на детската делинквенција се поставени во широк спектар мерки и активности, кои вклучуваат: алтернативи на формалната постапка, развивање санкции во заедницата, пробација и слични мерки за тешките облици на делинквенција, пропорционалност и постапност на мерките во зависност од развојната фаза и индивидуалната одговорност на детето, инволвирање на родителите во извршувањето на мерките на надзор, примена на воспитни мерки на помлади полнолетни лица, отстранување на пречките за рехабилитација на помладите полнолетни лица, бришење на податоците за казнувањето од казнената евиденција, подготовка за реинтеграција уште со првиот ден на затворање на детето и постапност во реинтеграцијата (отворени институции, условен отпуст итн.).

Основни санкции се воспитните мерки, кои се состојат во заштита, помош, надзор, стручно оспособување и развивање на личната одговорност на детето во судир со законот над 14-годишна возраст и чија цел е негово воспитување, превоспитување и правилен развој. Се работи за санкции раководени исклучиво од идејата на превенција, систематизирани во три групи: мерки на прекор (укор), мерки на засилен надзор и заводски (институционални) мерки.

Нивното степенување од полесни мерки на слобода до потешки мерки, кои се состојат во сместување во институции, нема цел определување некаква априорна пропорционалност помеѓу видот и тежината на стореното дело и мерката што треба да се изрече, каква што има функција, на пример, начелното степенување на полесните и потешките казни. Начелото на сразмерност (пропорционалност) е изразено низ барањето за избор на воспитна мерка што одговара на личноста на детето и потребите од неговото воспитување и развој. Таквиот заклучок произлегува и од дефинирањето на општите законски услови за примената на одделните видови воспитни мерки што се фокусирани на потребата од потрајни мерки на воспитување: ако не постои таква потреба, а особено ако детето сторило дејство што со закон е предвидено како кривично дело од непромисленост или лекоумност, може да му се изрече мерката укор или упатување во центар за деца; ако постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, но не е нужно целосно одвојување на детето од неговата дотогашна средина, може да се изречат мерки на засилен надзор; кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и целосно одвојување на детето од дотогашната средина, се изрекуваат заводски мерки во траење не подолго од пет години, но најмногу до навршени 23 години.

Законски определените услови за изрекување на одделните мерки упатуваат на постапност, детерминирана со потребниот интензитет на надзорот и воспитувањето: судот треба да изрече мерка на укор, ако не е потребна мерка на засилен надзор, а ваква

мерка, пак, ако не е потребна заводска мерка. Тоа не значи дека во секој конкретен случај треба да се оди по тој пат и дека е исклучено, во зависност од конкретниот случај, судот директно да се одлучи за примена на заводска мерка.

Во рамките на секој од трите видови воспитни мерки се предвидени мерки на институционален третман или, пак, третман поврзан со активност на институции за деца. Кај мерките на дисциплинирање и укор, тоа е мерката на упатување во центар за деца (ЗПД чл. 40), која се изрекува кога е потребно со соодветен воспитен третман, применет во специјализиран центар за воспитување деца, да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето. Се работи за институционализиран третман, кој подразбира ограничување на неговата слобода определен број часови во празнични денови, и тоа најмногу во четири празнични денови едноподруго; на определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец; и на непрекинат престој за определен број денови, но не повеќе од дваесет дена. Според ЗИС, упатувањето на детето во центарот на непрекинат престој на определен број денови се извршува во време кога тоа е слободно (во неработни денови или за време на училиштен распуст). Оваа мерка се извршува и кога детето е работно ангажирано, при што тоа продолжува да го посетува училиштето или да оди на работа, а од центарот му се обезбедени храна и сместување. Модалитетите и траењето на мерката ги определува судот во својата одлука, при чиешто изрекување води сметка со нејзиното извршување детето да не изостане од редовната настава или од работата. Замислена како краткотрајно ограничување на слободата на детето, содржината на оваа мерка се исцрпува низ засилено педагошко дејство врз него („шок-терапија“), кое има цел јакнење на неговата самосвест за штетноста и забранетоста на определени постапки и соочување со можноста за изрекување потешки санкции во случај на нивно повторување. Оттука, нејзиното изрекување претпоставува добра дијагноза на личноста и прогноза за дејството на ограниченото лишување од слобода и педагошкиот третман, кои треба да бидат осмислени така што ќе ја потенцираат вредноста на оние слободи и

права што се засегнати со нејзината примена. Покрај центри за деца што се основаат со акт на Владата на РМ, оваа мерка може да се извршува и во постојните прифатилишта, интернати и други образовни установи и установи за работа со млади, ако во нив во слободното време се организира центар за деца во местото на нивното живеалиште (в. Закон за извршување на санкциите, чл. 283).

Меѓу **мерките на засилен надзор**, институционална мерка претставува мерката на засилен надзор од центарот за социјална работа (ЗПД чл. 43), ако не постојат услови за изрекување некоја од претходните мерки на засилен надзор. За нејзиното времетраење, кое не може да биде пократко од една ни подолго од три години, детето може да остане да живее кај своите родители, старатели или кај други лица што го издржуваат, со тоа што надзор над нив врши центарот. Се работи за посебен вид пробација што се изрекува кога не е потребно целосно издвојување на детето од неговото семејство и кога постојат услови тоа, со помош на центарот, повеќе да се ангажира во неговото воспитување. Тоа значи дека треба да се работи за семејство што е подготвено да соработува со центарот и може да ги исполнува неговите упатства при вршењето на надзорот. Центарот определува стручен работник што непрекинато ќе се грижи за извршувањето на засилениот надзор и за спроведувањето на програмата (в. Закон за извршување на санкциите, чл. 298). Ако детето нема родители или старатели, или ако не е сместено во згрижувачко семејство, центарот го сместува во воспитна установа што го врши надзорот (в. Закон за социјална заштита, чл. 119) и се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на околностите во кои живее. Комбинирана институционално-вонинституционална мерка претставува мерката на засилен надзор од страна на згрижувачко семејство (ЗПД чл. 42), која се состои во предавање на детето на згрижувачко семејство што сака да го прими и што има можност да врши засилен надзор над него. Услов за нејзино изрекување е родителите или старателите на детето да не бидат во можност да вршат надзор над него или

основано да се очекува дека не може да го вршат. Оваа мерка се изрекува во случаите кога детето ќе остане без родители или старатели (поради смрт, негово подолготрајно напуштање итн.), или од различни причини родителите или старателите не може да ја остваруваат својата заштитна и воспитна функција (поради болест, развод, занимавање на родителите со криминална активност итн.). Согласно одредбите на Законот за социјална заштита, избор на згрижувачко семејство врши центарот за социјална работа, кој при таквиот избор се раководи од индивидуалните потреби на детето и неговата возраст, здравствените и моралните капацитети на семејството, степенот на образованието, материјалните и станбените услови на семејството, како и од можностите на семејството да се грижи за воспитувањето и за развојот на детето. Законот за социјална заштита предвидува право на надоместок на трошоците за сместување на детето и надоместок за згрижување. Извршувањето на мерката, центарот му го доверува на семејството определено во судската одлука. Центарот склучува писмен договор со семејството определено во судската одлука во која ќе се утврдат меѓусебните права и обврски во врска со сместувањето и спроведувањето на мерката. За време на нејзиното извршување, на детето му се обезбедува одржување на врските со семејството, доколку надлежниот суд, по предлог на центарот, не определи поинаку (в. Закон за извршување на санкциите, чл. 294-296). При изрекувањето на мерката, судот ќе определи центарот за социјална работа за времетраењето на мерката да го проверува неговото извршување и да му укажува потребна помош на семејството, и го запира извршувањето кога родителите, односно старателите на детето ќе се здобијат со можност да вршат засилен надзор над него, или кога, според резултатите на воспитувањето и превоспитувањето, ќе престане потребата од засилен надзор.

Типично, **институционални воспитни мерки** се заводските мерки упатување во воспитна установа и упатување во воспитно-поправен дом (ЗПД чл. 45 и чл. 46). Тие се предвидени како исклучителни санкции, согласно меѓународните стандарди за правда за децата што го преферираат вонинституционалниот третман на

децата во судир со законот. Нивната примена не е врзана со видот или тежината на дејството на детето, предвидено како казнено дело, туку со неговата состојба и со потребата од потраен надзор и засилени мерки на воспитување, превоспитување и правилен развој. Од друга страна, нивната резервна позиција во однос на другите воспитни мерки е наметната со сознанието дека извлекувањето на детето од неговата природна средина – семејството и негово подредување на посебен режим на ограничување на слободата – може да биде контрапродуктивно од аспект на очекуваните ефекти на неговото воспитување и развој. Поради тоа, одлуката на судот за изрекување институционална мерка претпоставува стручно заснована дијагноза за состојбата на детето и прогноза за нејзините воспитни и други ефекти, содржана во наод и мислење на центарот за социјална работа и стручните соработници на судот.

**Упатувањето во воспитна установа** се изрекува кога детето треба да се одвои од неговата семејна средина и да се подреди на постојан надзор од стручни лица и интензивен воспитен процес, но притоа да не се работи за таков степен на воспитна запуштеност и девијантно однесување што би налагале негово упатување во воспитно-поправен дом. Воспитната установа е установа наменета за воспитување и социјална заштита на деца и младинци. Детето на кое му е изречена оваа мерка се става во исти услови и има исти права и должности како и другите деца што се сместени во установата, со тоа што, во однос на воспитувањето и надзорот, му се посветува посебно внимание, а со околноста дека спрема него е изречена и се извршува воспитна мерка од заводски вид се запознаваат само раководителот на установата и воспитувачот на кого му е доверено детето. За време на училишниот распуст и празниците, кога воспитната установа не работи, детето може да се прати кај родителите, старателите или кај блиски роднини, или, ако нема каде да се смести, центарот му определува соодветно сместување. Раководителот на воспитната установа е должен најмалку на секои шест месеци, или кога надлежниот суд или центарот ќе го побараат тоа, да ги извести за успехот на примената на мерката (в. Закон за извршување на санкциите, чл. 306-310).

Мерката се изрекува со неодредено траење, кое не може да биде пократко од шест ниту подолг од три години. Судот дополнително одлучува за нејзиното траење врз основа и на мислењето од установата во која таа се извршува.

**Упатување во ВПД** се изрекува на дете спрема кое треба да се применат потрајни и засилени мерки на воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина. При одлучувањето дали ќе ја изрече оваа мерка, судот посебно ќе ги земе предвид тежината и природата на стореното дело и околноста дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца. Во воспитно-поправниот дом детето останува најмалку една, а најмногу пет години, до навршени 23 години. Судот не го одредува траењето на оваа мерка при нејзиното изрекување, туку за тоа дополнително одлучува и должен е да ја преиспитува потребата од престојот во воспитно-поправниот дом секоја година. Воспитно-поправниот дом е специјализирана воспитна установа, со посебна образовно-стручна програма и со посебен режим на обезбедување. Се работи за мерка од типот на „училиште – затвор“, чиешто извршување се состои во лишување од слобода на детето и негово вклучување во општа образовна програма или програма за стручно оспособување. Третманот на детето во воспитно-поправниот дом се организира така што му се обезбедуваат услови за основно и средно образование и воспитание, за стекнување и развивање позитивни навики, на вредносни особини и за работно остручување и оспособување за одделни занимања. Ако во воспитно-поправниот дом не постои настава од одредена насока или степен на образование, детето може таквата настава да ја посетува и надвор од воспитно-поправниот дом. Во домот му се обезбедуваат и услови за активно користење на слободното време со културни, забавни и спортски активности, одржување контакти со семејството и други лица и институции што можат позитивно да влијаат врз неговата ресоцијализација. При изборот на струката што ја изучуваат малолетните лица, за кои се организира настава за средно образование, се води сметка за нивните способности и склоности, за можностите на воспитно-поправниот дом и за други

околности што се од значење за остварувањето на целта на воспитната мерка. Децата што ќе се здобијат со квалификација во воспитно-поправниот дом добиваат свидетелство, од кое не смее да се гледа дека е добиено во домот (в. Закон за извршување на санкциите чл. 311-319).

Збирот казни за деца од 16 до 18-годишна возраст за дејства во законот, предвидени како потешко казнено дело, ја содржи казната **затвор за деца** како најтешка институционална санкција. Наместо воспитна или алтернативна мерка, кои како специјално превентивни санкции, по правило, имаат предност кога се исполнети законските услови (ЗПД чл. 50-57), судот може да изрече казна, ако според околностите на конкретниот случај заклучи дека не е оправдано нивно изрекување. Казната затвор за деца судот може да ја изрече само кога ќе оцени дека специјално превентивната цел на санкциите за деца не може да се постигне со изрекување воспитни мерки. Казната затвор за деца може да му се изрече на кривично одговорно дете над 16-годишна возраст ако сторило дејство со закон предвидено како казнено дело, за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Исполнувањето на кумулативните услови – висок степен на кривична одговорност, пропишана казна, особено отежнувачки околности на делото, неоправданост на изрекувањето воспитна мерка – мора да бидат утврдени низ постапката спрема детето во сите подробности што се однесуваат на субјективното и објективното битие на стореното дело и издржан наод и мислење на центарот за социјална работа и стручните соработници на судот во однос на санкцијата што треба да се изрече (воспитна мерка или казна). Законот го ограничува траењето на казната, кое не може да биде пократко од една ниту подолго од десет години. Казната затвор за деца се извршува во посебна установа, во која децата се издвоени од полнолетни осудени лица до навршување 23-годишна возраст. Притоа, децата од машки и од женски пол се издвоени, но можат да бидат здружени во рамките на образовни, социјални и забавни

програми или програми за професионално оспособување. Установата во која децата издржуваат казна има минимални безбедносни услови за спречување бегство, но со препреки што не може да предизвикаат физичко повредување при таков обид. Исто така, установата мора да има отворено одделение во кое детето ќе прогресира, кога ќе се утврди дека поради отсуство на физичко обезбедување нема да побегне и дека ќе се придржува на редот заснован врз самодисциплина во одделението. Третманот на децата во установата се спроведува според стручно изготвена програма, конципирана на тој начин што ќе ги охрабрува и ќе им помага, поттикнувајќи кај нив позитивни особини и развој на личноста и овозможувајќи остручување и оспособување за живот на слобода. Во установата може да се организира настава за основно воспитание и образование и други видови стручно оспособување, а изборот на работата, видот на наставата и стручното оспособување се врши според можностите на установата, притоа имајќи ги предвид физичките способности, личните својства и склоноста на детето за одделен вид занимање. Ако во установата нема услови за организирање настава, децата можат да посетуваат настава во училиште во местото на нејзиното седиште (в. Закон за извршување на санкциите, чл. 258-270).

Системот на институционални мерки за деца ги вклучува и **мерките на безбедност** што се состојат во лекување предвидени во КЗ (чл. 60-65): задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани. Мерките се изрекуваат кога се исполнети условите предвидени во КЗ, врзани за посебната биопсихолошка состојба на личноста на детето во времето на извршување дејство предвидено со закон како казнено дело. Нивното извршување, кое опфаќа и институционален третман (сместување во психијатриски клиники, повремено лекување во здравствени установи, третман во установи за лекување зависности), е уредено со Законот за извршување на санкциите.

Покрај санкциите од институционален карактер, посебен облик на институционален третман на децата во конфликт со

законот претставува **притворо**т во текот на судската постапка. Независно од тоа што претставува процесна мерка што единствено има цел обезбедување присуство на детето во постапката и не исполнува ниедна од целите на воспитните мерки и казнувањето деца, неговото одредување налага посебна претпазливост и одредување посебен режим на постапување со детето за време на неговото траење, чија цел е избегнување, во најголема можна мера, на негативните ефекти на лишувањето од слобода врз личноста на детето. Поради тоа, ЗПД содржи посебни одредби (чл. 120) што го уредуваат режимот на сместувањето на детето во притвор: одвоеност од полнолетни лица, обезбедување во притворот, право на работна и друга активност што е корисна за неговото воспитување и за отстранување на негативните последици на лишувањето од слобода врз неговата личност, право на контакт со семејството најмалку еднаш неделно, право на приватно и доверливо контактирање по потреба, право на медицинска помош и заштита и право на следење информации преку средствата за јавно информирање. Законот предвидува посебна обврска на судијата за деца, кој е должен најмалку еднаш при краткотрајниот притвор да го посети притвореното дете, а ако притворот трае подолго, да го посетува најмалку еднаш на секои десет дена.

## 4. Облици на грижа и заштита на децата

### 4.1. Институционален третман

#### 4.1.1. Основни карактеристики на институционалниот третман

Сферата на институционалниот третман на децата е едно од средишните подрачја на социјалната политика на Република Македонија, заснована врз повеќе владини документи: Националната програма за развој на социјалната заштита 2011–2021 година во согласност со Законот за социјална заштита, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010–2015 година, каде што се споменати децата без родители и без родителска грижа, Програмата за здравствена заштита на лица со болести на

зависности, Националната стратегија за млади 2016–2025 година и Акцискиот план за млади и Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014–2020 година (в. Димовска, (2016), 6). Но, основна слабост на овие документи е непостоењето сигурна евиденција во однос на сите категории што се опфатени со овие документи.

Основна карактеристика на македонскиот систем на мерки и санкции спрема децата во ризик и децата во судир со законот е неговата институционализација. Упатувањето на мерки на згрижување, помош, заштита и превоспитување во различни образовни, медицински, воспитно-поправни, па и казнени (затворски) институции ѝ дава белег на македонската социјална, образовно-воспитна, здравствена и друга заштита и третман на децата, посебно во областа на детската правда, на формализирана структура на државни, односно јавни институции што го претставуваат општествениот интерес во областа на детската заштита.

Ориентацијата кон институционален третман на децата во ризик и децата во судир со законот е наследена од поранешниот социјалистички систем, кој институционалниот одговор на општествените проблеми го потпираше врз илузионистичката идеја на општествено единство, еднаквост и солидарност, истовремено задржувајќи ги традиционалната улога и влијанието на семејството врз остварувањето на функциите на подигање и заштита на децата.

Денес, институционализацијата на третманот на овие категории деца доживува суштествена трансформација. Од една страна, низ неа се отелотворува социјалната функција на државата што се остварува во променет политички, економски и правен систем, втемелен врз појдовните начела на политичкиот и сопственичкиот плурализам, слободната и недиригирана економија и државните структури формирани врз начелото на поделба на власта. Доминантна улога во сферата на детската заштита имаат институциите на извршната власт и јавната администрација – министерствата, јавните установи за образование, здравство и други дејности, воспитно-поправните заводи итн. Овие институции, од една страна, се соочуваат со слабеење на принципот на општествена

солидарност, единство и општествена одговорност на сите општествени субјекти за проблемите на децата, а, од друга страна, со современите процеси на распад на традиционалното семејство и неговите основни функции за подигање на децата. Покрај тоа, остварувајќи ја препуштената улога на нив на „parens patriae“ (засилена интервенција и преземање на должноста на државата за грижа за децата и нивно подигање), се судираат со проблемите што ги создава сиромаштијата на голем дел од населението (речиси секој четврти граѓанин на Република Македонија е под или близу прагот на сиромаштија според светските стандарди) и недостигот на буџетски средства за нивното финансирање.

Резултат на дејствувањето на тие фактори се низа слабости на институционалниот систем за грижа и заштита на децата – недоволно обмислена мрежа институции, недоволни според своите капацитети, кадровска, материјална и стручна опременост, непостоење поголема координација помеѓу институции што потпаѓаат под ингеренции на различни министерства (Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука и Министерство за правда), непостоење изедначени критериуми за надзор над нивното работење, различни извори на финансирање, непостоење единствени бази на податоци итн.

Симбол на распадот на стариот институционален систем на заштита на децата претставуваат разрушувањето и узурпацијата на ВПД Тетово од парамилитарни формации во текот на вооружените конфликти во 2001 година (што треба да се третира како воено злосторство согласно Женевската конвенција за заштита на граѓански лица за време на војна, која (чл. 50) забранува уништување институции за грижа и образование на деца; до денес никој не покренува прашање за казнена одговорност на сторителите на тоа меѓународно злосторство). Во целиот регион, ВПД Тетово претставуваше ретка установа за деца во судир со законот од најмодерен павилјонски тип, со неопходни функции на воспитување и образование во самиот дом и во училиштата и градот, со стандарден број воспитувачи итн. По разурнувањето, од крајот на

2001 година ВПД Тетово продолжи да функционира во објект во состав на КПУ Скопје во Шуто Оризари, а потоа, до денес, во затворот во Охрид. При посетата на домот во 2016 година, Народниот правобранител во својот извештај регистрира катастрофални услови за негово функционирање, без редовен образовен процес, здравствена служба и без соработка со надлежните судови и центрите за социјална работа. Самиот факт што цели 17 години по разрушувањето на ВПД Тетово не се обезбедени ни минимални просторни услови за продолжување со работа на установа од ваков тип, доволно зборува за недозволено индолентниот однос на државата кон проблемите на децата и приоритетот на нивниот интерес за грижа, помош и заштита. Судбината на ВПД Тетово е катастрофален пораз на социјалната држава и показ за моралниот пад на македонското општество под рамништето на елементарна солидарност и хуманост.

Согласно мрежата на КПУ во Република Македонија, КПУ Затвор Охрид функционира како установа во која се извршува казната затвор за деца. Во **КПУ Затвор Охрид** се упатуваат: а) помлади полнолетни и малолетни машки лица осудени со правосилна пресуда на казна малолетнички затвор; б) машки и женски лица спрема кои е определен притвор од подрачјето на основните судови Дебар, Охрид и Струга, освен притворот определен за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор[46].

[46] Види: Решение за распоредување на осудените, казнетите и малолетните лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008).

### 4.1.2. Облици на институционални санкции спрема децата

#### 4.1.2.1. Осудени деца според полот, обидот и изречените кривични санкции

Согласно податоците од Државниот завод за статистика, во последните пет години (2012–2016 година), во просек, осудени се 461 дете на возраст од 14 до 16 години. Најмногу деца на возраст од 14 до 16 години се осудени во 2012 година, по што следува континуиран пад во следните години, со најниска забележана стапка во 2015 година, по што овој број расте во 2016 година.

Од вкупниот број осудени деца на возраст од 14 до 16 години, во просек, 4,5% се од женски пол. Кај женските деца се забележува континуиран нагорен тренд, со исклучок во 2014 година, кога се осудени вкупно 16 девојчиња на возраст од 14 до 16 години, а највисока стапка е забележана во 2016 година – вкупно 29 девојчиња.

Од вкупниот број осудени деца на возраст од 14 до 16 години, во просек, на 24,2% им е изречена дисциплинска мерка, мерка на засилен надзор или заводска мерка. И тоа, во просек, најмногу се изречени мерки на засилен надзор од страна на родител/старател – 53,4%; потоа, во просек, изречени се 28,6% мерки на засилен надзор од страна на орган за старателство. Следува дисциплинската мерка укор – во просек, 11,9%. За жал, не е изречена ниту една мерка на засилен надзор од страна на друго семејство, со оглед на фактот што во Република Македонија тие не функционираат. Исто така, само во 2014 и во 2016 година се изречени по една дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар.

Што се однесува до заводските мерки, во просек, изречени се 4,5% упатување во воспитно-поправен дом и, во просек, 1,4% – упатување во воспитна установа.

Податоците се сумирани во табела 1.

**Табела 1. Осудени деца според полот, обидот и изречените кривични санкции**

| | Вкупно | | | | | Деца од 14 до 16 години | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | вкупно | | дисциплински мерки | | | | мерки на засилен надзор | | | | | | заводски мерки | | | |
| | сè | Индекс | жени | % | обид | | % | укор | % | дисциплински центар | % | родители-старатели | % | во друго семејство | % | орган за старателство | % | воспитна установа | % | воспитно-поправен дом | % |
| 2012 | 556 | 100 | 9 | 1,6 | 9 | 140 | 25,2 | 12 | 8,6 | - | | 85 | 60,7 | - | - | 36 | 25,7 | - | 0,0 | 7 | 5,0 |
| 2013 | 473 | 85 | 24 | 5,1 | 4 | 123 | 26,0 | 17 | 13,8 | - | | 67 | 54,5 | - | - | 33 | 26,8 | 2 | 1,6 | 4 | 3,3 |
| 2014 | 461 | 97 | 16 | 3,5 | 18 | 107 | 23,2 | 10 | 9,3 | 1 | 0,9 | 59 | 55,1 | - | - | 28 | 26,2 | 1 | 0,9 | 8 | 7,5 |
| 2015 | 348 | 75 | 22 | 6,3 | 9 | 73 | 21,0 | 14 | 19,2 | - | | 35 | 47,9 | - | - | 21 | 28,8 | - | 0,0 | 3 | 4,1 |
| 2016 | 468 | 134 | 29 | 6,2 | 4 | 119 | 25,4 | 10 | 8,4 | 1 | 0,8 | 58 | 48,7 | - | - | 42 | 35,3 | 5 | 4,2 | 3 | 2,5 |
| Средна вредност | 461,2 | | 20 | 4,5 | 8,8 | 112,4 | 24,2 | 12,6 | 11,9 | 0,4 | 0,6 | 60,8 | 53,4 | - | - | 32 | 28,6 | 2,7 | 1,4 | 5 | 4,5 |

Извор: Државен завод за статистика.

Во периодот 2012–2016 година, во просек, осудени се 348,8 деца на возраст од 16 до 18 години. Во просек, на 1,3% им е изречен затвор за деца, а на останатите, во просек, 98,7%, им е изречена воспитна мерка (дисциплинска мерка, мерка на засилен надзор или заводска мерка).

Најголем број од казните затвор за деца имаат траење до две години. По една казна затвор за деца во траење од две до три години се изречени во 2012 и во 2015 година, а една казна затвор за деца во траење од осум до десет години е изречена во 2016 година.

Од вкупниот број изречени воспитни мерки, најголем број се изречени мерки на засилен надзор од родители, посвоители, старатели (во просек, 47,9%) и мерки на засилен надзор од орган за старателство (во просек, 33,6%). И на децата од 16 до 18 години, исто така, не им е изречена ниту една мерка на засилен надзор од страна на друго семејство. Следува дисциплинската мерка укор, изречена, во просек, на 15,9% од осудените деца на возраст од 16 до 18 години, а не е изречена ниту една дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар со оглед на фактот што во Република Македонија не постои дисциплински центар.

**Табела 2. Осудени деца според занимањето на таткото / мајката и семејната состојба**

| | Вкупно | се | со родителите | со таткото – мајката е почината | Со таткото – родителите се одвоени | Со мајката – таткото е починат | Со мајката – родителите се одвоени | Се | Живее со други лица | | | | | Живее сам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | Со брачен другар | Со роднини | Со други лица | Во друго семејство | Во воспитно – казнена установа | |
| 2012 | 556 | 498 | 411 | 9 | 20 | 22 | 36 | 58 | 5 | 21 | - | - | 16 | 16 |
| 2013 | 473 | 431 | 373 | 4 | 11 | 16 | 27 | 42 | 9 | 14 | 1 | - | 13 | 5 |
| 2014 | 461 | 408 | 357 | 2 | 11 | 14 | 24 | 53 | 6 | 15 | 2 | 1 | 27 | 2 |
| 2015 | 348 | 334 | 293 | 5 | 13 | 6 | 17 | 14 | 1 | 1 | 3 | - | 6 | 3 |
| 2016 | 468 | 446 | 360 | 3 | 23 | 19 | 41 | 22 | 3 | 8 | - | - | 5 | 6 |

Извор: Државен завод за статистика.

Кога станува збор за заводските мерки, мерката упатување во воспитно-поправен дом е изречена на 2,6% (во просек), а упатување во воспитна установа, во просек, на 0,2%.

Податоците се анализирани во табела 2.

## Табела 3. Осудени деца и изречените кривични санкции

| | Деца од 16 до 18 години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | затвор за деца | | | | | | | | воспитни мерки | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | дисциплински мерки | | | | мерки на засилен надзор | | | | | | заводски мерки | | | |
| | Вкупно | сè | % | до 10 години | од 8 до 10 години | од 5 до 8 години | од 3 до 5 години | од 2 до 3 години | до 2 години | сè | % | укор | % | дисциплински центар | % | родители, посвоители, старатели | % | во друго семејство | % | орган за старателство | % | воспитна установа | % | воспитно-поправен дом | % |
| 2012 | 416 | 7 | 1,7 | - | - | - | 1 | 1 | 5 | 409 | 98,3 | 45 | 11,0 | - | - | 213 | 52,1 | - | - | 137 | 33,5 | 2 | 0,5 | 12 | 2,9 |
| 2013 | 350 | - | 0,0 | - | - | - | - | - | - | 350 | 100,0 | 63 | 18,0 | - | - | 154 | 44,0 | - | - | 127 | 36,3 | - | 0,0 | 6 | 1,7 |
| 2014 | 354 | 3 | 0,8 | - | - | - | - | - | 3 | 351 | 99,2 | 52 | 14,8 | - | - | 192 | 54,7 | - | - | 91 | 25,9 | 1 | 0,3 | 15 | 4,3 |
| 2015 | 275 | 8 | 2,9 | - | - | - | - | 1 | 7 | 267 | 97,1 | 65 | 24,3 | - | - | 111 | 41,6 | - | - | 83 | 31,1 | 1 | 0,4 | 7 | 2,6 |
| 2016 | 349 | 4 | 1,1 | - | 1 | - | - | - | 3 | 345 | 98,9 | 39 | 11,3 | - | - | 162 | 47,0 | - | - | 142 | 41,2 | - | 0,0 | 2 | 0,6 |
| Средна вредност | 348,8 | 4,4 | 1,3 | - | 0,2 | - | 0,2 | 0,4 | 3,6 | 344,4 | 98,7 | 52,8 | 15,9 | - | - | 166,4 | 47,9 | - | - | 116,0 | 33,6 | 0,8 | 0,2 | 8,4 | 2,4 |

Извор: Државен завод за статистика.

## Табела 4. Осудени деца според брачниот статус на родителите при раѓањето, семејната состојба и кривичното дело, 2016 година

| | вкупно | Кривични дела против | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Живот и тело | Слободите и правата на човекот и граѓанинот | Полова слобода и полов морал | Имот | Општата сигурност на луѓето и имотот | Безбедноста на јавниот сообраќај | Правниот сообраќај | Јавниот ред | ОСТАНАТИ ДЕЛА |
| **ВКУПНО** | 468 | 70 | 7 | 7 | 257 | 2 | 22 | 1 | 79 | 23 |
| Живее со родителите | 446 | 69 | 3 | 6 | 243 | 2 | 21 | 1 | 79 | 22 |
| Не живее со родителите | 22 | 1 | 4 | 1 | 14 | - | 1 | - | - | 1 |
| **БРАЧНО** | 409 | 66 | 6 | 6 | 222 | 2 | 15 | 1 | 70 | 21 |
| Живее со родителите | 395 | 65 | 3 | 6 | 213 | 2 | 15 | 1 | 70 | 20 |
| Не живее со родителите | 14 | 1 | 3 | - | 9 | - | - | - | - | 1 |
| **ВОНБРАЧНО** | 28 | 2 | 1 | 1 | 21 | - | 2 | - | 1 | - |
| Живее со родителите | 21 | 2 | - | - | 16 | - | 2 | - | 1 | - |
| Не живее со родителите | 7 | - | 1 | 1 | 5 | - | - | - | - | - |
| **НЕПОЗНАТО** | 31 | 2 | - | - | 14 | - | 5 | - | 8 | 2 |
| Живее со родителите | 30 | 2 | - | - | 14 | - | 4 | - | 8 | 2 |
| Не живее со родителите | 1 | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика.

### 4.1.2.2. КПУ Затвор Охрид

Согласно податоците од УИС со пресек 31.4., 31.8. и 31.12., во актуелната година, во периодот од 2012 до 2016 година, бројот на децата што издржувале казна затвор за деца во КПУ Затвор Охрид е како што следува. Се забележува драстичен пад на бројот на децата што издржувале казна затвор за деца во 2013 година, споредено со следните години. Имено, на 31.12.2012 година, во КПУ Затвор Охрид казна затвор за деца издржувале вкупно 20 деца, по што овој број драстично опаѓа. На 31.4.2013 година, казна затвор за деца издржувале 18 деца, на 31.8.2013 година – 14, а на 31.12.2013 година бројот изнесувал 9 деца. Следната година, бројот на деца изнесувал 9, 11, 8, следствено, со состојба 31.4., 31.8. и 31.12.2014 година. Во 2015 година, бројот на деца затвореници, следствено, е 10, 7, 8, а во 2016 година – 8, 9 и 8. Може да се констатира тренд на драстично намалување на бројот на казни затвор за деца по воведувањето на новиот концепт на малолетничка правда, а потоа правда за децата, а во годините што следуваат, бројот на деца што издржуваат казна затвор е речиси идентичен, односно изнесува 7-11 деца. Податоците се презентирани во табела 3.

**Табела 5. Број на осудени деца во КПУ Затвор Охрид, со состојба 31.4., 31.8. и 31.12. (2012–2016)**

| КПУ Затвор Охрид | 31.12.2012 | 31.4.2013 | 31.8.2013 | 31.12.2013 | 31.4.2014 | 31.8.2014 | 31.12.2014 | 31.4.2015 | 31.8.2015 | 31.12.2015 | 31.4.2016 | 31.8.2016 | 31.12.2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк. број осудени деца | 20 | 18 | 14 | 9 | 9 | 11 | 8 | 10 | 7 | 8 | 8 | 9 | 8 |

Извор: УИС.

## 4.1.2.3. ВПД Тетово
## А. Податоци за децата во ВПД

Според податоците на Управата за извршување санкции, со пресек 31.12., во актуелната година, со оглед на фактот што бројот варира, односно едни се примаат, а други се отпуштаат, во периодот од 2012 до 2016 година, бројот на штитеници што издржувале мерка упатување во ВПД Тетово е како што следува. Бројот на деца што издржувале мерка упатување во ВПД Тетово, во анализираниот број континуирано опаѓа. Во просек, во ВПД Тетово на 31.12., во тековната година, имало 23,4 штитеници, при што најголем број од нив се деца на возраст од 16 до 18 години, следуваат лицата на возраст 18-23 години, а најмалку имало деца на возраст од 14 до 16 години.

**Табела 6. Број на деца и лица до 23-годишна возраст што издржувале мерка упатување во воспитно-поправен дом во ВПД Тетово на 31.12., во тековната година**

| Возраст | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Од 14 до 16 години** | 8 | 4 | 2 | 3 | 0 | 3,4 |
| **Од 16 до 18 години** | 19 | 15 | 11 | 7 | 1 | 10,6 |
| **Од 18 до 23 години** | 13 | 17 | 6 | 3 | 8 | 9,4 |
| **Вкупно** | 40 | 36 | 19 | 13 | 9 | 23,4 |
| **Индекс** | 100 | 90 | 53 | 68 | 69 | |

Извор: Управа за извршување санкции.

**Графикон 1.**




Извор: УИС.

На следниот графикон е претставено процентуалното учество на различните возрасни групи на деца во ВПД со цел да се добие претстава за одделното учество на секоја од возрасните групи во вкупната популација на деца во ВПД, во периодот од 2012 до 2016 година.

**Графикон 2.**




Извор: УИС.

За подобро разбирање на структурата на детската популација во ВПД, на следниот графикон е претставен трендот на движење на учеството на одделните старосни групи деца во вкупната популација деца во ВПД.

**Графикон 3.**




Извор: УИС.

Од графиконот може да се забележи дека иако во текот на анализираниот период најзастапена е возрасната група деца од 16 до 18 години, таа има тренд на намалување, а возрасната група од 14 до 16 години, иако со мал процент на учество во вкупната детска популација во ВПД, бележи тренд на зголемување во 2015 година во однос на 2014 година, што води до заклучок дека децата се впуштаат во инкриминирани дејства на помала возраст.

## Б. Услови за извршување на ВПД

Условите за извршување на воспитната мерка упатување во ВПД може да се согледаат од извештаите на повеќе релевантни органи што дејствуваат на полето на заштита, помош и поддршка на децата и остварување на детските права во институциите.

**Извештај на Државниот совет за превенција на детско престапништво за 2015 година.** Во годишниот извештај на Државниот совет за превенција на детското престапништво за 2015 година, изнесени се сериозни забелешки во однос на состојбата со ВПД Тетово, и тоа во однос на следниве аспекти:

- **локација** – започнувајќи од 15.09.2015 година, децата штитеници на ВПД Тетово се преселени од Велес во Охрид, каде што се сместени во ист објект со децата во казнено-поправната установа Затвор за деца Охрид;
- **физичка издвоеност** – со ѕид во висина од околу два метри физички се одвоени децата од ВПД Тетово со тие од КПУ Затвор Охрид. Ѕидот спречува децата што издржуваат воспитна мерка да имаат каков било контакт со децата што издржуваат казна затвор за деца;
- **пополнетост и оцена на просторните капацитети** – ВПД има капацитет за 22 деца, а во моментот на посетата во 2015 година имало 21 дете (95% пополнетост). Објектот и просторот во него е мал и несоодветен за оваа категорија деца. Сместувањето на децата е на вториот кат од објектите во повеќе спални соби. Децата затвореници се сместени по двајца во соба, а во ВПД по четворица или шестмина. Локацијата на објектот не е соодветна бидејќи се наоѓа во центарот на градот и во нивна непосредна близина има станбени згради за живеење. Неопходно е целиот објект да се реновира и да се направи доопремување на просториите;
- **образовен процес** – децата не се вклучени во редовниот образовен систем. Иако се описменуваат преку пилот-проектот МАТРА, тие не може да се стекнат со свидетелство за завршено основно образование. Проблемите со невклученост во образовниот процес ги има истакнато и Народниот правобранител во повеќе наврати во годишните извештаи;

- **здравствена заштита** – на проблемите во однос на здравствената заштита на децата во ВПД Тетово, во времето кога таа била лоцирана во Велес, е укажувано од страна на Народниот правобранител уште во 2011 година (Годишен извештај на НП за 2011 година), особено во однос на упатување на децата на специјалистички здравствени прегледи. И членовите на Државниот совет за превенција на детското престапништво, при посетата во 2015 година во ВПД Тетово, сместен во КПУ Затвор Охрид, утврдиле дека здравствената заштита на децата не е на задоволително ниво и дека недостигаат финансиски средства за покривање на потребната медицинска терапија.

**Годишен извештај на Народниот правобранител за 2011 година**.[47] Во текот на 2011 година, НП постапувал по неколку предмети во однос на состојбата во ВПД, и наведени се следниве констатации:

- **просторни услови во ВПД** – малолетните лица во ВПД Тетово понатаму престојуваат во несоодветни услови;
- **здравствена заштита** – било укажувано на неопходноста за соодветна здравствена заштита со упатување на малолетниците на специјалистички здравствени прегледи. Укажувањата биле прифаќани од страна на затворскиот лекар, но од неколкуте посети на оваа установа, која била лоцирана во Велес, било констатирано дека условите за сместување се несоодветни и не се во согласност со законските и меѓународно прифатените стандарди за оваа категорија лица;
- **образовен процес** – образовниот процес во оваа установа не функционира, како и другите видови оспособување на малолетниците – активности без кои не може ниту да се очекува успех на планот на ресоцијализација на оваа категорија лица лишени од слобода.

---

[47] http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2011/Izvestaj%202011-MK.pdf.

**Годишен извештај на Народниот правобранител за 2012 година.**[48] Во 2012 година е спроведено истражување на Народниот правобранител за сексуална злоупотреба и експлоатација на женски, но и на машки деца. Генерален заклучок на истражувањето е дека децата на возраст од 14 до 16 години се најчести жртви на сексуална злоупотреба и сексуална експлоатација, а најизложени на ризик да станат жртви се децата без родители или без родителска грижа, односно запоставените деца, децата на улица, децата корисници на дрога, сиромашните деца и децата со воспитно-социјални проблеми што се надвор од образовниот систем. Според истражувањето на Народниот правобранител, женските деца се најчесто жртви на сексуална злоупотреба и експлоатација, но не е за занемарување и бројот на машки деца. Возрасната граница на жртвите е од 14 до 16 години, додека, пак, во помал број случаи, жртвите се на помала возраст, а најчесто се од македонска и од ромска националност со основно образование или без образование и потекнуваат од сиромашни, дисфункционални, конфликтни и социјално загрозени семејства, а мал дел и од семејства каде што има појава на семејно насилство. Неопходно е да се преземаат мерки за да се елиминираат или за да се намалат причините што доведуваат да се случува ваква злоупотреба и искористување на децата, како и превентивни, заштитни и рехабилитациони мерки со цел децата да живеат во добросостојба и да се почитува нивниот најдобар интерес без никаква дискриминација, како фундаментални и основни принципи за остварување и заштита на правата на секое дете.

**Годишен извештај на Народниот правобранител 2014.**[49] Народниот правобранител посебно внимание посветил на ВПД Тетово, лоциран во Велес, затоа што во неколку наврати во овој дом се случиле сексуални малтретирања на едни деца спрема други деца сместени во домот. Од разговорот на претставниците на Народниот правобранител со штитениците, тие изразиле незадоволство од односот и грижата на службените лица во домот, па во контекст на изнесеното, Народниот правобранител до Основното јавно

[48] http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2012/GI-2012.pdf.
[49] http://www.merc.org.mk/Files/Write/Documents/01180/mk/GI-2014.pdf.

обвинителство иницирал постапка за утврдување одговорност на раководителите на службата за обезбедување и на службата за ресоцијализација, која била прифатена и процесирана. Поради сознанијата за зачестени сексуални малтретирања меѓу децата во ВПД, Народниот правобранител при посетата укажал на следниве проблеми:

- загриженост за општите услови за сметување и функционалноста на установата – несоодветните услови за сместување;
- потреба за унапредување на превоспитниот процес – превоспитниот процес не ја исполнува целосната функција; постои недоволна екипираност со стручни лица (воспитувачи) во превоспитните служби;
- зголемена грижа за здравствената состојба на децата;
- отсуството на образовен процес кај децата;
- неорганизираното слободно време придонесува за нецелосна ресоцијализација на децата.

**Годишен извештај на Народниот правобранител 2015.**[50] Преместувањето на ВПД Тетово во КПУ Затвор Охрид било извршено со одлука на Министерството за правда. Во КПУ Затвор Охрид биле преземени соодветни мерки за негово безбедно и успешно функционирање за време на престојот на децата. Народниот правобранител согледал потреба за следново:

- неопходно е да се подобрат капацитетите за сместување во КПУ Затвор Охрид;
- во установата не е воспоставено редовно образование, што налага потреба од преземање итни мерки заради воспоставување редовно образование на децата со цел нивна ефикасна ресоцијализација.

**Посебен извештај на Народниот правобранител за условите во воспитно-поправен дом.**[51] Во посебниот извештај на

[50] http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2015/GI_2015-za_pecat.pdf.

[51] Посебен извештај на Народен правобранител за условите за извршување на воспитно-поправната мерка упатување во воспитно-поправен дом и степенот на остварувањето на правата на децата, http://ombudsman.mk/upload/Istrazuvanja/2016/Informacija%20VPD%20Tetovo-Ohrid-mk.pdf.

НП во однос на ВПД, се констатира дека тој од 14.9.2015 година функционира во објект во состав на КПУ Затвор Охрид. Во однос на состојбата, констатирано е следново:

- **пополнетост и оцена на просторните капацитети** – во моментот на посетата имало вкупно 18 штитеници, што претставувало 81% искористеност на просторот;
- **кадровска екипирност** – работел еден психолог и еден воспитувач, што ни оддалеку не ги задоволува потребните стандарди за успешен третман на децата;
- **образование и здравствена заштита** – проблемите со образованието продолжиле да постојат и во новиот објект каде што е сместен ВПД. Децата биле вклучени во процес на образование само во рамките на краткорочни проекти, без долгорочна одржливост на остварувањето на правото на образование;
- **контакт со осудени деца** – Народниот правобранител при посетата на објектот утврдил дека делот во кој се сместени децата со заводска мерка е во самиот објект каде што се сместени и осудени на казна затвор за деца, само на различни катови. Сепак, постоеле комуникација и контакт на децата со воспитна мерка и оние со казна затвор за деца. Дворот на КПУ Затвор Охрид е поделен на два дела со лимена ограда, еден дел од дворот е за децата од ВПД, а другиот за децата од затворот. Иако според надлежните во оваа установа се прават напори децата да се држат одвоени од другите лица, од увидот и од разговорот со децата се потврди дека комуникација и контактот меѓу децата и осудените лица не можат целосно да се спречат.

**Годишен извештај на Народниот правобранител 2016.**[52] НП покренал постапка по сопствена иницијатива за заштита на правата и интересите на дел од децата упатени на издржување воспитна мерка во ВПД Тетово сместен во КПУ Затвор Охрид откако утврдил дека во оваа установа има лица што станале полнолетни, а се без родители или без родителска грижа, а поради полнолетството, ЦСР не може да се јави во улога на старател. НП е загрижен бидејќи смета дека се реални очекувањата овие лица да не

[52] http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf.

покажат волја за подобрување на однесувањето додека се во установата заради нивно пуштање на слобода, бидејќи нема каде да се вратат и нема кој позитивно да влијае врз нивното идно однесување.

НП го свртува вниманието кон ваквата појава бидејќи ниту постои евиденција колку лица се во слична состојба, ниту има каков било план на активности и мерки за помош и поддршка на лица во вакви случаи.

**Годишен извештај на Народниот правобранител 2017.**[53] НП не воочил какви било промени во ВПД ниту во однос на условите (материјални, технички, кадровски), ниту во однос на остварувањето на правата на лицата лишени од слобода.

#### 4.1.2.4. ЈУ за деца со воспитно-социјални проблеми и со нарушено поведение

Согласно Законот за социјална заштита, институционалната заштита се врши во повеќе видови установи, од кои само две установи се релевантни за оваа анализа: установа за сместување деца и младинци со воспитно-социјални проблеми и установа за сместување деца и младинци со нарушено поведение.

Установата за сместување деца и младинци со воспитно-социјални проблеми згрижува деца на возраст од 7 до 18 години или до завршување на средното училиште. Нејзината задача е да врши прифаќање и краткотрајно згрижување деца, нивна опсервација и дијагностика на проблемите и ризиците, но и сместување, воспитание, образование и корективен третман на детето во зависност од неговите потреби. Сместувањето во оваа установа може да биде со времетраење до три години. Установата е должна да им обезбеди основно и средно образование на децата и младинците во соодветните установи за образование.

[53] http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2017/GI-2017.pdf.

Установата за сместување деца и младинци со нарушено поведение е наменета за деца на возраст од 10 до 18 години. Во установата се обезбедува згрижување, воспитание и основно образование на малолетни лица, а средното образование им го обезбедува во соодветни установи за образование. Во оваа установа се извршува воспитна мерка упатување во воспитна установа со решение на надлежен суд, а во согласност со прописите за извршување на санкциите.

До 2015 година, овие установи функционираа како одделни установи, а од 2015 година, двете установи прераснаа во една установа. ЈУ за згрижување и воспитување деца со воспитно-социјални проблеми работи како една институција со два оддели („25-ти Мај“ и „Ранка Милановиќ“).

### *Објект „25-ти Мај“*

**Извештај на Државниот совет за превенција на детско престапништво за 2015 година.** Државниот совет го посетил објектот и ги согледал следниве состојби:

- **пополнетост и просторни капацитети** – во објектот престојувале 32 деца на возраст од 7 до 18 години. Децата биле сместени во објект со приземје и два ката. Во приземниот дел биле сместени администрацијата, спортската сала, училници, кујна со трпезарија и простор за Црвениот крст, а сместувањето на вториот кат било организирано во двокреветни и трикреветни соби, со уреден санитарен јазол и туш-кабина;
- **кадровска екипираност** – во установата имало вкупно 32 вработени, од кои 12 биле стручни работници педагози, психолози и социјални работници;
- **образовен процес** – наставниот процес се одвивал во комбинирани паралелки од 1 до 9 одделение, а наставата ја изведувале наставници од ОУ„Живко Брајковски“, Скопје. Во домот имало 9 деца средношколци што учеле во средни училишта во Скопје.

Во **Годишниот извештај на Националниот превентивен механизам за 2015 година,**[54] во однос на состојбата со објектот „25-ти Мај“, се укажува на следново:

- **просторни капацитети** – собите биле добро опремени, со основните услови за сместување (кревет и орман за лични работи) и други материјални услови (столче, работна масичка и сл.). Просториите за сместување во женскиот дел биле опремени со по два до три кревети, со чиста и уредна постелнина, имало вградени големи прозорци од каде што влегувало доволно дневна светлина. Во установата имало две училници, од кои едната била за одделенска настава, а другата за предметна настава. Од извршениот увид во училишните простории било констатирано дека хигиената во нив не била на задоволително ниво, училниците не биле варосани, а во нив немало доволен број клупи. Во училниците имало поставени грејни тела, имало големи прозорци и доволен проток на дневна светлина. Во делот наменет за образовен процес била сместена и наставничката канцеларија;
- **кадровска екипираност** – вработени биле вкупно 31 лице, од кои 20 стручни лица, и тоа дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран правник и неколкумина предметни наставници. Воспитувачите работеле во три смени, и тоа: прва смена од 07:00 до 17:00 часот, втора смена од 13:00 до 20:00 часот и трета смена од 20:00 до 07:00 часот;
- **образование** – сите деца сместени во Установата биле вклучени во образовниот процес што се спроведувал од страна на основното училиште „Живко Брајковски“, Скопје, при што наставниците часовите ги одржувале во самата установа во која имало опремени училници. Средното образование се реализирало надвор од установата со вклучување во редовниот средношколски систем;

[54] https://www.ohchr.org/Documents/HRBodies/OPCAT/NPM/NPM_FormerMacedonia2015.pdf.

- **здравствена заштита** – тимот на НПМ го посетил и одделот за здравствена заштита, односно амбулантната соба, при што утврдил дека таа е опремена со работно биро и со компјутер. Во амбулантната просторија имало основни лекарства и медицински помагала. Во оваа просторија од страна на медицинската сестра се остварувале систематските прегледи на децата.

Според податоците од УНИЦЕФ,[55] заклучно со март 2017 година, во објектот „25-ти Мај“ биле сместени вкупно 26 деца со воспитно-социјални проблеми.

### *Објект „Ранка Милановиќ“*

**Извештај на Државниот совет за превенција на детско престапништво за 2015 година.** Државниот совет го посетил објектот и ги согледал следниве состојби:

- **пополнетост и просторни капацитети** – во моментот на посетата биле регистрирани 21 дете, а присутни биле само четири деца. Установата располагала со четири одделни објекти, од кои еден бил административно-прехранбен, еден објект бил исклучиво за сместување, еден објект имал сместувачко-училиштен простор и еден објект имал техничка намена, а во дворот имало уредени спортски терени. На сите објекти им недостасувало мало реновирање на внатрешниот дел (спални соби, занимални, училници и сл.);
- **кадровска екипираност** – во установата имало 28 вработени, од кои 10 лица биле стручен персонал;
- **образование** – едно дете било ученик во основно образование што го посетувал во установата, а другите три деца посетувале средно образование;
- **здравствена заштита** – само децата што биле упатени во установата од страна на центрите за социјална работа имале обезбедено здравствено осигурување, додека, пак, децата што

[55] Моделот на социјалните договори во Република Македонија прикажан преку анализа на ефективност на трошоците и анализа на корист и трошоци, Извештај, УНИЦЕФ, јуни 2017 година.

биле упатени со судско решение немале здравствено осигурување.

Во **Годишниот извештај на Националниот превентивен механизам за 2015 година,**[56] во однос на објектот „Ранка Милановиќ", укажано е на следново:

- **просторни капацитети** – сместувачкиот капацитет на Установата изнесувал 75 деца. Во моментот на посетата биле регистрирани 22 деца, од кои 5 деца од женски и 17 деца од машки пол. Од нив, 17 деца биле упатени во установата како резултат на изречена судска одлука, а 5 биле со воспитно-социјални проблеми. Во собите каде што биле сместени децата, хигиената била на задоволително ниво, иако во дел од нив се чувствувал мирис на влага, ѕидовите не биле варосани, во некои соби мебелот бил во лоша состојба, а имало и стара и дотраена постелнина. Тоалетите и бањите биле чисти, со топла вода, иако дел од санитариите не биле во функција. Училниците предвидени за одржување на наставата немале доволно технички услови за работа, средства за надзор, односно таблите биле стари и дотраени;
- **кадровска екипираност** – во установата имало вработено воспитувачи, еден психолог, еден педагог, еден социјален работник, благајник, правник, секретар, инструктор, готвач и 8 одделенски наставници ангажирани од страна на МОН;
- **образование** – образовниот процес се одвивал по наставна програма за редовните основни училишта, но со оглед на просечните интелектуални способности на децата, тие не можеле со успех да ја следат наставата;
- **здравствена заштита** – во установата не се остварувало правото на здравствена заштита, немало вработено медицинско лице и повеќето деца немале матичен лекар. Во установата, 4 деца биле корисници на наркотични средства, на кои установата им одобрувала отсуство поради лекување

---

56

https://www.ohchr.org/Documents/HRBodies/OPCAT/NPM/NPM_FormerMacedonia2015.pdf.

во соодветна установа за одвикнување и третман на корисници на наркотични средства.

Според податоците од УНИЦЕФ,[57] заклучно со март 2017 година, во објектот „Ранка Милановиќ" биле сместени вкупно 17 деца со нарушено поведение.

### 4.2. Малите групни домови како облик на социјална заштита

Малите групни домови, според Законот за социјалната заштита, се категоризирани како установи за вонинституционална социјална заштита што се остварува во, или преку ЦСР, односно како облик на институционална социјална заштита. Мал групен дом може да се основа како установа за социјална заштита, организационен дел на установа за социјална заштита или друго правно лице.

Право на живеење во мал групен дом има дете без родители или без родителска грижа, со воспитно-социјални проблеми, со пречки во менталниот или телесниот развој, лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини му е потребно сместувањето во мал групен дом. Во мал групен дом се сместува лице по направена процена на неговите потреби и по изготвен план и програма за индивидуална работа од страна на стручен тим во надлежниот центар за социјална работа.

Во малиот групен дом се сместуваат најмногу до десет лица од двата пола.

Грижата што им се дава на лицата треба да биде организирана така што ќе им обезбеди начин на живот најблизок до семејното живеење. Ваквиот приод предвидува помош за оспособување за самостојно живеење на корисниците, нивно вклучување во општествената заедница, одржување контакти со блиски сродници, во зависност од потребите на лицата што се сместени во малиот групен дом.

---

[57] Моделот на социјалните договори во Република Македонија прикажан преку анализа на ефективност на трошоците и анализа на корист и трошоци, Извештај, УНИЦЕФ, јуни 2017 година.

Со цел да се остварат вака поставените цели на грижата во малиот групен дом, пропишано е дека мал групен дом може да се основа во еден станбен објект во населено место.

Начинот, видот и бројот на стручните лице за давање на грижата за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење во мал групен дом, со акт ги утврдува министерот за труд и социјална политика. Овие аспекти се уредени со Правилникот за начинот, видот и бројот на стручните лица за давање грижа за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење во мал групен дом од 2009 година. Во мал групен дом се сместува лице по направена процена на неговите потреби и по изготвен план и програма за индивидуална работа од страна на стручен тим во надлежниот центар за социјална работа.

Во однос на кадровската екипираност, согласно Правилникот, во малиот групен дом треба да има најмалку петмина вработени за обезбедување непрекината 24-часовна грижа, од кои: три стручни лица (психолог, педагог или социјален работник); двајца негуватели и едно лице за подготвување храна.

Локацијата на малиот групен дом треба да биде во населено место, со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура, пристап до основните служби (центар за социјална работа, претшколски и училишни и здравствени институции), да има можности за прифаќање и интегрирање во заедницата и за остварување редовни контакти со родителите на сместеното лице. Околу објектот треба да има одредена површина со дворно место и изведен приод до објектот што овозможува непречен пристап за пешаци и за возила.

Во мал групен дом во кој се сместуваат деца и помлади полнолетници со воспитно-социјални проблеми, освен основните потреби на децата, а во соработка со надлежниот ЦСР, треба да се остварува процес на ресоцијализација и давање помош за оспособување на детето за самостоен живот по напуштањето на домот.

Во Република Македонија постојат три мали групни домови, и тоа:

- Мал групен дом за деца без родители и родителска грижа во Берово;
- Мал групен дом за деца во ризик во Кавадарци и
- Мал групен дом за деца без родителска грижа со посебни потреби во Битола.

## 4.3. Деинституционален третман

### 4.3.1. Карактеристики и цели на деинституционализацијата

Алтернативниот третман станува основен принцип на модерниот систем на малолетничка правда до таа мера што примената на судски институционални или слични мерки се ограничува само на случаите во кои заштитата на општеството налага нивно третирање во формална судска процедура. „Свртувањето“ на постапувањето со малолетникот кон вонсудски третман оди заедно со барањето неговата примена да биде во согласност со неговите права и формални гаранции, како што е правото на одбрана и фер и правично постапување.

Врз истата идеја во современите системи на детска заштита и правда за децата во однос на нивниот третман, доминантна станува определбата за деинституционализација и развивање форми на грижа, заштита и помош на децата надвор од институциите. Повеќе современи компаративни истражувања кон таквото барање приложуваат редица издржани аргументи. Според степенот на институционализацијата и природата на институционалниот третман, профилот на децата што се под третман (возраст и пол), основите за сместување во институции и квалитетот на институционалниот третман (број на персонал, воспитен процес, специјализирани служби итн.), државите се делат на: држави на Централна и Источна Европа и Југоисточна Европа, во кои доминира институционален третман, и Западна Европа, во која превладуваат алтернативи и вонинституционален третман (в. Gudbrandsson, (2008) 2). Притоа, во државите што целиот систем на заштита и правда за деца го потпираат врз институционален пристап постои вистинско шаренило од различни институции, неакредитирани и недоволно препознатливи на функционалната карта на остварувањето конзистентни политики, без минимални национални стандарди за грижа и заштита на децата итн. (ибид. 4). Таквите слабости се изразени како општа карактеристика особено во однос на третманот на деца во ризик, додека, пак, поминуциозно се уредени институциите за сместување деца во судир со законот. Постојат разлики и во централизацијата на функциите на институциите: во Русија, на пример, сите институции за деца, поделени во четири вида – воспитни, за деца без родителска грижа,

медицински, институции за социјална заштита (шалтери, дневни центри итн.) и непрофитни институции што згрижуваат и воспитуваат деца – се уредени со Семејниот законик и се под надзор на едно министерство. Во Словенија, наспроти тоа, постојат три типа резидуални институции – за деца со пречки, емоционално или бихејвиорални растројства и казнени институции – кои се во надлежност на различни министерства. Посебен пристап постои во Данска, во Финска и во другите скандинавски држави, во кои надлежност над резидуалните институции за деца имаат само локалните единици. Во Франција е воспоставен ефикасен систем на мониторинг, ставен во надлежност на државниот инспекторат за благосостојба, кој врши надзор над сите медико-социјални институции и го известува министерот за труд и здравство, а, исто така, засилена е и улогата на омбудсманот за деца.

Сознанието за негативните ефекти на институционалниот третман, кои, во прв ред, резултираат со издвојувањето на детето од семејството како негова најприродна средина за развој на личноста (познато е споредбеното истражување во Букурешт на групи деца сместени во институции и во семејства, кое покажува дури и психофизички и интелектуални деприваци на првата група), под влијание и на промените во системите на социјална заштита во развиените западни држави (најпрвин во САД), поттикнува општа тенденција за деинституционализација и за воведување алтернативи. Во поранешните социјалистички држави таа е нашироко прифатена, така што во повеќето од нив сместувањето во институции се сведува главно на деца со хендикеп што тешко може да се третираат во заедницата или во семејството. Со пристапување кон ЕУ на дел од нив започнува и комплетно затворање на институциите за сместување деца и нивно префрлање во нивните семејства или во згрижувачки семејства, согласно препораките на ЕУ (Чешка, Романија, Унгарија, Бугарија и др.).

Три клучни постулати претставуваат насока за поддршка на процесот на деинституционализација и алтернативи во социјалната политика и правдата за деца во Република Македонија.

Првиот, економски, налага креирање политики за економски недоволно развиените земји, како што е Република Македонија. Деинституционализацијата на третманот и враќањето на децата во

нивните семејства или во згрижувачки семејства се поврзани со редукцијата на сиромаштијата на семејствата (Children in Institutions, (2001),12).

Вториот има политичко значење и поаѓа од ставот дека во самата суштина на демократските процеси на општеството е одредувањето на односот меѓу децата и државата, но не преку патерналистичкото посредство на неговите родители, туку со негово признавање како автономен субјект, кој не смее да биде исклучен од семејството. Оттука, напуштањето на институциите е на линија на јакнење на граѓанството и демократијата во општеството (Crotti, Children in Institutions: The Beginnning of the End (2003), 8). Деинституционализацијата не се изразува само како формално напуштање на системот што сака да ја замени улогата на семејството, туку и како дел од колективниот и одржлив процес на културна трансформација на општеството способно да ги интегрира сите свои членови, а не да ги екстернира во институции врз основа на идејата за општествена одбрана од нивното поведение.

Третиот е државно-правен: мора да се применат универзалните норми и стандарди за правата на детето, од кои основно е правото на детето да живее во своето семејство или, ако тоа не постои, во најприродна средина што одговара на неговите потреби за развој на личноста и почитување и заштита на неговите слободи и права.

Овие постулати не оставаат простор за политичка арбитрарност од каков и да е вид, најмалку од аспект на должноста државата да ги смета овие барања како приоритетни и од финансиски и секој друг аспект.

Во однос на постулатот за деинституционализација, во Република Македонија од Министерството се иницирани одредени активности уште во 2000 година, со потпишувањето Меморандум за разбирање со Канцеларијата на УНИЦЕФ и со Светската здравствена организација, според кој нема да постои прием на нови корисници во установите за социјална заштита, а паралелно со тоа започна подготовката на дел од корисниците во Специјалниот завод – Демир Капија за нивно излегување од установата. Започнати се и активности за развивање на мрежата на згрижувачки семејства и за подигање на капацитетот на згрижувачките семејства и на формите на дневно згрижување на локално ниво со отворање на првите дневни центри за деца со интелектуална попреченост (Станојковска-Трајковска, Петров, (2017), 441). Како резултат на овие активности,

досега се отворени и функционираат 18 дневни центри за деца со интелектуална попреченост (в. Стратегија за деинституционализација 2008–2018). Основна слабост на Стратегијата е тоа што е неефективна и не ги дава посакуваните резултати: останати се речиси сите институции за сместување деца од пред нејзиното донесување, а не е проширен кругот на згрижувачки семејства или другите алтернативи на институциите.

### 4.3.2. Згрижувачките семејства како облик на деинституционален третман на деца

Згрижувачките семејства се користат во областа на социјалната заштита, но и во делот на правдата за деца во однос на децата на кои им е изречена воспитна мерка засилен надзор од згрижувачко семејство.

Согласно Законот за социјална заштита, згрижувачките семејства претставуваат облик на вонинституционална заштита. Во системот на социјалната заштита, заштитата на децата без родителска грижа се остварува низ повеќе форми: сместување деца кај близок сродник (старателство), посвојување, сместување во згрижувачко семејство и сместување во институција. Во згрижувачко семејство може да се смести лице во два случаи: ако лицето нема услови за живеење во своето семејство или ако од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство. Право на сместување има и:

- дете со воспитно-социјални проблеми (малтретирано, занемарено и социјално необезбедено дете);
- дете жртва на семејно насилство и
- дете сторител на кривично дело или прекршок.

Согласно ЗПД, засилен надзор од згрижувачко семејство претставува посебна воспитна мерка што може да му се изрече на дете над 14-годишна возраст за дејство што со закон е предвидено како кривично дело. Оваа воспитна мерка се изрекува во случај кога ќе се процени дека родителите на детето не се во можност да вршат надзор над него или ако тоа основано не може да се очекува од него. Во ваков случај, детето се предава на згрижувачко семејство што сака да го прими и што има можност да врши засилен надзор над

него. При изборот на воспитната мерка, судот секогаш ги зема предвид возраста на детето, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, наклоностите, побудите поради кои го сторило дејството, дотогашното воспитување, средината и околностите во кои живеело, тежината на стореното дејство, дали спрема него порано била изречена мерка итн.

Критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците што можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице се уредени со посебен правилник.[58]

За едно лице да добие својство на згрижувач, потребно е да ги исполнува следниве услови: да биде на возраст од 18 до 65 години, при што мора да се води сметка старосната граница меѓу детето и згрижувачот да не биде ни помала од 18 години, ни поголема од 50 години; да има завршено најмалку основно образование; да има уредна здравствена состојба, како тој, така и членовите на семејството (односно заедничкото домаќинство каде што ќе биде згрижено детето). Кога како згрижувач се јавува брачен пар, потребно е тие да имаат коректни партнерски односи. Ако згрижувачот има сопствени деца, особено е важна оцената на квалитетот на извршување на родителското право спрема сопствените деца. Особено се важни и материјалните услови, имено, да се остварува приход во семејството поголем од утврдениот износ на правото на социјална парична помош. Висината на социјалната парична помош (основица) за носителот на правото изнесува 2.871 денари, а за секој следен член на домаќинството, основицата се зголемува за коефициент 0,37, но најмногу до пет членови.[59] Важен критериум е и обезбедениот станбен простор на згрижувачот со просечна опременост.

---

[58] Службен Весник на РМ, бр. 15/2013.

[59] Висината на социјалната парична помош се усогласува со порастот на трошоците за живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. Во случај ако порастот на трошоците за живот за претходната година имаат негативен предзнак, не се врши усогласување на основицата. Правото на социјална парична помош се исплатува како разлика помеѓу утврдениот износ на социјалната парична помош и вкупните приходи по сите основи на сите членови на домаќинството. Повеќе на: http://www.mtsp.gov.mk/uslugi-ns_article-socijalna-paricna-pomosh.nspx.

Обврска на згрижувачот, освен основните животни потреби на детето, е да се грижи за неговиот развој, воспитание и образование.

Дете жртва на семејно насилство, дете со воспитно-социјални проблеми, дете сторител на кривично дело или прекршок може да се згрижи во згрижувачко семејство што поминало обука за згрижување вакви лица.

Во рамките на посебните Оперативни стандарди и процедури за постапување на ЦСР, посебно се разработени аспектите што се важни за сместување дете во згрижувачко семејство со решение на ЦСР.[60] Особено е важно прашањето за тоа кои се критериумите за процена, а меѓу нив спаѓаат: возраста на згрижувачите, степенот на образование, здравствената состојба, станбените услови, моралната подобност (подготвеност за згрижување, мотивите за згрижување, ставовите во однос на вршење на дејноста, структурата на личноста во поглед на личните ставови, способности, интереси и емоции); квалитетот на партнерските односи во поглед на меѓусебната комуникација, квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца; квалитетот на релациите со поширокото семејство и пошироката работна, воспитна и животна средина; начинот на живеење и активности во слободното време, како и видот и времетраењето на згрижувањето, согласно севкупните капацитети на семејството. ЦСР проценува дали згрижувачот има капацитети за каков вид згрижување (општо, специјализирано, интервентно и привремено).

Следниот чекор по процената е обука на згрижувачките семејства што ја спроведува стручен тим (социјален работник, педагог, психолог и правник).

Откако детето ќе се смести во згрижувачкото семејство, стручниот тим мора да ги следи детето и згрижувачкото семејство и да им дава поддршка. Следењето на почетокот опфаќа многу почести увиди во периодот на адаптација, а потоа еднаш месечно, согласно динамиката определена во Планот за индивидуална работа со корисникот. Поддршката на згрижувачките семејства се спроведува преку: увиди во семејството, увиди во училиште, процена на потребите на сместените корисници и на згрижувачкото

[60] http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/standardi%20%20FINAL.pdf.

семејство, користење дополнителни ресурси што ги имаат на локално ниво (здравствени и образовни установи, волонтери, НВО и сл.) и обезбедување разни донации.

**Надоместок за згрижувачките семејства.**[61] Згрижувачкото семејство има право на надоместок за трошоците за сместување на лицето и надоместок за згрижување. Надоместокот се разликува во зависност од категоријата деца што се згрижени, и тоа:

- 8.550,00 денари – за сместување во згрижувачко семејство на дете без родители и без родителска грижа;
- 9.870,00 денари – за сместување во згрижувачко семејство на дете со воспитно-социјални проблеми;
- 11.193,00 денари – за сместување во згрижувачко семејство на дете со нарушено општествено поведение.

**Анализа на згрижувачките семејства во РМ во 2018 година.**[62] Констатирано е дека бројот на згрижувачки семејства постојано расте, но не само бројот, туку постепено се шири и мрежата. Иако првите згрижувачки семејства биле концентрирани само во Скопје, сега постојат во повеќе градови: Прилеп, Македонски Брод, Крушево, Крива Паланка, Куманово, Велес, Битола, Кочани, Кичево, Кавадарци, Охрид и Пробиштип.

Регистрирани се вкупно 172 згрижувачки семејства во кои се сместени 341 корисник, од кои 302 се деца до 18-годишна возраст.

Анализата укажува на следните аспекти поврзани со структурата на згрижувачките семејства, имено:

- најголем број згрижувачи припаѓаат на возрасната група од 50 до 60 години;
- голем дел од згрижувачите имаат долг згрижувачки стаж;

---

[61] http://www.mtsp.gov.mk/voninstitucionalna-zashtita-56c8ab2d-ed7f-4dec-82b1-7b61a3ab4b9f-ns_article-zgrizuvacki-semejstva.nspx.

[62] file:///C:/Users/Gordana/Desktop/1.%20tekovni%20proekti%20novo%20juni%202018/2018%20proekt%20 MPD /MAJ-2018-ANALIZA-NA-ZGRIZUVACKI-SEMEJSTVA.pdf.

- поголем број од носителите на згрижувачко семејство имаат завршено основно образование;
- најголем број од згрижувачите се од македонска национална припадност;
- најголем број од носителите на згрижувачко семејство се невработени и
- сите носители на згрижувачко семејство ја имаат поминато задолжителната почетна обука што ја спроведува стручен тим од Центарот за социјална работа.

## ТРЕТ ДЕЛ

# II. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

### 1. Методолошка рамка на истражувањето

За реализацијата на истражувањето, тргнувајќи од целите на истражувањето и утврдениот предмет и содржина, применети се соодветни основни и посебни научноистражувачки методи.

Нормативниот метод е користен за анализа на позитивните правни норми. Извршена е анализа со користење на правно-аналитичкиот метод на различни извори на сознанија (извештаи за состојбите, стратегии и други документи, анкети итн.):

1) За пошироката област на човековите права, казненото право, правото на социјална заштита, детската правда и други области што се во допир со предметот на оваа анализа не постои изграден, верифициран и систематски поставен метод на следење на состојбите и евалуација на примената на законите, меѓународните норми и стандарди и политиките во нив.

2) Извештаите што ги подготвуваат државните органи и јавни институции во голема мера се опфатни и доволно информативни, но не се и најпрецизни во оцените и препораките и предлозите за надминување на неповолните состојби.

3) Кога во извештаите на надлежните институции, како што е Народниот правобранител за детските права, се даваат конкретни забелешки и мошне прецизни предлози, тие остануваат без одзив од други надлежни институции (Владата, министерствата, Собранието), кои алармирани од нив, согласно своите уставни должности, повикани се да ги преземат предложените мерки.

4) Извештаите, анализите и другите материјали на институциите, научната средина и различните граѓански асоцијации за детската правда премалку допираат до јавноста и не го добиваат

заслужениот третман на првокласен општествен интерес. Тоа се должи, од една страна, на недоволната упорност на надлежните институции да ја придобијат јавноста на страната на своите предлози, но, од друга страна, уште повеќе на проблемите што владеат во сферата на јавните медиуми, во кои преовладува интерес за политиката, како да е тоа единствен интерес на општеството, политиканство, политички игри и популизам, но и други девијации со кои погледите на јавноста се свртуваат кон други теми, поставени повисоко на виртуелно креираната хиерархија на интереси.

За потребите на истражувањето беа изготвени два прашалници:

- Прашалник за вработени во установи за сместување деца во ризик и деца во судир со законот, кој содржи 24 прашања и
- Прашалник за деца во ризик и за деца во судир со законот што се на извршување санкција во соодветна установа, кој содржи 26 прашања.

Тие се структурирани така што во првиот дел се прашањата што се однесуваат на демографски податоци, потоа се прашањата за стореното дело, санкцијата и третманот во установата (прашалникот за деца) и прашањата за условите за работа, сугестии за подобрување на третманот и сл. (Прашалник за вработени). Прашалниците се дадени во Анекс 1 и 2 во оваа анализа.

Во периодот од 1 до 30 април 2018 година беше остварена посета на установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија. Посетата ги опфати КПУ Затвор Охрид и ВПД Тетово сместен во КПУ Затвор Охрид.

При посетата на установите најпрво беа спроведени структурирани интервјуа со вработените, а потоа структурирани интервјуа со деца во ризик и деца во судир со законот. Спроведувањето на структурираните интервјуа со деца се спроведе без надзор од затворскиот персонал.

За анализа на податоците беше користен методот на анализа на содржината. Собраните емпириски податоци се интерпретирани

со спекулативен и логички пристап за суштината на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот.

Резултатите од ова истражување ја потврдија главната хипотеза, т.е. дека е потребно унапредување на неповолните состојби во институциите во кои се сместени деца. Генерално, истражувањето се потпира врз анализи и други извори на информации, наведени во прилогот, но и врз емпириско истражување спроведено по пат анкети, увид и непосредни разговори со одговорните лица во установите.

Покрај спроведеното емпириско истражување, во подготовката на анализата е користен аналитичко-синтетички метод. Тој поаѓа од методолошкиот постулат дека оценувањето дали некоја институција е добра не мора да се потпира врз она што е, или што е постигнато во одреден временски период, туку врз некоја повисока точка на набљудување и оценување од аспект на тоа што и како треба да биде според повисоки вредносни критериуми. Притоа, како критериум се земени меѓународните норми и стандарди за институционалниот третман на децата, компаративните согледби и „најдобрите практики“ во европските држави, принципите и решенијата содржани во Законот за правда за децата и практиката на неговата примена. Посебно се оценувани ставовите на одговорните лица во институциите за деца во однос на тоа што треба да биде подобрено во нивното функционирање.

Предмет на оценување се и определбите содржани во Стратегијата за деинституционализација, како и причините поради кои тој значаен документ не ги даде потребните резултати.

Финален заклучок: Дали Република Македонија е социјална, а со тоа и уставна држава? Анализата треба да даде одговор на тоа прашање преку тестот што за таквата уставна определба го наметнува функционирањето на институциите за деца.

## 2. Резултати од анкетата

Во рамките на проектот „Анализа на состојбата во установите за сметување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија“ беше спроведена редовна најавена посета во КПУ Затвор Охрид.

На 3.4.2018 година, заедно со психолог (член на Македонското пенолошко друштво), а во соработка со психолозите вработени во КПУ Затвор Охрид, проектниот тим спроведе разговор со децата затвореници во затворот и со воспитаниците од ВПД Тетово, кои во моментот на посетата беа сместени во истата установа. Разговорите беа вршени во согласност и по претходно одобрение од затворската управа, а спроведени беа во амбулантната просторија. На децата им беа доделени прашалници изготвени од психологот, соработник во МПД. Прашалниците беа анонимни за да се избегне чувството на страв и непријатност кај децата, со цел полесна и успешна комуникација. Во таа насока, а и поради големиот процент на неписменост кај децата, прашањата беа поставувани неформално, во вид на разговор.

## 2.1. КПУ Затвор Охрид

Првата група анкетирани лица се децата осудени на казна затвор. Казната затвор ја издржуваат вкупно девет лица на возраст од 18 до 22 години. Според националната припадност, тројца од затворениците се Роми, петмина Албанци и еден Турчин.



Во поглед на степенот на образование што го поседуваат лицата лишени од слобода, шестмина од нив имаат основно образование, од кои четворица го имаат стекнато во затворот преку програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), со што е овозможено реализирање на образовниот процес до март, при што во дипломата за завршено основно образование нема да пишува каде е стекната. Другите тројца имаат завршено основно образование во општината од која доаѓаат, но за време на издржување на казната во затворот, вонредно посетуваат средно образование.

Во однос на прашањето за нивната семејна состојба, повеќето од нив доаѓаат од повеќечлено семејство, со двајца родители.




Од разговорот со децата, дознавме дека имаат мал број организирани активности и слободното време го поминуваат почесто сами, со гледање телевизија, слушање музика, вежбање, работа во кујна и други активности.

Во делот на обезбедување податоци за тоа дали децата во судир со законот, кои во моментот ја издржуваат казната, претходно престојувале во друга установа (институција), како деца во ризик, 4 од нив одговорија дека извршувале воспитно-поправна мерка упатување во ВПД Тетово, а другите 5 првпат се сместени во установа од ваков вид. Овие лица се упатени на издржување казна затвор за деца за следните кривични дела: кражба, како најчесто

извршено кривично дело (петмина од затворениците), 3 убиства и 1 кривично дело криумчарење мигранти.




Минималните стандарди за услови за лишување од слобода на деца утврдуваат дека лицата лишени од слобода треба да се третираат со достоинство и почитување на нивните права, но, за жал, децата затвореници се изјаснија дека кон нив често се применува физичка сила од страна на затворската полиција, сместени се во супстандардни услови, кои може да претставуваат причина за нехумано постапување и немаат слободни активности, чијшто недостиг негативно влијае врз нивната ресоцијализација.



## 2.2. ВПД Тетово

Следно, анкетирани беа штитениците од ВПД Тетово, во моментот сместени во КПУ Затвор Охрид, поради реконструкција на домот. Мерката упатување во воспитно-поправен дом ја издржуваат вкупно 18 деца на возраст од 16 до 21 година. Прашалници им беа доделени на 17 од нив, затоа што едно од децата не беше вратено во установата од слободен викенд. Во поглед на националната припадност, 11 од воспитаниците се изјаснија како припадници на ромската националност, 3 се Албанци, 2 се Турци и 1 е Бошњак.




Добиените информации за степенот на образование се разочарувачки. Сите воспитаници имаат завршено само основно образование, од кои 3 го имаат стекнато надвор од установата, а другите во рамките на програмата (УНДП). Само едно од децата вонредно го завршува средното образование.




Во однос на семејната состојба на децата, одговорите покажуваат дека поголемиот дел од нив доаѓаат од повеќечлено семејство, со двајца родители, а тројца од нив се со еден родител.

Слободното време го поминуваат со гледање телевизија, слушање музика, шетање во дворот, вежбање, работа во кујна.

Добивме податоци дека 1/3 од испитаниците претходно престојувале во установи за деца со воспитно-социјални проблеми (ЈУ „Ранка Милановиќ“, Дом за деца без родители „11-ти Октомври“, ЈУ „25-ти Мај“, СОС Детско село). На овие лица им е изречена оваа мерка за кражби, кои се во најголем број, за разбојништво, тешка телесна повреда, обид за убиство, полов напад врз дете што не навршило 14 години и за неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори.




Потребно е дополнително, сериозно и засилено да се работи со децата во насока на успешно воспитување, превоспитување или подобрување на нарушеното поведение од страна на психолозите. Сметаме дека проактивниот пристап на овие лица е клучен за корективниот процес на децата. Поголемиот дел од нив се задоволни од постапувањето на двајцата психолози што работат со нив, но дел од нив открија дека не се достапни и расположени за разговор секогаш кога децата имаат потреба од тоа. Применета е физичка сила и несоодветен третман од страна на затворската полиција. Дел од вработените им давале голем број наредби на децата, со што им било прилично ограничено слободното време, а вршеле и тешка физичка работа. Воспитаниците се пожалија и на лошите материјални и нехигиенски услови во установата.




### 3. Резултати од анкетирањето на психолозите

При посетата, по претходно изработени прашалници, анкета им спроведовме и на членовите на психолошкиот тим во затворот. Од одговорите може да се заклучи дека имаат завршено голем број обуки, едукации и имаат посетено семинари од областа на форензичка психологија, менаџмент во затворите, безбедност во затворите, третман на деца во установите, со цел коректен и хуман однос кон децата и успешна ресоцијализација. За ефикасно превоспитување на децата, психолозите ги користат следните методи и средства при вршењето на своите обврски: индивидуални и групни разговори, советување, убедување, мотивирачко интервју, награда и казна и психодијагностични средства.

Психолозите ја потврдија лошата состојба во затворот, која го ограничува нивниот пристап кон успешно имплементирање на нивните стекнати вештини и знаење од оваа проблематика, за потребната помош на децата. Се пожалија дека нема доволен број просторни капацитети за работа, а има голем обем на работа. Земајќи предвид дека се само двајца, а има 27 деца, се пожалија и дека недостасуваат финансиски средства за реализација на

третманот на овие деца и изразија незадоволство за паричниот надоместок.

Кога ги прашавме за тоа какви се нивните очекувања за резултатите од превоспитувањето на децата и нивната адаптација во средината по излегување од установата, тие одговорија дека недоволната постпенална помош и недостигот на стратегија за децата што се враќаат во општествената заедницата се причина за неуспешна ресоцијализација на децата и за голем ризик од рецидивизам. Препораките што ги дадоа одат во насока на посовремен системски пристап, изработка на национална стратегија и поголеми финансиски средства.

## ЗАКЛУЧОЦИ

И покрај извршените измени во законодавството, по донесување на Законот за малолетничка правда во 2007 година и Законот за правда за децата од 2013 година, како и на законите во областа на детската заштита, не постои суштествен напредок во надминувањето на третманот на децата во ризик и децата во судир со законот како маргинализирана категорија. Слабата примена на законите, поради што нивниот третман останува под рамништето на меѓународните норми и стандарди за правата на децата, се должи, во прв ред, на недоволната институционална подготвеност за нивното спроведување, што одразува и неконзистентност на политиките на државата во нивното соодветно финансирање, кадровско екипирање и создавање други услови за соодветни мерки на превенција, институционален и вонинституционален третман.

Истражувањето го потврдува сознанието за постоењето длабок расчекор меѓу прокламираните политики, стратегиските и програмските документи, законите и нивната практична примена, која не демонстрира никаква потврда дека заштитата, воспитувањето и развојот на децата од овие категории претставува приоритетна цел на државата.

Наодите од овој истражувачки проект упатуваат и на неконзистентност и нехармонизираност на законите што се однесуваат на третманот на децата во ризик и децата во судир со законот, особено во смисла на неусогласеност со концептот на правда за децата, вграден во Законот за правда за децата. Слабите ефекти од нехармонизираните закони (за детска заштита, за семејство, за образование, за здравствена заштита и други) се продлабочени со недоволната координација меѓу министерствата во чија надлежност е нивната примена.

Таквата некоординираност како последица има и нееединствен пристап на институциите кон идентификувањето деца во ризик и

различно постапување при непостоењето единствени минимални стандарди.

Следна последица е префрлањето на тежиштето врз институционалниот третман, кој обезбедува барем минимална потврда за постоењето општествена грижа за овие категории деца, истовремено пасивизирајќи ги активностите за доследна примена на европските препораки за деинституционализација на третманот.

Истражувањето на ефектите на примената на институционалните мерки го потврдува сознанието дека превоспитниот процес за време на нивното траење во континуитет не ја исполнува целосната функција, и тоа поради повеќе релевантни околности: недоволната екипираност со стручни лица во превоспитните служби, хроничниот проблем со отсуството на образование, несоодветните услови за сместување и неорганизираното слободно време.

**ПРЕПОРАКИ:**

- Во насока на унапредување на системот на правда за децата, потребно е подобрување на условите за примена на институционалните мерки согласно меѓународните стандарди за правата на децата, особено заради остварување на законските обврски, додека се во установите, децата да стекнуваат образование, но и стручно оспособување за работење, стекнување вештини и оспособување, што ќе им помогне да бидат корисни членови на заедницата.
- Потребно е зајакнување на мултисекторскиот приод, присутен во сите држави, кој го остваруваат тимови составени од психолози, педагози, социјални работници, дефектолози, психијатри и сл. Составот на тимот е во зависност од потребите на детето и за што поуспешно спроведување на индивидуалниот план со мерки и активности.
- Кадарот во установите мора да биде подложен на континуирана, специјализирана и лиценцирана обука со која ќе се задоволат и домашните и меѓународните стандарди. Заради успех во спроведувањето на мерките, како нужност се наметнува континуираната обука на вработените во однос на правата на децата, меѓународните стандарди во оваа област, компаративните искуства, студиите на случај и сл. Недоволниот број стручни кадри и нивната несоодветна обученост водат кон несоодветен третман и отсуство на успех во реализацијата и извршувањето на различните санкции спрема децата.
- Постојат различни установи во кои истовремено престојуваат деца со воспитни проблеми, деца со нарушено поведение и деца што извршиле кривични дела. Неопходно е раздвојување на децата со воспитни проблеми од другите

категории деца во облици на посебно колективно домување, надвор од класичните установи за деца.

- Важна препорака е воспитните установи во креирањето и во реализацијата на индивидуалните планови да ги вклучат родителите на малолетникот со цел развивање поквалитетни семејни односи и санирање на постојните семејни проблеми.
- Во повеќето држави е напреднат процесот на деинистутуционализација на децата и измена на нормативните документи со кои би требало да се регулира процесот на трансформација на установите за социјална заштита. За да се оствари процесот на деинституционализација, воочено е дека е неопходно да се развиваат услуги на локално ниво и развој на алтернативните облици на социјална заштита. Овие цели може да се остварат преку зајакнување на семејството, поддршка на младите што ги напуштаат установите (постпенална помош), вклучување на приватниот и невладиниот сектор во кругот на субјекти што ќе даваат услуги и сл.

Како идни чекори се наметнува потребата за:

- Развивање програми на постпенална помош за децата и малолетниците;
- Доследно остварувањето на правото на образование на детето додека е во установата;
- Обезбедување соодветна здравствена заштита на малолетникот и негово здравствено осигурување;
- Разработување програми за работа со лица за пробација и зависници од алкохол или дроги;
- Вклучување волонтери од непосредната заедница што ќе му бидат од помош на детето;
- Соодветно вклучување на родителите на децата во процесот на извршување на санкцијата;
- Развивање различни форми на вонинституционален третман преку дневните центри, чија функција мора да биде фиксирана и обезбедена во финансиска и кадровска смисла

со закон, и типови третман во „групни семејства“ од приближно 6-8 деца на кои им е потреба медицинска помош и заштита или кои треба да ја напуштат институцијата за деца и да се подготват за живот со семејството;

- Проширување на надлежноста на пробациската служба, со интервенција во Законот за пробација, за спроведување на мерките на надзор, помош и заштита на слобода;
- Во Законот за социјална заштита, создавање основи за широка примена на мерките на надзор во семејството, во згрижувачко семејство и во центрите за социјална работа и обезбедување финансиски средства за примена на тие мерки;
- Воспоставување надворешен мониторинг над надлежните министерства и јавните институции во спроведувањето на мерките на грижа и помош на децата (со засилување на надлежноста на омбудсманот и на државниот и општинските совети за превенција);
- Во буџетот да бидат обезбедени средства за поддршка на здруженија на граѓани што учествуваат во креирањето на политиките на национално и на локално ниво, давање услуги и вршење мониторинг над политиките и институциите, со поттикнување на младите да учествуваат во работата на тие здруженија;
- Зајакнување на улогата на Државниот совет за превенција од детско престапништво и на улогата на Народниот правобранител;
- Со Законот за локална самоуправа, формирање совети за превенција во сите единици на локалната самоуправа и обезбедување финансиски средства за нивните активности;
- Неопходно е преземање итни мерки за воспоставување редовно образование за децата и соодветна здравствена заштита;
- Во однос на згрижувачките семејства, потребно е подигнување на квалитетот на процесот на обука и лиценцирање на згрижувачките семејства, проширување на

мрежата и специјализирање на згрижувачките семејства за деца со воспитна мерка (нарушено поведение);

- Потребно е отворање специјализирани студии за работа со деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение и малолетни сторители на кривични дела по примерот на Факултетот за дефектологија на Универзитет во Белград, каде што има група за студии што добиваат звање специјален педагог.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Анализа на положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда, UNICEF, Второ издание, Скопје, с.а.

Арнаудовски, д-р Љупчо, Нанев, м-р Лазар, Малолетнички казнен законик, Предлог нацрт-текст, Кавадарци, 2001 година.

Арнаудовски, д-р Љупчо, Вонзаводските воспитни мерки во југословенското кривично право, Скопје, 1969 година.

Böhm, Dr.Alexander, Feuerhelm, Dr.Wolfgang, (2004): Einführung in das Jugendstrafrechtm 4.Aufl., München.

Cavadino, Michael and Dignan, James, The Penal System, An Introduction, Second Ed., London 1997.

Children in Institutions. International Development Cooperation.

Children in Institutions: The Beginning of the End? The cases of Italy, Spain, Argentina, Chile and Uruguay, Innocenti Research Centre, Innocenti Insight, UNICEF Siena 2003.

Compendium of UN Standards and Norms in Crime Prevention and Criminal Justice, New York 1992.

Council of Europe. Committee of Ministers, Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe on child friendly justice (Adopted by the Committee of Ministers on 17 November 2010 at the 1098th meeting of the Ministers' Deputies) 1098th meeting – 17 November 2010.

Covekovi prava, Temelni dokumenti, Skopje 1998.

Crow, Graham, (2002): Social solidarities: theories, identities, and social change, Buckingham fewer.

Dünkel,F, Zur Entwicklung von Mindestgrundsätzen der Vereinten Nationen zum Schutze inhaftierter Jugendlicher, ZStW 1998/2.

Grafl, Christian, Diversion in Austria: Empirical Data, European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, 2001/9/4.

Heuyer, Georges, La délinquance juvénile, Etude psychiatrique, Paris 1969.

International Review of Criminal Policy 1998-1999, Nos.49 and 50: The UN and Juvenile Justice: A Guide to International Standards and Best Practice, UN. New York 1999 Jašović, dr Žarko, Kriminologija.

International Review of Criminal Policy, Special double volume on juvenile justice in international perspective, UN, New York 1990.
Jessberger, dr Florian und Kress, dr Claus, Diskussionsbeitrдge der Strafrechtslehrertagung 2001 in Passau, ZStW 2001/4.
Jugendgerichtsgesetz 1988 (Oesterreich),www.sbg.ac.at; Jugendgerichtsgesetz- JGG (germanski) 1953, www.datenschutz-berlin.de
Juvenile Delinquency, Edited by Joseph Roucek, New York 1958.
Kaufmann, Hilde, Jugendstrafrechtsreform de lege lata?, Fesschrift f. H. Welzel, Berlin 1974.
Löschnig-Gspandl, Marianne, Diversion in Austria:Legal Aspects, European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, 2001/9/4.
Latvia, Lithuania, Romania, Bosnia and Herzegovand fahe European Structural Fund and the
Lopez-Rey, 1, Les jeunes et la criminalité dans la société contemporaine et la société future, RSC 1980/2.
Maleczky, dr Oskar, Oesterreichisches Jugendstrafrecht, 3 Aufl., Wien 2001.
Ministry for Foreign Affairs Sweden, Ödeshög, Sweden 2001.
Препорака Бр.(87)20 на Комитетот на министрите на СЕ за социјалната реакција на малолетничката делинквенција, http://cm.coe.int/ta/rec/1987/87r20.htm
Rights of Children in Institutions Report on the implementation of the Council of Europe Recommendation Rec(2005)5 on the rights of children living in residential institutions by Bragi GUĐBRANDSSON General Director of the Government Agency for Child Protection, Iceland © Council of Europe, August 2008.
Rubin, Sol, Crime and Juvenile Delinquency, A Rational Approach to Penal Problems, New York 1970.
Smit, Aleksander, Vinter, Renate, Model na Zakon za maloletni~ka pravda, Centar za prevencija na kriminalot na OON, Viena 2003.
UN Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency-Riyadh Guidelines, Publications of DCI 1995.
UN Rules for the Protection of Juveniles Deprived of their Liberty, Publications of DCI 1995.
UN Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice- Beijing Rules, Publications of Defence for Children International (DCI)1995.

Van der Laan, dr Peter H., New Ways of Dealing with Juvenile Delinquency, International Association of Youth and Family Judges and Magistrates, Chronicle 2003/2.
Walgrave, Lode, and Mehlbye, Jill, Confronting Youth in Europe-Juvenile Crime and Juvenile Justic, http://www.akf.dk/eng98/juvenile.htm
Walter, dr Michael, Die Krise der Jugend und die Antwort des Strafrechts, ZStW 2001/4.
Wilde, Lawrence, (2007): The Concept of Solidarity: Emerging from the Theoretical Shadows?, The British Journal of Politics and Internatinal Relations, Vol.9.
Youth, Crime and Justice, Working paper prepared by the Secretariat, Seventh UN Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders, Milan 1985, A/Conf.121/7.
Валтер, Михаел, Малолетничка делинквенција, Скопје 2011.
Димовска, Аница, (2016): Децата и младите во ризик во Република Македонија – Рамноправни членови на социјалната држава или категорија за креирање фиктивни политики? Скопје.
Камбовски, Владо, Велкова, Татјана, Малолетничка правда, Скопје, 2008 година.
Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија: Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита во Република Македонија (2008–2018), Скопје 2007 година.
Станојковска-Трајковска, Наташа, Петров, Ристо, (2017): Деца со посебни образовни потреби сместени во згрижувачки семејства во Република Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје.

**Анекс 1**
**ПРАШАЛНИК 1**

**(прашалникот е анонимен)**

Установа (институција)

....................................................

....................................................

1. Име и презиме, бр.: ........................................................................

2. Датум на раѓање: ........................................................................

3. Место на раѓање: .........................................................................

4. Националност: ........................................................................

5. Кој степен на образование го поседувате? .........................................................................

6. Дали тука посетувате некое училиште?

А. Да

Б. Не

Ако одговорот е да, кое?

.........................................................................

7. Дали имате родители?

А. Да

Б. Не

В. Само еден, кој ..............................................

Г. Разведени се, живеам со ..............................

8. Какво образование имаат Вашите родители?

А. Немаат никакво образование

Б. Основно

В. Средно

Г. Високо

9. Дали имате сестри и браќа?
А. Да

Б. Не

В. Колку ...............................................................................

10.Каде живеевте пред да дојдете во установата (институцијата)?
..............................................................................................

11.Кој Ве смести во установата?

А. На предлог на моите родители, Центарот за социјална работа

Б. Центарот за социјална работа

В. Судот

12.Дали претходно сте престојувале во друга установа (институција)?

А. Да, во која ..........................................................................

Б. Не

13.Која е причината за сместување во установата (институцијата)?
.................................................................................................

14.Колку долго престојувате тука?
.................................................................................................

15.Дали би го повториле делото или однесувањето поради кое сте сместени тука?

А. Да

Б. Не

16.Дали Ви се допаѓа престојот тука?

А. Да.

- Зошто ми се допаѓа ..........................................................................................

..........................................................................................

Б. Не.

- Зошто не ми се допаѓа ..........................................................................................

..........................................................................................

17.Со кого најмногу се дружите во установата? ..........................................................................................

18.Како го поминувате Вашето слободно време? ..........................................................................................

19.Кој од воспитачите (или од другиот персонал) најмногу Ви се допаѓа и зошто? ..........................................................................................

..........................................................................................

20.Кој од воспитачите (или од другиот персонал) најмалку Ви се допаѓа и зошто? ..........................................................................................

..........................................................................................

21.Дали сакате да одите дома?

А. Да

Б. Не

Г. Ако не, зошто? ...............................................................................................

22.Дали некој од најблиските Ве посетува?

А. Да, кој ................................................................................................

Б. Не

23.Дали имате каде да одите кога имате слободен викенд или одмор?

А. Имам

Б. Немам

24.Што сакате да бидете кога ќе заминете оттука? ...............................................................................................

25.Дали сте наградувани за време на престојот тука?

А. Да, поради ................................................................................................

Б. Не

26.Дали сте казнувани за време на престојот тука?

А. Да, поради ..............................................................................................

Б. Не

**Анекс 2**
**ПРАШАЛНИК 2**
**(Прашалникот е анонимен)**

Установа (институција)
..........................................................
..........................................................

1. Име и презиме:
..................................................................

2. Датум на раѓање:
..................................................................

3. Место на раѓање:
..................................................................

4. Националност:
..................................................................

5. Завршено образование (наведи):
..................................................................

6. Завршени едукации, семинари и сл. (наведи):
..........................................................................................................

7. Според Вашето мислење, дали нешто Ви недостасува од областа во која работите (семинари, обуки...), наведете:
..........................................................................................................
..........................................................................................................

8. Вкупен работен стаж:
..................................................................

9. Вкупен работен стаж во оваа установа (институција):
..................................................................

10. Дали сте задоволни од условите за работа, заокружете:
1 2 3 4 5
Лоши Одлични

11.Ако одговоривте со „лоши“, на кое работно место би сакале да работите:
..........................................................................................

12.Дали би го промениле работното место?
..........................................................................................

13.Дали ја сакате работата со оваа категорија деца?

А. Да, ја сакам
Б. Не ја сакам

14.Кој е најголемиот проблем што го имате на работното место?
............................................................................................

15.Дали сте задоволни од личниот доход?

А. Да, задоволен сум
Б. Не сум задоволен

16.Колкав треба да биде личниот доход, имајќи ги предвид тежината и одговорноста на вашата работа?
............................................................................................

17.Дали сте наградувани за Вашата работа?

А. Да
Б. Не

18.Дали сте казнувани за Вашата работа?

А. Да
Б. Не

19.Кога би се самооцениле, која оценка би ја дале за себе како стручен работник?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Лош | | | | Одличен |

20.Што мислите за перспективите (иднината) на Вашите штитеници (воспитаници)?
...........................................................................................................

21.Дали во вашата установа има некаков образовен процес или курс за работно оспособување?

А. Има, кој ...............................................................................................

Б. Нема

22.На кој начин сметате дека може да им се помогне?
..............................................................................................

23.Дали во Вашата установа (институција) има деца што се категоризирани?

А. Да, има
Б. Не, нема

24.Дали тие посетуваат специјални паралелки?

А. Да
Б. Не

25.Со кои средства и методи се служите при вршењето на Вашите работни обврски?
...........................................................................................................
...........................................................................................................

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

www.msp.mk


---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.811/.815:343.91-053.2/.6(497.7)(047.31)
343.811/.815:316.624.3-053.2/.6(497.7)(047.31)
343.811/.815:343.91-053.2/.6(497)(047.31)
343.811/.815:316.624.3-053.2/.6(497)(047.31)\\ .

АНАЛИЗА на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија / Владо Камбовски ... [и др.]. - Скопје : Македонско пенолошко друштво, 2018. - 156 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Владо Камбовски, Гордана Лажетиќ, Лазар Нанев, Александра Груевска - Дракулевски, Крсте Маљановски, Елена Мујоска Трпевска. - Библиографија: стр. 143-145. - Содржи и: Анекс

ISBN 978-608-245-329-3
1. Камбовски, Владо [автор] 2. Лажетиќ, Гордана [автор] 3. Нанев, Лазар [автор] 4. Груевска - Дракулевски, Александра [автор] 5. Маљановски, Крсте [автор] 6. Мујоска Трпевска, Елена [автор]
а) Деца во ризик и деца во судир со законот - Установи за сместување - Македонија - Истражувања б) Деца во ризик и деца во судир со законот - Установи за сместување - Балкан - Компаративни истражувања
COBISS.MK-ID 108180746

---